Република Северна Македонија

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Republika e Maqedonisë së Veriut

Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave

ГОДИШЕН ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИЗВЕШТАЈ

2020 ГОДИНА

2021 година

ПРЕДГОВОР

Почитувани,

Пред Вас е Годишниот земјоделски извештај на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, публикација која содржи анализа на состојбите во земјоделството и руралниот развој во 2020 година, преземените активности за спроведување на политиките во претходната година, како и тековните политики за развој на земјоделството и рурален развој.

Извештајот се состои од дваесет и едно поглавје во кои се претставени политиките на развој на земјоделството и руралните средини, прилагодувањето кон Европската унија и меѓународната соработка, како и хоризонталните и административно-контролните прашања. Воедно, даден е осврт на макро економската состојба во Република Северна Македонија со фокус на земјоделско-прехранбениот сектор, вредноста на земјоделското производство, остварените производствени резултати по потсектори, вклучувајќи го и органското производство, трговијата со земјоделско-прехранбени производи, рибарството и ловството, одржливо управување со природни ресурси, како и образование, наука и трансфер на знаење.

При изготвувањето на извештајот користени се повеќе извори на податоци, пред сè извештаи изработени од секторите и управите во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, релевантни податоци од базите и регистрите кои се водат во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Управата за хидрометеоролошки работи, Државен инспекторат за земјоделство, Државен инспекторат за шумарство и ловство, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството и Агенцијата за храна и ветеринарство, како и статистички податоци од Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија.

Се надевам дека Годишниот земјоделски извештај за 2020 година ќе продолжи да биде корисна референца и ќе наиде на широка употреба како во државата така и надвор од државата.

Со почит,
Заменик Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство

Трајан Димковски

PARATHËNIE

Të nderuar,

Para jush është Raporti Vjetor Bujqësor i Ministrisë së Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave, publikim që përmban një analizë të situatës në bujqësi dhe në zhvillimin rural për vitin

2020, pra përmban aktivitetet e ndërmarra për zbatimin e politikave në vitin e kaluar, si dhe politikat aktuale për zhvillimin bujqësor dhe zhvillimin rural.

Raporti përbëhet prej njëzet e një kapitujve, që paraqesin politikat e zhvillimit bujqësor dhe rural, paraqesin politikat për përshtatje me Bashkimin Evropian dhe bashkëpunimin ndërkombëtar, si dhe me çështjet e kontrollit horizontal dhe administrativ. Në të njëjtën kohë, është shqyrtuar situata makroekonomike në Republikën e Maqedonisë së Veriut me fokus në sektorin agro-ushqimor, në vlerat e prodhimit bujqësor, në rezultatet e arritura të prodhimit sipas nënsektorëve, duke përfshirë edhe prodhimin organik, tregtinë me produktet agro-ushqimore, peshkatarinë e gjuetinë, në menaxhimin e burimeve natyrore, si dhe në arsim, shkencë dhe transferim të njohurive.

Gjatë përgatitjes së raportit, janë shfrytëzuar disa burime të të dhënave, kryesisht nga raportet e përgatitura nga sektorët dhe administratat brenda Ministrisë së Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave, gjithashtu janë shfrytëzuar të dhëna përkatëse nga bazat e të dhënave dhe regjistrat e mbajtur në Ministrinë e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave, Drejtoriën për Çështje Hidrometeorologjike, Inspektoratin Shtetëror për Bujqësi, Pylltari dhe Gjueti, Agjencinë për Përkrahje Financiare në Bujqësi dhe Zhvillim Rural, Agjencinë për Nxitjen e Zhvillimit Bujqësor dhe Agjencinë për Ushqim dhe Veterinari, si dhe të dhëna statistikore nga Enti Shtetëror i Statistikave në Maqedoninë e Veriut.

Shpresoj që Raporti Vjetor Bujqësor për vitin 2020 do të vazhdojë të jetë referencë e dobishme dhe do të gjejë përdorim të gjërë si në vend, ashtu edhe jashtë tij.

Me respekt,

Zëvendës Ministri i Bujqësisë,
Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave

Trajan Dimkovski

Содржина

1. Политики на развој на земјоделството и руралните средини 5
2. Формирање и поддршка на земјоделски задруги 12
3. ИПАРД Програма 2014-2020.....125
4. ЕУ Интеративен процес и меѓународна соработка 22
5. Земјоделски пазари и трговија со земјоделско-прехранбени производи 23
6. Меѓународна соработка 30
7. Општи карактеристики на Република Северна Македонија со осврт на земјоделско-прехранбениот сектор 33
8. Вредност на производството на земјоделскиот сектор 34
9. Земјоделско производство 35
10. Сточарско производство 54
11. Органско земјоделско производство 62
12. Рибарство..... 63
13. Агенција за храна и ветеринарство..... 56

14. Фитосанитарна политика 58
15. Управа за семе и саден материјал..... 59
16. Државен Инспекторат за Земјоделство 68
17. Шумарство – Сектор за шумарство и ловство..... 70
18. Управа за водостопанство.....73
19. Управа за хидрометеоролошки работи.....77
20. Образование, наука и трансфер на знаење..... 81
21. Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството (АПРЗ)..... 83

1. Политики на развој на земјоделството и руралните средини

Земјоделството (заедно со шумарството и рибарството) е третиот најголем економски сектор по секторот на услуги и индустријата во Република Северна Македонија.
Во следниот среднорочен период, македонскиот земјоделско-прехрамбен сектор и релевантните институции, по своите перформанси, организација и развој треба значително да се приближат кон нивото определено со стандардите дефинирани во регулативите од Заедничката земјоделска политика (ЗЗП) на Европската Унија (ЕУ) кои во процесот на пристапување кон ЕУ претставуваат најтешко и најсложено поглавје од преговарачкиот процес. Следејќи ги националните интереси, реалните состојби и потребите во секторот, реформите кои ќе се имплементираат преку три главни области: реформи на политиката, институционални реформи и реформи на правната регулатива, ќе ја имаат предвид и потребата за ублажување на негативните ефекти со кои ќе се соочи дел од земјоделското и рурално население во текот на интензивниот процес на прилагодување кон сложените европски стандарди.

1.1. Цели и мерки на политиките на развој на земјоделството и руралните средини

Во рамките на Националната стратегија за земјоделство и рурален развој 2021-2027, истакнати се следните цели и мерки на политиките на развој на земјоделството и руралните средини:
1. Подобрување на конкурентноста на земјоделско-прехрамбениот сектор, економската одржливост и приходот на земјоделските стопанства,
2. Примена на еколошки практики во производството кои водат кон намалување на влијанието на климатските промени и прилагодување кон истите и
3. Обезбедување на одржлив развој на руралните средини.
Овие цели ќе бидат надополнети со хоризонталната цел за модернизација на секторот преку поттикнување и споделување на знаење, иновации и дигитализација во земјоделството и руралните области и охрабрување на нивното прифаќање од страна на земјоделците и другите учесници во секторот.

1.2. Политика за земјоделство и рурален развој

Остварувањето на поставените стратешки цели ќе се постигне преку таргетирани интервенции на земјоделската политика во девет специфични области кои се преставени како специфични цели. Специфичните цели, односно областите на интервенција на политиките за периодот 2021-2027 година се дадени во Табела 1, каде е презентирана и поврзаноста помеѓу нив и трите главни цели на стратегијата.

Табела 1: Преглед на стратешки и специфични цели на НСЗРР 2021-2027 година

Стратешки цели	Специфични цели
Подобрување на конкурентноста на земјоделскиот сектор, економската одржливост и приходот на земјоделските стопанства	Поддршка на одржливиот приход на земјоделските стопанства заради нивен придонес кон подобрување на сигурноста во обезбедувањето на доволно храна
	Зајакнување на пазарната ориентацијата и зголемување на конкурентноста, со особен фокус на истражувањето, технологијата и дигитализацијата
	Подобрување на положбата на земјоделците во синџирот на додадена вредност на земјоделски производи
Примена на еколошки практики во производството кои водат кон намалување на влијанието на климатските промении	Придонес кон ублажување на климатските промени и прилагодување кон истите, како и поголема примена на одржливата енергија
	Поттикнување на одржлив развој и ефикасно управување со природните ресурси како што се вода, почва и воздух

прилагодување кон истите	Придонес кон заштита на биодиверзитетот, подобрување на услугите на екосистемот и зачувување на природните живеалишта и пределите
Обезбедување на одржлив развој на руралните средини	Привлекување на млади земјоделци и олеснување на развојот на бизнисите во руралните средини
	Промовирање на вработување, раст, социјална вклученост и локален развој во руралните средини, вклучително и био-економија и одржливо шумарство
	Подобрување на одговорот на земјоделството кон барањата на општеството за здравствените аспекти на храната, вклучувајќи ги безбедноста, нутритивниот состав и одржливоста на храната, храна која завршува како отпад, како и благосостојбата на животните

Типовите на интервенции во форма на директни плаќања кои ќе се имплементираат во следниот период генерално може да се поделат на две поголеми групи плаќања и тоа: производно-поврзани и производно-неповрзани плаќања. Во групата на производно-неврзани директни плаќања кои за прв пат ќе бидат воведени во политиката на директни плаќања и треба постепено да го зголемуваат своето учество, спаѓаат следниве форми:

- Основна поддршка на приходот за одржливост,
- Дополнителна поддршка за прераспределба на приходот за одржливост и дополнителна поддршка на приходите за млади земјоделци и
- Шеми за поддршка во полза на климата и животната средина (еко шеми).

Политиката на уредување на пазарите за следниот стратешки период ќе биде презентирана во рамките на следните неколку подрачја:

- Внатрешен пазар,
- Шеми за помош,
- Мерките за исклучителни ситуации,
- Шеми за квалитет на земјоделските производи
- Промоција на македонското земјоделско производство и
- Надворешна трговија.

1.3. Политика за поддршка на руралниот развој

Во следниот стратешки период мерките и инструментите на политиката на рурален развој ќе бидат насочени во следните области.

-Заштита и подобрување на животната средина, зачувување на природните ресурси и прилагодување и ублажување на ефектите од климатските промени.

Јасна стратегија и политика за управување со природните ресурси се клучни за одржливо управување со животната средина и за долгорочен и стабилен економски раст. Соодветна рамка за политика и програми за поттикнување придонесуваат за поголема отчетност и порационално користење на природните ресурси, како и поактивно учество во спроведувањето на активностите поврзани со еколошките проблеми. Одговорност на државата е да обезбеди воспоставување соодветни законски рамки, механизми за спроведување и мерки за поттикнување и да обезбеди дека тие се кохерентни со меѓународните обврски. Во оваа смисла, стратегијата посветува особено внимание на реформите што треба да се спроведат со цел да се промовираат одржливи земјоделски практики (агроеколошки мерки, шумарство, интегрирано управување со природните ресурси, интегрирана заштита на растенијата, плодност на почвата, одржливо управување со водите, органско земјоделство), силно спроведување на законите за спречување на загадување, зачувување на земјиштето и водата, контрола на неселективна пренамена на земјоделско земјиште за други намени, заштита на шумите и областите со природни богатства со висока вредност.

Во насока на таргетирање на наведените секторски потреби во следниот период ќе бидат поддржани следниве видови на интервенции:
-Поддршка на одржлива употреба на земјоделско земјиште за:
• Воведување на принципите на добра земјоделска и хигиенска пракса при вршење на земјоделска дејност и постигнување на стандардите пропишаните во националното законодавство,
• Помош за зачувување на руралните предели и нивните традиционални карактеристики преку задржување на традиционалните производни методи на одредени култури, надомест на трошоци за ангажирани вработени во традиционалното сточарство.
- одржување на висински пасишта и ливади и поддршка на традиционалното овчарство и
• Помош за зачувување на генетската разновидност на автохтони земјоделски растенија и автохтони раси на добиток, за одгледување и размножување на автохтони видови растенија и раси на добиток и активносги за воспоставување, следење и анализирање на состојбите со автохтоните земјоделски растенија и автохтоните раси на добиток и обезбедување на задолжителни генетски резерви.
-Воведување и одржување на органското производство;
-Поддршка на одржлива употреба на шумско земјиште, преку:
• Пошумување на земјоделско земјиште околу шумско земјиште, во национални паркови, во ерозивни подрачја и покрај речен брег,
• Одгледување на шумите со примена на повисоки стандарди за заштита на животната средина и
• Обновување на шумите и воведување на мерки за заштита на шумите.
-Воведување на активности за зачувување на почвата (техники на обработување за да се спречи ерозија на почвата, зелена покривка, покривка од слама и шталско ѓубре);
-Воведување на активности за зачувување на природните живеалишта на животните значајни за биодиверзитетот (оставање на зимски стрништа, адаптирање на периодите за косење);
-Поддршка за одржување на пределските карактеристики (камени ѕидови, тераси, меѓи) и
-Поддршка за зачувување на пасишта (ограничување на стапката на густина на животните според капацитетите) и создавање на пасишта (вклучително и конверзија на обработливо земјиште во пасиште).

Агроеколошките мерки ќе се финансираат преку Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој, до моментот на акредитација агроеколошките мерки од страна на Европската Комисија за финансирање преку ИПАРД Програмата.
Мерките за рурален развој ги придружуваат и се комплементарни на мерките на директна поддршка (пазарни политики и поддршка на приходот од земјоделска активност) и се надоврзуваат на досегашната поддршка за рурален развој обезбедена преку годишните програми за рурален развој.
Од аспект на ИПАРД Програмата 2014-2020 се поддржуваат инвестиции за производство на енергија од обновливи извори, додека инвестициите кои придонесуваат кон енергетска ефикасност, производство и користење на био-енергија, третман на отпад и отпадни води и третман на арско ѓубре имаат зголемена стапка на ко-финасирање од +10%.

1.4.Проценка на влијанието на поддршката на перформансите на земјоделските стопанства

Поддршката дадена во текот на периодот 2014 - 2020 година има значително влијание врз развојот на структурата на стопанствата, односно на окрупнувањето на стопанствата. Така, просечната големина на поддржаните стопанства во однос на користеното земјиште е за 25%, додека нивната економска големина за 5% поголема споредено со оние стопанства кои не се корисници на субвенциите. Просечната големина на стопанствата сепак останува многу пониска од просекот на ЕУ14 поради што има потреба од понатамошни интервенции на политиките од различен тип.

Вкупното производство на поддржаните стопанства е за 13% повисоко од производството на останатите. Погледнато по подсектори, поддршката поттикнува позитивен развој кај сите подсектори со различен интензитет, но генерално е поефикасна кај сточарскиот сектор во однос на поддршката на растителното производство. Ефикасноста на директните плаќања во растителното производство се проценува на 1,2 (односно, еден денар поддршка создава 1,2 денари оутпут), истата во сточарскиот сектор изнесува 2,16, а највисока е во говедарството каде зголемувањето на вредноста на производството предизвикано од 1 денар поддршка е 3,25 единици. Главната причина зад овие резултати е поголемата специјализираност на стопанствата во секторот сточарство отколку во растителното производство каде што стопанствата се претежно мешани. Поголемата вредноста на производството на поддржуваните стопанства по подсектори се движи од 37% кај млекото до 71% кај свинското месо.
Во однос на нето приходот, проценките покажуваат дека земјоделските стопанства со субвенции имаат за 28% поголем приход од оние без. Како и кај другите индикатори и овде, претприемачкиот приход на стопанствата заостанува многу зад просекот на ЕУ од 14.129 евра по стопанство наспроти 713 евра во земјата.

1.5.Директните плаќања како поддршка на приходот на земјоделците

Најголем дел од вкупните средства за финансиска поддршка согласно Програмите за финансиска поддршка во земјоделството се алоцирани и исплатени за политиките на директни плаќања како поддршка на приходот на земјоделците. Во периодот 2014-2019 година за директните плаќања се исплатени 38.377 милиони евра, односно 84% во просек од вкупниот износ на сите мерки на државна поддршка на земјоделството и руралниот развој. Просечниот годишен исплатен износ е околу 6.396,2 милиони евра во период 2014-2019 година.
Најголемо учество во вкупниот износ имаат директните плаќања наменети за растителното производство кои во периодот 2014-2019 година изнесуваат 60,2% од вкупниот износ исплатен за овие политики. На сточарското производство отпаѓа 33,5%, потоа следат мерките за дополнителни директни плаќања (државна помош) со 6,3%.

Табела 2: Преглед на исплатени финансиски средства по програми за период 2014-2019 година, во милиони денари

Програми / Исплатени средства во милиони денари	2014	2015	2016	2017	2018	2019	2020
Програма за финансиска поддршка во земјоделството	6.427	6.309	5.486	6.327	6.752	7.078	4.851
растително производство	4.265	3.797	2.812	3.648	4.174	4.378	2.460
сточарско производство	1.869	2.086	2.105	2.447	2.118	2.246	2.022
мерки за дополнителна поддршка (државна помош)	293	426	569	232	460	454	359
Програма за финансиска поддршка на руралниот развој	1.012	1.146	1.657	1.322	1.128	826	1.763
мерки за финансиска поддршка за рурален развој	966	1.011	1.537	1.224	1.036	727	1.691,4
техничка поддршка	46	135	120	98	92	99	71,6
Програма за финансиска поддршка на рибарството и аквакултурата	48	42	20	21	16	26	46
Вкупна поддршка за секторот	7.487	7.497	7.163	7.670	7.896	7.930	6.660

Извор: АФПЗРР, 2021 година

Согласно податоци од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој според половата структура на носителите на земјоделски стопанства кои оствариле право на финансиска поддршка жените се застапени со 21%, а мажите со 79%.

Структура на евидентирани земјоделски стопанства кои имаат остварено право на финансиска поддршка согласно Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година

Во 2020 година вкупно 94.747 земјоделски стопанства пријавиле вкупна обработлива површина од околу 135.250 ха. Од нив 55.035 земјоделски стопанства пријавиле производство на едногодишни култури на површина од околу 91.801 хектари, а 39.712 земјоделски стопанства пријавиле повеќегодишно култури на површина од 43.449 ха.

Култура	**Број на земјоделски стопанства**	**Површина во ха**	**% бр. Земј.стопан.**	**% површина**
Едногодишни	55.035	91.801	58%	68%
Повеќегодишни	39.712	43.449	42%	32%
Вкупно	94.747	135.250	100%	100%

Извор: АФПЗРР, 2021 година

Структура на земјоделски стопанства
според пријавена површина во 2020 година

Големина на земјоделско стопанство	пријавена обработлива површина во ха
Под 2 ха,	34.945,3
2-4,9 ха,	28.450,6
5-9,9 ха	12.330,0
10-19,9 ха	9.564,6
20-29,9 ха	5.113,8
30-49,9 ха	5.565,8
50-99,9 ха	4.564,6
Над 100 ха	34.961,1



Во Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој во 2020 година се пријавени вкупно 23.734 земјоделски стопанства кои одгледуваат добиток. Во табелата можат да се видат видовите на добиток кои ги одгледуваат:

вид на животни	број животни	број на земјоделски стопанства	% учество на бројот земјоделски стопанства
ГОВЕДА	133.220	11.350	47,8%
ОВЦИ	661.765	3.436	14,5%
КОЗИ	61.361	2.024	8,5%

МАТОРИЦИ	13.741	1.027	4,3%
ЗАКЛАНИ ГОЕНИЦИ	198.125	165	0,7%
ПЧЕЛНИ СЕМЕЈСТВА	302.112	5.732	24,2%

Извор: АФПЗРР, 2021 година

Најголемиот број на земјоделски стопанства, односно 47,8% од вкупно пријавените се занимаваат со говедарство, 24,2% се занимаваат со пчеларство, 14,5% со овчарство, 8,5% со козарство и 4,3% со свињарство.

1.6. Програма за користење на средства од ЕУ Инструментот за претпристапна помош за земјоделство и рурален развој за 2014-2020 година-ИПАРД II:

Со Програмата за користење на средства од ЕУ Инструментот за претпристапна помош за земјоделство и рурален развој за 2014-2020 година-ИПАРД II („Службен весник на РМ" бр.177 од 22.09.2016 година) се утврдени следните 5 мерки:
1. Инвестиции во материјални средства на земјоделски стопанства
2. Инвестиции во материјални средства за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи
3. Инвестиции во рурална јавна инфраструктура
4. Диверзификација на фармите и развој на бизниси и
5. Техничка помош.
Целите на оваа програма се преку развој на човечкиот и физички капитал да се подобри безбедноста на храната и способноста на земјоделско-прехранбениот сектор за справување со конкуренцијата на пазарот, како и постепено усогласување на секторот со стандардите на Европска Унија, особено оние кои се однесуваат на хигиената и животната средина а во насока на постигнување на рамномерен територијален развој на руралните средини преку следните приоритети:
-Подобрување на одржливоста и конкурентноста на екосистемите зависни од земјоделството и преработката на храна;
-Обновување, зачувување и подобрување на екосистемите зависни од земјоделството и шумарството;
-Промовирање на рамномерен територијален развој и развој на руралните средини и
-Трансфер на знаење и иновации во областа на земјоделството, шумарството и руралниот развој.

1.7.Програма за финансиска поддршка на руралниот развој за 2020 година

Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) и Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) објавуваат јавни повици во јавните гласила во Република Северна Македонија на која аплицираат заинтересираните физички лица и правни субјекти, а интензитетот на поддршката е во согласност со Законот за земјоделство и рурален развој и подзаконските акти. Интензитетот на финансиската поддршка се движи од 50-100% од прифатливите трошоци по корисник.
Во 2020 година преку АФПЗРР објавени се следните јавни повици: за мерка 113-склучени се вкупно 266 договори во вкупна сума од 1.188.000,00 денари и за мерка 121-примени беа 6 барања за исплата во износ од 1 милион денари, за мерка 124 –исплатен износ од 4.283.722,00 денари, за мерка 214-5.994.400,00 денари и за техничка поддршка во земјоделството и руралниот развој 71.676.510,00 денари.

Вкупната реализација на Програмата за финансиска поддршка во руралниот развој за 2020 година е во износ од 1.763.127.914,00 денари или 94,60%.

1.8.Програма за финансиска поддршка на рибарството и аквакултурата за 2020

Во 2020 година преку АФПЗРР објавени се следните јавни повици: за мерка 1, за мерка 2.1., за мерка 2 потточка 2.2. и потточка 1.6.
Согласно Програмата за финансиска поддршка на рибарството и аквакултурата за 2020 година до крајот на 2020 година беа реализирани средства во износ од 46.271.431,00 денари што претставува околу 66% од планираниот вкупен износ од 70 милиони денари.

1.9. Пристап до финансии во земјоделството и руралниот развој

Пристапот до финансии во земјоделството и руралниот развој е претставен преку помош за кредити за инвестиции кои се финансирани од инструментот за претпристапна помош во земјоделството и руралниот развој од Европската унија и кредити од банките и штедилниците наменети за земјоделство.
Олеснувањето на пристапот до финансии во земјоделството и руралниот развој се обезбедува преку субвенционирање на каматна стапка која обезбедува финансирање, финансиски придонес и поделба на кредитниот ризик во смисла на намалувањето на каматната стапка на кредити наменети за земјоделство и рурален развој како примарно земјоделско производство, преработка на земјоделски производи и трговија на земјоделски производи. За таа цел во програмата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој предвидена е мерка „Субвенционирање на каматна стапка" која започна да се спроведува во 2016 година. Оваа мерка е наменета за кредити кои имаат годишна каматна стапка во висина до 8% на годишно ниво, за период до 10 години, за инвестиции кои се финансирани од инструментот за претпристапна помош во земјоделството и руралниот развој од Европската унија и истите не се повисоки од 500.000 евра. Помошта е во висина од 50% од висината на каматната стапка на годишно ниво, но може да биде и повисока доколку инвестицијата е во подрачја со ограничени можности за земјоделско производство (60%), 65% од прифатливите инвестициски трошоци во подрачја со ограничени можности за земјоделско производство кога носителот на инвестицијата е млад земјоделец, 55% во останатите подрачја кога носителот на инвестицијата е млад земјоделец, 75% во недостапни рурални заедници и 60% доколку инвестицијата придонесува за заштита и унапредување на животната средина, подобрување на хигиенските услови и благосостојба на животните на земјоделското стопанство. За оваа мерка во 2020 година беа предвидени 15.000.000 денари.
Кредитирањето во земјоделството и руралниот развој во Република Македонија се врши преку банки и штедилници. Со цел да се добијат информации за достапноста до кредити за земјоделство и вкупно пласирани кредити во земјоделството се бараат податоци од банките и штедилните. Треба да се земе предвид дека податоците од извештаите од финансиските институции не ја покажуваат реалната слика за кредитирање во земјоделството од повеќе причини, меѓу кои и фактот дека постојат апликанти кои земените кредити ги користат за земјоделство иако не наведуваат дека се за таа намена.

Недоволната искористеност на кредитите наменети за земјоделство се меѓу другото и поради високите каматни стапки, неможноста за обезбедување на хипотека особено доколку имотот е во рурална средина и сл. Работењето на банките и штедилниците во 2020 година поврзано со кредитирање на земјоделството и руралниот развој е врзано со користење на финансиски средства од државни и од сопствени извори на финансирање.

Вкупните кредитни пласмани за 2020 година се прикажани во Табела 3.

Табела 3. Вкупно кредитни пласмани за 2020 година изразени во денари

Институција	Примарно производство во земјоделството	Преработувачки капацитети во земјоделството	Трговија на земјоделски производи	Вкупно во денари
SILKROAD Банка	2.819.257,00	6.460.000,00	1.766.016,00	11.045.273,00
Халк Банка	513.499.849,00	470.237.994,00	791.570.201,00	1.775.308.044,00

Комерцијална Банка АД Скопје	285.426.534,00	1.801.323.034,00	626.834.389,00	2.713.583.957,00
Капитал Банка	15.550.000,00	18.400.000,00	0,00	33.950.000,00
Развојна банка на С. Македонија	10.904.000,00	30.750.000,00	0,00	41.654.000,00
НЛБ Тутунска Банка	144.894.456,00	1.240.608.649,00	2.138.854.212,00	3.524.357.317,00
Про Кредит Банка	872.591.210,00	851.815.884,00	576.020.940,00	2.300.428.034,00
Централна Кооперативна Банка	10.610.000,00	3.690.000,00	17.070.000,00	31.370.000,00
ТТК БАНКА АД Скопје	20.400.000,00	0,00	0,00	20.400.000,00
Уни Банка	40.096.734,00	4.197.345,00	9.612.975,00	53.907.054,00
Стопанска Банка АД Скопје	607.691.131,00	3.397.970.015,00	883.501.113,00	4.889.162.259,00
Штедилница Можности	182.185.253,00	0,00	0,00	182.185.253,00
Штедилница Фулм	16.036.000,00	0,00	0,00	16.036.000,00
Вкупно денари	2.722.704.424,00	7.825.452.921,00	5.045.229.846,00	15.593.387.191,00

Извор: Извештаи на банките и штедилниците за кредитни пласмани во земјоделството и руралниот развој во 3 сектори (примарно земјоделско производство, преработка на земјоделски производи и трговија со земјоделски производи)

Вкупно пласирани средства по сектори за 2020 година изразено во проценти, а пресметано на основа на податоците од Табела 3 е прикажано во Графикон 1.

Графикон 1: Вкупно пласирани средства по сектори за 2020 година



Извор: Пресметки на МЗШВ, Одделение за кредитирање и финансиски инженеринг во земјоделството и руралниот развој

Според податоците од Графикон 1, може да се каже дека 50% од вкупно пласираните кредити влече секторот преработувачки капацитети во земјоделството, 32% секторот трговија на земјоделски производи и односно 18% секторот примарно земјоделско производство.

2. Формирање и поддршка на земјоделски задруги

Формирањето на земјоделски задруги претставува можност за развој на земјоделските стопанства, кои преку поттикнување на економско здружување во земјоделски задруги, со заеднички настап во производството, продажбата и пласманот на своите производи, се постигнува зајакнување на нивната пазарна улога, зголемување на конкурентноста и ефикасноста во работењето и зголемување на индивидуалниот приход на земјоделецот.
Во регистарот на земјоделски задруги во периодот 2013-2020 година се запишани 61 земјоделски задруги, од кои 6 се од голем обем, 55 се од мал обем, со вкупен капацитет од околу 1 570 хектари обработлива површина, 6 300 пчелни семејства, 920 грла говеда, 600 кози и 12 200 овци. Вкупниот број земјоделски стопанства здружени во задруги е околу 660.

Табела 4: Запишани земјоделски задруги во регистарот по години

Година	2013	2014	2015	2016	2017	2018	2019	2020
Број на запишани земјоделски задруги	7	11	9	10	2	2	13	7

Извор: Регистар на земјоделски задруги при МЗШВ

Активностите за поддршка на здружувањето на земјоделците во земјоделски задруги се содржани во мерката „Економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење земјоделска дејност" од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој. Така за 2020 година за мерката беа предвидени финансиски средства во висина од 10.000.000 денари за поддршка за инвестиции за следните намени:

- помош за основање и функционирање на земјоделски задруги;
- инвестиции за примена на заеднички производни практики за усогласување на стандардите за квалитетот на земјоделските производи или за производство на земјоделски производи со повисок квалитети и
- организирање на информативни и промотивни активности за земјоделски производи.

Поддршката од националниот буџет се исплаќа на два начина, 100% враќање на трошоците за управување и 90% кофинансиран износ за набавка на механизација.

Поддршка на здружувањето на земјоделците во земјоделски задруги се содржи и во тековното спроведување на проектот „Поддршка за развој на земјоделските задруги".

Во текот на 2020 година изготвено е измена и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој со кои се уредува работењето и функционирањето на земјоделските задруги, вклучувајќи и подзаконски акти.

Постоечките земјоделски задруги се релативно слаби за правилно да ја спроведуваат својата функција. Важно е да се зајакнат со цел да се зајакне конкурентноста на земјоделството. Главно се занимаваат со набавка на репроматеријали, а мал дел од нив го собираат и продаваат производот од членовите, кој вообичаено директно се продава на откупувачите од секој член посебно, поради што сѐ уште имаат мал удел во земјоделското производство околу 1% од вкупното земјоделско производство.

Земјоделските задруги претставуваат еден од столбовите за модернизација на пазарот и подготовка на земјата за развој на Организациите на производители според моделот на ЕУ, што ќе доведе до подобрување на структурата на ланецот за снабдување со земјоделски производи.

Потребно е да се постигне посилна хоризонтална координација помеѓу субјектите што се вклучени во секторот за производство на храна преку зголемување на нивото на организација во Организациите на производители и други форми на здружување, истовремено подобрувајќи ја соработката на земјоделско-прехранбените производители со партнерите во производството, преработката и дистрибуцијата, со акцент на развој на квалитетни производи и модерен (дигитален) маркетинг.

Земјоделските задруги во следниот период треба да го спроведуваат концептот на „зелено" земјоделство како логичен и природен начин на извршување на нивните земјоделски активности. Во прифаќањето и спроведувањето на агроеколошкиот пристап во земјоделската активност земјоделските задруги ќе бидат поддржани од страна на државните земјоделски политики преку мерките од земјоделските политики.

3. ИПАРД Програма 2014-2020

ИПАРД Програмата 2014-2020 е донесена со Одлука на Комисијата бр. C(2015) 760 на 13.02.2015 година.

Индикативните максимални износи на придонесот на Европската унија за спроведување на ИПАРД Програмата во рамките на ИПА II се утврдени како што следува:

Година	2014	2015	2016	2017	2018	2019	2020
Вкупно	5.000.000	5.000.000	5.000.000	6.000.000	10.000.000	14.000.000	15.000.000

ИПАРД Програмата 2014-2020 обезбедува поддршка преку пет мерки (четири од нив се акредитирани во претходниот програмски период):

- Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства - Мерка 1,
- Инвестиции во основни средства за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи - Мерка 3,
- Инвестиции во рурална јавна инфраструктура - Мерка 5 (доверување на правото за користење на мерката сè уште не е остварено),
- Диверзификација на фарми и развој на бизниси - Мерка 7,
- Техничка помош - Мерка 9.

Имплементацијата на Програмата започна во април 2017 година. До крајот на 2020 година, објавени се шест јавни повици, некои од нив за различни мерки на ИПАРД:

- Јавен повик 01/2017 за доставување на барања според мерките 1, 3 и 7;
- Јавен повик 01/2018 за доставување барања за мерка 3,
- Јавен повик 02/2018 за доставување барања за мерка 1
- Јавен повик 01/2019 за доставување на барања за мерка 7,
- Јавен повик 02/2019 за доставување барања за мерка 3,
- Јавен повик 01/2020 за доставување барања за мерка 1.

Имајќи предвид голем број одобрени проекти и имајќи го предвид времето и средствата што остануваат за реализација на Програмата, се планира објавување на уште еден јавен повик за Мерката 7 во 2021 година.

ИПАРД барања по јавен повик:

Број на јавен повик	Поднесени барања	ЕУ придонес (€)	Одобрени барања	ЕУ придонес (€)	Исплатени барања	ЕУ придонес (€)
01/2017	1.648	72.329.985	899	16.099.845	859	11.139.357
01/2018	65	15.306.651	38	6.700.036	25	1.929.367
02/2018	1.099	18.335.969	640	6.319.986	400	1.272.017
01/2019	261	43.821.070	36	2.332.025	/	/
02/2019	61	16.763.734	32	6.272.419	/	/
01/2020	748	21.011.113	/	/	/	/
Вкупно	3.882	187.568.522	1.645	37.724.311	1.284	14.340.741

Извор: Тело за управување со ИПАРД, Систем за следење, 2020

Бројот и нискиот квалитет на поднесените барањата (недостасуваат документи во барањето и времето потребно за надополнување на документите што недостасуваат во барањето) влијаеа на времето потребно за нивна обработка во Агенцијата. Покрај тоа, во текот на 2020 година, пандемијата влијаеше на времето за обработка на барањата преку негативен одраз на капацитетот со човечки ресурси во оперативната структура.

Број на јавен повик	Објавен во месец	Одобрување во месец	Време потребно за одобрување
01/2017	април 2017	август 2018	15 месеци
01/2018	ноември 2018	април 2019	4 месеци
02/2018	декември 2018	август 2019	6 месеци

01/2019	октомври 2019	јули 2020	7 месеци
02/2019	декември 2019	септември 2020	7 месеци
01/2020	февруари 2020	/	рангирање

Табела 5: Показатели за квалитетот на споведување на ИПАРД Програмата:

Показатели за квалитетот на спроведување	Вредност
Вкупно поднесени барања	3.882
Број на склучени договори (одобрени)	1.645
Број на исплатени договори	1.284
Број на раскинати договори	57
% на одобрени барања (одобрени/поднесени)	42,4
% на раскинување на договори (раскинати/одобрени)	3,4
% на исплатени договори (исплатени/(одобрени – раскинати)	80,8

Извор: Тело за управување со ИПАРД, Систем за следење на ИПАРД, 2019

Табела 6: Финансиско спроведување на ИПАРД Програмата во евра

	Подмерка	Одобрено		Исплатено	
		Вкупно јавни трошоци	ЕУ придонес	Вкупно јавни трошоци	ЕУ придонес
M1	Сточарство	3.571.836	2.654.132	110.258	82.695
	Растително	15.443.069	11.519.032	9.744.497	7.317.108
	Преработка на фарма	37.737	28.303	17.048	12.786
	Обновливи извори на енергија	8.470	6.353	8.480	6.353
M3	Млеко и млечни производи	2.045.408	1.534.081	733.615	550.212
	Месо и месни производи	4.092.978	3.069.734	3.089.558	2.317.169
	Преработка на овошје и зеленчук	13.704.880	10.380.371	3.055.386	2.288.174
	Житарици и мелнички производи	426.709	320.032	143.680	107.760
	Масти и масла	32.821	24.616	12.826	9.620
	Винарство	3.797.972	2.905.513	1.322.476	991.857
M7	Алтернативно земј. производство	403.821	302.866	9.704	7.276
	Производство на храна и пијалоци	384.717	283.401	25.734	19.301
	Непрехрамбени производи	3.619.456	2.714.592	632.341	474.256
	Услуги во земјоделството	29.540	22.155	18.964	14.225
	Услуги за руралната популација	649.544	487.158	/	/
	Рурален туризам	2419847	1.143.413	196.956	147.717
M9	Комитет за следење	166.892	142.706	18.406	15.644
	Информирање и публицитет	5.392	4.584	5.392	4.584
	Проценка на програмата	1.056	898	1.056	898
Вкупно		50.841.983	38.154.454	19.146.367	14.367.635

Извор: Тело за управување со ИПАРД, Систем за следење на ИПАРД, 2020

Мерка 1 – Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства

Поднесените барања во Мерката 1, на три јавни повика, достигнаа 3.251 (ЕУ придонес од 57.306.327). Потпишани се договори со 1.485 баратели за ЕУ придонес од 14.207.820 €, од кои 57 договори (ЕУ придонес од 330.702 €) се раскинати од Агенцијата.

Мерка 1 барања по јавен повик

Јавен повик	Поднесени (А)	Одобрени (В)	Исплатени (С)	Стапка на одобрување (В/А)	Стапка на исплата (С/В)
01/2017	1.404	845	816	60 %	97 %
02/2018	1.099	640	400	58 %	63 %
01/2020	748	/	/	/	
Вкупно	3.251	1.485	1.216	46 %	82 %

Извор: Тело за управување со ИПАРД, 2020

Исплатата на договорите до крајот на 2020 достигна 1.217 (ЕУ придонес 7.418.942 €).
Просечната вредност на примено барање (ЕУ придонес) во мерката 1 во Агенцијата е 17.627 €. Соодветно, просечната вредност на одобрените и исплатените барања во мерката 1 е 9.568 € и 6.096 €.

Ниската вредност на барањата се должи пред се на големината на фармите во Северна Македонија (помалку од 2 хектари). Барањата за инвестиции во такви фарми се однесуваат најмногу на мали парчиња земјоделска опрема и машини или трактори со помала моќност на моторот.
Како и во минатото, а поради нерешените имотно правни односи, потребата за поедноставни инвестиции (опрема и механизација наместо градежни работи) и можноста за побрза реализација на инвестицијата, секторот за растително производство има значително поголем број на поднесени барања . Фармите што имаат мешано (растително и добиточно) производство треба да ги исполнуваат минималните национални стандарди за заштита на животната средина, јавното здравје, благосостојбата на животните и безбедноста при работа. Овој критериум на Програмата (ИПАРД програма 2014-2020, мерка 1, 5.2 Национални и стандарди на ЕУ што треба да се почитуваат) беше тешко исполнет од многу баратели бидејќи нивното добиточно производство е од мал обем и не ги исполнува потребните стандарди.
Вистинските потреби за инвестиции во сточарството се однесуваат на реконструкција на производствените капацитети (обнова на фармите со цел да се постигнат стандардите за благосостојба на животните и заштита на животната средина). Ваквите инвестиции (градежни активности) имаат поголема вредност од оние поврзани со набавка и инсталација на опрема, така што недостатокот на такви инвестициски активности влијаеше на спроведувањето на финансиските цели на Програмата. Одобренијата за градење се задолжителни за такви инвестиции и тешко се добиваат во повеќето случаи (особено во малите рурални општини). Директните интервјуа со потенцијалните приматели (прифатливи корисници) спроведени од Телото за управување ги покажаа недостатокот на почетен капитал, пристапот до кредити од банки и непрофитабилноста во инвестирање во заштита на животната средина и благосостојба на животните, како главни прашања за слабиот интерес за употреба на ИПАРД во сточарството. Потребна е дополнителна анализа на секторот за објаснување на причините за слабиот интерес во секторот за сточарство.

Преглед на барања по приритетен сектор во мерка 1

	Поднесени (А)	Одобрени (В)	ЕУ дел одобрен	Исплатени	ЕУ дел исплатени	% на одобрување (В/А)
Говеда	26	4	1.223.565	1	57.429	15 %
Живина	16	2	446.268	/	/	12 %
Овци	22	4	66.688	2	12.453	18 %
Свињи	16	3	917.611	1	12.813	19 %
Кози	1	/	/	/	/	/

Овошни насади	1.009	443	4.858.395	388	2.626.813	40 %
Лозови насади	476	249	1.618.472	216	991.830	52 %
Градинарство	191	82	533.506	74	397.056	43 %
Стакленици	23	10	64.730	9	42.633	43 %
Житарици	1.455	684	4.443.929	522	3.258.776	47 %
Преработка на фарма	11	2	28.303	1	12.786	18 %
Енергија од обновливи извори	5	2	6.353	2	6.353	40 %
Вкупно	3.251	1.485	14.207.820	1.217	7.418.942	46 %

Извор: Тело за управување со ИПАРД, 2020

Житариците, овоштарници, лозја и производство на зеленчук на отворено поле беа видови на производство што најчесто ги користеле барателите.
Што се однесува до интересот за видови инвестиции, иако беше објавен само на првиот јавен повик (01/2017), инвестициите во трактори и механизација на земјоделството, исто како и во минатото, беа најатрактивни за земјоделците. Од вкупниот број поднесени 1.038 барања за трактори, потпишани се 665 договори (5.032.279 придонес од ЕУ) и платени се 590 (4.400.693 придонес од ЕУ). Според ИПАРД Програмата (Мерка 1, Индикативен буџет), распределбата на јавните средства за механизација на земјоделството - трактори, вклучително и нивна опрема (со исклучок на приклучна механизација), не смее да надмине 20% од вкупниот расположлив финансиски буџет за оваа мерка (5.893.333,4) за целата период на имплементација на Програмата. Во врска со ова, идните јавни повици според Мерката 1 не вклучуваа трактори како прифатлив трошок.
Податоците добиени од ИПАРД Агенцијата покажуваат голем интерес за инвестиции во опрема за земјоделски активности по бербата, преработка и директен маркетинг (примени 1.758, 700 договорени, 520 исплатени) и невообичаено низок интерес за специјализирана земјоделска опрема (347 примени, 90 договорени, 85 исплатени).

Мерка 3 – Инвестиции во основни средства за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи
ИПАРД Агенцијата објави 3 јавни повици за оваа мерка. Поднесените барања во мерката 3, достигнаа 183 (45.098.137 € ЕУ придонес). Потпишани се договори со 101 барател за 18.234.347 € ЕУ придонес. Во оваа мерка нема раскинати договори.

Барања по јавен повик во мерка 3

Јавен повик	Поднесени (А)	Одобрени (В)	Исплатени (С)	Стапка на одобрување (В/А)	Стапка на исплата (С/В)
01/2017	57	31	30	54 %	97 %
01/2018	65	38	25	58 %	66 %
02/20191	61	32	/	52 %	/
Вкупно	183	101	55	55 %	54 %

До крајот на 2020, исплатата на договорите достигна 55 (6.264.792€ ЕУ придонес). Просечната вредност на примено барање (изразено во ЕУ придонес) во мерката 3 е 246.438 €. Соодветно, просечната вредност на договорените и исплатените барања во мерката 3 е 177.746 € и 113.905 € ЕУ придонес.
Речиси половина од поднесените (86), одобрените (42) и исплатени (22) барања се однесуваат на секторот за преработка на овошје и зеленчук. Исто така, скоро половина од договорените и платените износи се во овој сектор. Корисници во овој сектор се претежно

1 Процесот на одобрување продолжува во 2021

извозно ориентирани компании, со високо ниво на ликвидност и инвестиции во опрема за модернизација на технолошкиот процес или воведување на нови производствени линии. Интересот меѓу другите сектори во преработувачката индустрија е порамноправен.

Преглед на барања по приоритетен сектор во мерка 3

	Поднесени (А)	Одобрени (В)	ЕУ дел одобрен	Исплатени	ЕУ дел исплатени	% на одобрување (В/А)
Собирни центри за млеко	10	6	912.043	5	296.171	32 %
Преработка на млеко	13	7	622.038	5	254.041	41 %
Преработка на месо (говеда)	21	16	2.743.340	9	2.129.980	78 %
Преработка на месо (свињи)	4	4	326.394	3	187.189	57 %
Собирни центри овошје и зеленчук	30	16	4.548.128	9	1.322.949	29 %
Преработка на овошје и зеленчук	56	26	5.832.243	13	965.225	17 %
Мелничка индустрија	21	9	320.032	3	107.760	34 %
Масти и масла	3	2	24.616	1	9.620	39 %
Винарии	25	15	2.905.513	7	991.857	34 %
Вкупно	183	101	18.234.347	55	6.264.792	34 %

Извор: Тело за управување со ИПАРД, 2020

Барателите не покажаа интерес за инвестирање во: управување со отпад и отпадни води, транспортни резервоари, приколки и специјализирани возила за транспорт на суровини, опрема за подобрување на стандардите за благосостојба на животните и инвестиции во развој на инфраструктурата на стопанството. Анализата покажа дека инвестициите на овие полиња не придонесуваат за поголеми економски перформанси на компаниите, а со тоа и за нискиот интерес.

Мерка 7 – Диверзификација на фарми и развој на бизниси

ИПАРД Агенцијата објави два јавни повика за оваа мерка. Вториот јавен повик (01/2019) беше објавен во октомври 2019 година. На барање на потенцијалните корисници, Агенцијата го продолжи рокот за доставување на барања за дополнителни 15 дена, така што јавниот повик беше затворен во средината на декември 2019 година. Имајќи предвид долг процес на контрола на разумноста на трошоците во Агенцијата, процес на одобрување на барањата поднесени на 01/2019 продолжи и во 2021 година.

Барања по јавен повик во мерка 7

Јавен повик	Поднесени (А)	Одобрени (В)	Исплатени (С)	Стапка на одобрување (В/А)	Стапка на исплата (С/В)

01/2017	187	23	13	12 %	57 %
01/2019	261	36	/	14 %	/
Вкупно	448	59	13	13 %	22 %

Поднесените барања во мерката 7, на првите два јавни повика, достигнаа 448 (85.164.058€ ЕУ придонес). Потпишани се договори со 59 баратели за ЕУ придонес од 5.564.099€. До крајот на 2020 година, исплатата на договорите достигна 13 (ЕУ придонес од 662.775€). Просечната вредност на примено барање (изразено во ЕУ придонес) во мерката 7 е 190.098€. Соодветно, просечната вредност на договорените и исплатените барања во мерката 7 е 94.307€ и 50.983€. Интересот за користење на средствата од програмата ИПАРД е најголем во секторот алтернативно земјоделско производство, имајќи предвид дека одгледувањето пчели (производство на мед и производи од мед) е прифатливо во овој сектор. Покрај тоа, барателите сметаат дека производството на непрехранбени производи е многу интересно, особено преработката на дрво и производството на мебел. Имајќи го предвид големиот интерес за инвестирање во производство и продажба на енергија од обновливи извори и фактот дека вредноста на овие инвестиции може да го надмине расположивиот буџет на мерката, ИПАРД Агенцијата го исклучи секторот од јавниот повик 01/2019.

Преглед на барања по приоритетен сектор во мерка 7

	Поднесени (А)	Одобрени (В)	ЕУ дел одобрени	Исплатени	ЕУ дел исплатени	% на одобрување (В/А)
Алтернативно земјоделско производство2	142	28	302.866	6	7.276	2 %
Производство на храна и пијалоци	44	4	283.401	1	19.301	7 %
Производство на непрехрамбени производи	108	15	2.714.592	3	474.256	37 %
Занаетчиство	6	/	/	/	/	%
Услуги во земјоделството	11	3	22.155	2	14.225	64 %
Услуги за руралното население	18	1	487.158	/	/	%
Рурален туризам	73	8	1.753.927	1	147.717	27 %
Производство и продажба на енергија од обновливи извори	46	0	0	0	0	0 %
Вкупно	187	59	5.564.099	13	662.775	12 %

Извор: Тело за управување со ИПАРД, 2020

Географска анализа на спроведувањето на ИПАРД Програмата

Податоците за географската имплементација на ИПАРД Програмата и поддршката на регионалниот развој на Република Северна Македонија се презентирани во овој извештај од статистичките региони (НУТС 3) и општините. Повеќето од вкупно поднесените барања доаѓаат од региони со интензивно земјоделско производство: Пелагонија и Вардар. Пелагонија е најголемиот земјоделски регион, познат по производството на житни култури. Околу 800 поднесени барања во Пелагонија беа за набавка на трактори.

Преглед на барања по статистички региони

2 98 од поднесените барања се за пчеларство, 18 одобрени, 1 исплатено



Извор: Тело за управување со ИПАРД, 2020

Растителното производство (житарици, овоштарници и лозја) е доминантно земјоделско производство во регионот на Пелагонија и Вардар. Повеќето апликации во овие региони се за помалку скапи инвестиции трактори и мали парчиња земјоделска механизација). Нема значителна разлика во бројот на поднесени апликации меѓу другите региони. Повеќето од фармите имаат мешано (растително и добиточно) производство, и во тој случај, целата фарма треба да ги исполнува минималните национални стандарди за заштита на животната средина, јавно здравје, благосостојба на животните и безбедност при работа. Ова не беше исполнето од многу апликанти бидејќи нивното добиточно производство е во мал обем и не ги исполнува потребните стандарди.

Постои значителна разлика кога се споредува распределбата на барањата и вкупните јавни трошоци по региони. На пример, скопскиот и полошкиот регион се најурбанизирани региони со едно од најниските удели во создавањето на бруто додадена вредност во земјоделството (8 и 10%), но со голема концентрација на корисници, особено компании.

Преглед на вкупни јавни трошоци по статистички региони



Извор: Тело за управување со ИПАРД, 2020

Преглед на барања по општини

Општини	Број на барања			Вкупно јавни трошоци во €		
	поднесени	одобрени	исплатени	поднесени	одобрени	исплатени
Ресен	451	223	207	7.013.431	2.136.779	1.368.773
Битола	356	141	106	9.712.612	1.302.473	748.635
Кавадарци	201	107	94	6.569.969	507.624	324.623
Прилеп	195	73	60	4.751.672	865.198	682.974
Могила	181	106	91	2.000.886	844.012	430.440

Неготино	175	91	77	2.926.750	563.768	395.390
Велес	143	55	36	4.270.902	1.011.521	306.377
Свети Николе	117	49	36	4.536.468	581.268	190.413
Куманово	99	42	34	4.003.737	375.138	369.277
Росоман	93	50	46	1.256.529	466.329	354.310
Новаци	82	45	38	2.348.106	310.363	223.730
Лозово	79	32	24	1.523.957	859.143	131.180
Кривогаштани	67	29	24	1.574.112	267.209	148.357
Дебарца	66	31	26	2.217.987	240.701	213.877
Охрид	65	27	18	1.348.962	126.481	96.165
Долнени	51	27	25	1.752.204	536.872	509.716

Извор: Тело за управување со ИПАРД, 2020

4. ЕУ Интеративен процес и меѓународна соработка

4.1 ЕУ интеграција

Инструментот за претпристапна помош ИПА 2, за периодот 2014-2020 година го поддржува секторот за земјоделство и рурален развој. ИПА II помош во областа на политиката за земјоделството и руралниот развој е обезбедена врз основа на релевантни приоритети утврдени во стратешките документи на земјата, во основа Националната стратегија за земјоделство и рурален развој, како главен стратешки документ на долг рок во областа на земјоделството и руралниот развој.

Стратешките цели во согласност со процесот на приближување кон ЕУ доведе до подготовка на националниот документ за стратегија на земјата која ги поставува приоритетите за финансиска помош на ЕУ за периодот 2021-2027 година да ја поддржува Република Северна Македонија на нејзиниот пат кон членство. За да се зголеми влијанието на финансиската помош од ЕУ во секторот за земјоделство и рурален развој, помошта ќе биде концентрирана во областите каде реформите или инвестициите се најмногу потребни за исполнување условите за пристапување и развој на критериуми, како и степенот на прилагодување, да се земе предвид капацитетот на земјата да ги исполни овие потреби.

Во програмскиот период 2015-2019 за ИПА II на секторот за земјоделство и рурален развој се реализираат планираните активности согласно „Секторскиот плански документ за 2015 и 2019 за секторот за земјоделство и рурален развој" и се испорачуваат резултатите содржани во „Планскиот/акцискиот документ за 2015 и за 2019 година".

4.2. Консолидација на земјоделско земјиште

Проект за консолидација на земјоделско земјиште (МАИНЛАНД): Вредноста на проектот изнесува 2,86 милиони евра (финансиран од Инструментот за претпристапна помош на ЕУ (2,5 милиони евра), а се спроведува од страна на ФАО, во времетраење од 68 месеци и 14 дена, до ноември 2022 година. Целта на проектот е консолидација на земјиштето и земјоделското земјиште да се дефрагментира. Сегашната просечна големина на парцелите е помалку од 0, 3 ха. Консолидацијата на земјиштето ќе ја зголеми просечната големина на парцелите. Проектот е започнат во март 2017 и ќе трае до ноември 2022 година.

4.3. Систем за Идентификација на Земјишни Парцели (СИЗП)

Во 2020 година тековно се одвиваше процес на систематско ажурирање на СИЗП податоците со цел подобрување на квалитетот на истите како и регистрирање на нови СИЗП парцели. Овие активности беа директно поврзани со процесот на аплицирање за директните плаќања за финансиска поддршка во земјоделството каде СИЗП е еден од регистрите на интегрираниот систем за администрирање и контрола кој се користи во овој процес.

Заклучно со 2020 година во процесот на регистрирање на земјишни парцели во СИЗП се дигитализирани 452.722 парцели кај 90.734 земјоделски стопанства. Во процесот на

регистрација, само земјоделските стопанства кои имаат пријавено земјишни парцели се регистрирани во СИЗП. Површината на пријавените СИЗП парцели од страна на земјоделските стопанства е 233.566 ха. Просечната површина на СИЗП парцелите е 0,52 хектари.

5. Земјоделски пазари и трговија со земјоделско-прехранбени производи

5.1 Трговска размена на примарни земјоделски производи, преработени земјоделски производи и за рибни производи

Процесот на трговска интеграција на Република Северна Македонија започна по нејзиното осамостојување. Процесот на трговска интеграција на Република Северна Македонија може да се подели на регионална, глобална и Европска интеграција. Процесот на регионална интеграција е означен со низата Договори за слободна трговија (ДСТ) со земјите од регионот.

Еден од принципите на системот на СТО е земјите да ги намалат трговските бариери и да дозволат трговијата да се одвива послободно. Република Северна Македонија при преговорите во СТО се согласи на значителна либерализација кај најголем дел од производите, додека за земјоделските производи царинската заштита е задржана на задоволително ниво, поради значењето на земјоделскиот сектор.

Договорот за Слободна трговија со Европската Унија е најзначаен преференцијален договор, поради обемот на трговската размена меѓу Република Северна Македонија и ЕУ. Врз основа на трговскиот договор повеќето бариери за влез на македонските земјоделски производи беа отстранети, освен за вино, „baby beef"- говедско месо, шеќерот и риби и рибни производи, за кои се договорени царински квоти или постепена либерализација. Од друга страна Република Северна Македонија, за влез на земјоделско-прехранбените производи со потекло од ЕУ:

- ги укина царинските стапки за производите кои се дефинирани како нечувствителни,
- за високо чувствителните производи договорена е примена на максимална царинска заштита, а за дел од нив се договорени бесцарински квоти.

Како дел од трговските интеграции поврзани со процесот на пристапување на Република Северна Македонија кон ЕУ, е и членството во Централно европскиот договор за слободна трговија – ЦЕФТА, како средство за регионална соработка и доказ за политичката и организациона зрелост на земјите претенденти за влез во ЕУ.

Покрај ова Република Северна Македонија има склучено Договор за слободна трговија со Турција, Украина и со земјите членки на ЕФТА (Швајцарија, Норвешка, Исланд и Лихтенштајн).

После напуштањето на Европската унија на Обединетото Кралство, Република Северна Македонија и Обединетото Кралство склучија "Спогодбата за партнерство, трговија и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска".

Главната цел на оваа Спогодба е да се зачуваат односите меѓу страните, засновани со асоцијацијата воспоставена во Членот 1 од Спогодбата ЕУ-Северна Македонија.

Конкретно, страните се согласни да се зачуваат повластените услови поврзани со трговијата меѓу страните која е согласно со Спогодбата ЕУ-Северна Македонија и да обезбедат платформа за понатамошна трговска либерализација меѓу страните.

После потпишувањето на Спогодбата, Владата на Република Северна Македонија донесе Одлука за предвремена примена на Спогодбата и отпочна со нејзина примена на 1ви јануари 2021 година.

5.2 Вкупна трговија и трговија со земјоделско-прехранбени и рибни производи

Како резултат на пандемијата со Ковид-19, во 2020 година, вкупната трговска размена (индустриски + земјоделско-прехранбени производи) (извоз + увоз) во споредба со 2019 година е намалена за 10,2%. Вкупниот извоз (индустриски + земјоделско-прехранбени производи) во 2020 година во споредба со 2019 година, беше намален за 10%, вкупниот увоз (индустриски + земјоделско-прехранбени производи) во 2020 година во споредба со 2019 бележи намалување од 10,3%. Извозот на земјоделско-прехранбените производи во 2020 година во споредба со 2019 е намален за 5,2% (од €624,5 милиони во 2019, на €591,7 милиони во 2020), а увозот на земјоделско-прехранбени производи во 2020 година во споредба со 2019, е намалување за 1,7% (од €837,15 милиони на €822,57 милиони).
Учеството на извозот на земјоделско-прехранбени и рибни производи во вкупниот извоз на Република Северна Македонија во 2020 година е минимално зголемен во споредба со учеството во 2019 година и изнесува 10,24%, додека учеството на увозот на земјоделско-прехранбени и рибни производи е зголемен во 2020 година, во споредба со учеството во вкупниот увоз во 2019 година и изнесува 10,83%.
Трговскиот дефицит во 2019 година бележи намалување од 13,8% и изнесува €212,65 милиони, додека во 2020 година трговскиот дефицит бележи зголемување од 8,6% и изнесува €230,9 милиони.

Графикон 2: Развој на Македонската тртговска размена со земјоделско-прехранбени и рибни производи за периодот 2016-2020 (во милиони €)



Извор: Државен завод за статистика

5.3. Најзначајни партнери на Република Северна Македонија во трговијата со земјоделско-прехранбени и рибни производи во 2020 година

Европската унија - 27 е дефинитивно најзначајниот партнер на Република Северна Македонија во тговијата со земјоделско-прехранбени и рибни производи и во 2020 година.
Вкупна вредност на трговската размена со ЕУ-28 со земјоделско-прехранбени производи во 2020 година (извоз+увоз) изнесува €679,7 милиони.
Како резултат на кризата со пандемијата Ковид-19 и излегувањето на Обединетото Кралство од Европската унија, извозот на земјоделско-прехранбени и рибни производи белажи намалување од 5,2% (од €310,6 милиони во 2019, на €294,3 милиони во 2020), додека увозот на овие производи бележи намалување од 5,9% (од €409,4 милиони во 2019, на €385,4 милиони во 2020).

Учеството на извозот на земјоделско-прехранбени и рибни производи во ЕУ-27 во вкупниот извоз на овие производи во 2020 година изнесува 49,7%, додека учеството на увозот од ЕУ-27 во вкупниот увоз на земјоделско-прехранбени и рибни производи во 2020 година изнесува 46,8%.
Втор најзначаен партнер на Република Северна Македонија во трговијата со земјоделско-прехранбени и рибни производи, во 2020 година, се земјите членки на ЦЕФТА 2006, со вкупна вредност на трговската размена (извоз+увоз) од €426,3 милиони. Учеството на извозот на земјоделско-прехранбени и рибни производи во земјите членки на ЦЕФТА 2006 во вкупниот извоз на овие производи во 2020 година изнесува 31,6%, додека учеството на увозот од земјите членки на ЦЕФТА 2006 во вкупниот увоз на земјоделско-прехранбени и рибни производи во 2020 година изнесува 29,1%. Најзначаен трговски партнер од земјите членки на ЦЕФТА 2006 е Србија со учество од 10,8% во вкупниот извоз на земјоделско-прехранбени и рибни производи и учество од 23,2% во вкупниот увоз на овие производи. Следи Босна и Херцеговина (со учество од 4,9% во вкупниот извоз и учество од 3,5% од вкупниот увоз), а во однос на извозот Косово треба да се смета за значаен партнер со учество од 11,05% од вкупниот извоз, додека останатите заемји членки на ЦЕФТА 2006 (Црна Гора, Молдова и Албанија) се со помало учество во трговската размена.
Исто така треба да се спомене и Турција која е земја кандидат за влез во ЕУ, со која Република Северна Македонија има склучено Договор за слободна трговија и значаен трговски партнер на Република Северна Македонија со учество од 0,29% во вкупниот извоз на земјоделско-прехранбени и рибни производи и учество од 3,4% во вкупниот увоз на овие производи. Најзначаен не Европски партнер во однос на извозот на земјоделско-прехранбени производи е Руската Федерација, со учество од 4,9 од вкупниот извоз (заради големиот извоз на свежо овошје и зеленчук). Следна е САД, со учество од 4,6% од вкупниот извоз (заради големиот извоз на тутун). Во однос на увозот како најзначаен не европски партнер е Бразил со учество од 3,1% од вкупниот увоз, ова од причина што во 2020 година од Бразил се увезени големи количини на живинско месо, говедско месо замрзнато и кафе.
Треба да го споменеме и Обединетото Кралство, кое по излегувањето од Европската унија, во вкупниот извоз на земјоделско-прехранбени и рибнипроизводи, учествува со 1,22%, додека во вкупниот увоз на овие производи учествува со 1,01%.

5.4 Трговија со земјоделско-прехранбени и рибни производи меѓу Република Северна Македонија и ЕУ-27 во 2020 година

Трговската размена на Република Северна Македонија со ЕУ-27 има просечно учество од околу 49% во вкупната трговска размена со земјоделско-прехранбени производи за периодот од 2016 до 2020 година. Во 2020 година учеството на извозот на земјоделско-прехранбени производи во ЕУ-27 во вкупниот извоз изнесуваше 49,74%, додека учеството на ЕУ-27 во вкупниот увоз на земјоделско-прехранбени производи изнесуваше 46,85%.
Во периодот од 2016 до 2019 година, трговската размена со земјоделско-прехранбени производи меѓу Република Северна Македонија и ЕУ-28 бележи пораст, како во однос на извозот, така и во однос на увозот.
Во 2020 година, како резултат на кризата со пандемијата Ковид-19 и излегувањето на Обединетото Кралство од Европската унија, извозот на земјоделско-прехранбени производи бележи намалување од 5,4% (од €310,3 милиони во 2019, на €293,5 милиони во 2020), додека увозот на овие производи бележи намалување од 5,7% (од €400,2 милиони во 2019, на €377,3 милиони во 2020).
Како резултат на ова, во 2020 година во споредба со 2019 година, бележиме намалување на трговскиот дефицит од 6,79% (од €89,8 милиони во 2019 на €83,7 милиони во 2020).
Најзначајна ЕУ дестинација за извоз на Македонските земјоделско-прехранбени производи во 2020 година беше Грција (со учество од 17,7% од вкупниот извоз во ЕУ-27) со тутунот; јагнешко месо; пченка и различни видови на конзервиран и свеж зеленчук како најзначајни извезени производи. Следна е Германија со учество од 13,4% од вкупниот извоз во ЕУ-27, со

следните прозводи: вино; тутун; разни живи растенија со нивните калеми, гранчиња и др.; зеленчук полуприготвен; конзервиран зеленчук, и некои други производи. Следна е Хрватска (со учество од 11,9% од вкупниот извоз во ЕУ-27) со виното, бисквити и вафли, конзервиран зеленчук, разни видови на зеленчук свежили разладен, јагнешко месо како најзначајни извезени производи. Следна е соседна Бугарија (со учество од 9,9% од вкупниот извоз во ЕУ-27) со тутунот, бисквити и вафли, јаболка, свежи пиперки, како најзначајни извезени производи. Следна е Италија со учество од 7,5% од вкупниот извоз во ЕУ-27 и најзначајни извезени производи се: јагнешко месо, зеленчук замрзнат, печурки свежи полуприготвени или конзервирани, зеленчук полуприготвен и конзервиран, квасец и некои други производи. Потоа следи Полска (со учество од 6,6% извоз во ЕУ-27), со тутун; зелка; домати и како најзначајни ивезени производи. Потоа е Романија (со учество од 6,5% од вкупниот извоз во ЕУ-27) со бисквити и вафли, зелка и јаболка. Потоа следи Белгија со учество од 5,1%, Словенија со учество од 3,6% од вкупниот извоз во ЕУ-27.

Во однос на увозот во 2020 година, Германија, Полска, Бугарија и Италија се јавуваат како најзначајни трговски партнери од ЕУ-27, со учество од 14,3%, 12,1%, 10,6% и 9,6% од вкупниот увоз од ЕУ-27. Најзначајни производи увезени од Германија се: разни видови на сирење, чоколади, прехранбени производи на дуго место неспомнати или опфатени, свинско месо свежо, разладено или замрзнато и друго. Од Полска најзначајни увезени производи се: месо од живина, говедско месо, свежо или разладено, прехранбени производи на дуго место неспомнати или опфатени, чоколади, преработки од месо и некои други производи. Од Бугарија се: тутун, масло од сончоглед, бисквити и вафли, месо од живина и некои други производи; Следи Италија со учество од 9,6%, а најзначајни увезени производи се: кафе, месо говедско свежо разладено или замрзнато, тестенини, производи на дуго место неспомнати или опфатени, месо од живина. Следна е Грција, со учество од 9%, а најмногу се увезува: свежо јужно овошје (портокали, мандарини, грејпфрут, лимони), месо од живина, конзервиран зеленчук (маслинки), прехранбени производи на дуго место неспомнати или опфатени, храна за исхрана на животни, риба свежа или разладена и некои други производи. Од Хрватска со учество од 7,9%, а најмногу се увезуваат: чоколади, месо од живина, сирење, конзервирана риба, супи и чорби хомогенизирани, прехранбени производи на дуго место неспомнати или опфатени, алкохолни пијалоци и други производи. Од Австрија со учество од 6,3% од вкупниот увоз од ЕУ-27 се увезени: месо говедско, свежо или разладено, прехранбени производи на дуго место неспомнати или опфатени, чоколади, минерална вода со додаток на шеќер, и други производи. Следи Словенија со учество од 5,3%, Унгарија со учество од 4,6%, Холандија со учество од 4,3%, Шпанија е со учество од 4,3%.

5.5 Анализа на извозот од Република Северна Македонија во ЕУ-27 по производи

Назначајни извезени Македонски земјоделско-прехранбени производи во ЕУ-27 во 2020 година се: непреработен тутун (со учество од 28,7% од вкупниот извоз), бисквити и вафли (со учество од 10,2%); разни видови на зеленчук свеж или разладен (зелка, пиперки, печурки, краставици) (со учество од 10%); виното (со учество од 8,8%), конзервиран зеленчук (со учество од 8,7%), живи растенија (со учество од 5,9%), разни видови на свежо овошје (јаболки, грозје, праски и др.) (со учество од 5,6%) и јагнешко месо (со учество од 3%).
Намалениот извоз на земјоделско-прехранбени производи од Република Северна Македонија во ЕУ-27 во 2020 година споредено со 2019 за 5,4% (од €310,3 милиони во 2019, на €293,5 милиони во 2020), е резултат на промената на извозт на следните производи:

1. *намален извоз на:* пред се на тутунот (од €95,6 милиони на €84,3 милиони); цигари (од €8,7 милиони на €0,0001 милиони); зелка (од €15,8 милиони на €9,3 милиони); бисквити и вафли (од €31,4 милиони на €29,8 милиони); производи на друго место неспоменати или опфатени (од €3,3 милиони на €2,2 милиони) и некои други производи.

2. од друга страна се забележува *зголемен извоз* на јаболка (од €5,4 милиони на €7,7 милиони); краставици (од €2,6 милиони на €5,2 милиони); конзервиран зеленчук (од €14,1 милиони на €16,4 милиони); сладолед (од €2,8 милиони на €4,1 милиони); разни видови на свежо овошје (од €2,6 милиони на €3,9 милиони); грозје (од €2,4 милиони на €3,6 милиони) и некои други производи.

5.6 Анализа на увозот во Република Северна Македонија од ЕУ-27 по производи

Намалениот увоз во 2020 годиина во споредба со 2019 од 5,7% (од €400,2 милиони во 2019, на €377,3 милиони во 2020), беше како резултат на *намалениот увоз на*: месо говедско свежо или разладено (од €24,3 милиони на €21,4 милиони); месо свинско свежо, разладено или замрзнато (од €19,6 милиони на €16,7 милиони); месо од живина (од €26,2 милиони на €24,1 милиони); сирење (од €17,6 милиони на€15,9 милиони); шеќер (од €5,1 милиони на €1,7 милиони); тутун (од €11,3 милиони на €6,9 милиони); алкохолни пијалоци (од €8,1 милиони на €4,5 милиони); живи животни од видот говеда (од €2,6 милиони на €0,7 милиони) и некои други производи.
Во однос на увозот во 2020 се забелсжува *зголемен увоз* на следните производи: масло од сончоглед (од €13,3 милиони на €15,7 милиони); агруми, свежи – портокали,лимони, мандарини (од €5,7 милиони на €7,5 милиони); супи и чорби (од €3,4 милиони на €3,8 милиони); екстракти, есенции и концентрати, на кафе, чај (од €5,2 милиони на €5,9 милиони); теста, варени или неварени или полнети (од €3,9 милиони на €4,5 милиони); Други живи растенија (од €4,4 милиони на €5,1 милиони); растенија и делови на растенија (од €0,8 милиони на €1,5 милиони); маслени погачи и други цврсти оста-тоци (од €1,3 милиони на €2,2 милиони); колбаси и слични производи, од месо (од €7,1 милиони на €7,6 милиони) и некои други производи.
Најголемо учество во вкупниот увоз на земјоделско-прехранбени производи од ЕУ-27 во 2020 година имаа следните производи: прехранбени производи на друго место неспомнати ниту опфатени (учество од 10,6%), месо од живина (учество 6,4%), месо говедско свежи или разладено (учество од 5,7%), чоколади и други прехранбени производи што содржат како (учество од 6,2%), месо свинско свежо, разладено или замрзнато (учество од 4,4%), сирење (учество од 4,2%), бисквити и вафли (учество од 4,5%), масло од сончоглес (учество од 4,2%).

Табела 11: ЕУ поддршка - ИПА Проекти

ТАИБ 2013	Тип на договорот	Сума на договорот	Цел на проектите
"Мали системи за наводнување: образложување на коцептот и подготовка на ТоР"	Договор на услуги ИПА 2013 (централизиран) EPTISA Southeast DOO	€ 1.630.000,00	Целта на проектот е идентификација на потенцијални локации за наводнување и подготовка на физибилити студии за избрани мали проекти за наводнување. Договор на услуги (централизиран). Проектот започна на 4.9.2017 и требаше да заврши на 4.1.2020 година, времетраење од 28 месеци, но беше продолжен поради новонастанатата сосотојба со вирусот COVID 2019.
„Изградба на основните реформи во секторот тутун"	Договор за услуги Склучен со фирмата Evoluxer Од Шпанија	€ 950.000,00 склучен договор € 864.000,00	Проектот започна со имплементација на 22 јануари 2018 со времетраење од 24 месеци. Целта е понатамошно усогласување на секторот за тутун со регулативата на ЗУП за ЕУ, со што ќе се зголеми ефикасноста на тутунските фарми и да се поддржи диверзификацијата на приходот од тутунската фарма, како и да се зајакне организацијата на секторот и политичкото опкружување.
ИПА 2 - 2015 (централизирани) тековни проекти	Тип на договорот	Сума на договорот	Цел на проектите

Консолидација на земјиште (Административен договор со ФАО)	Административен договор со ФАО	€ 2.561.000,00 од кои 2.5 милиони € се ИПА средства	Целта на активноста за консолидација на земјиштето е да се дефрагментира земјоделското земјиште. Сегашната просечна големина на парцелите е помалку од 0, 3 ха. Консолидацијата на земјиштето ќе ја зголеми просечната големина на парцелите. Административен договор со ФАО (2,561 мил €. од кои 2.5 мил €.се ИПА средства). Проектот започна во март 2017 и требаше да заврши во 2020 година, времетраење од 36 месеци, но продолжен е до 14 ноември 2022 година.
Грант - Поддршка на развојот на Земјоделски задруги	Грант CARE Deutschland/Luxembourg in partnership with Macedonian Enterprise Development Foundation (MEDF)	€ 1.980.000,00 од кои 1.8 милиони € се ИПА средства	Целта на проектот е поддршка за создавање на земјоделците задруги за економска цел (споделување на опрема, заедничка обработка и маркетинг). Целни групи: 30 постоечки земјоделски задруги и 30 групи земјоделци кои сакаат да формираат нови кооперативи учествуваат во проектни инфо-сесии и обуки за развој на бизнис планови, од кои 20 добиваат проектни суб-грантови и продолжени обуки / тренинг. Чадор организација на задруги вклучени во активности, обуки и добивање на суб-грант за развој. Проектот е започнат во декември 2017 и требаше да заврши до февруари 2021 (вкупно 38 месеци), но е продолжен за дополнителни 7 месеци и ќе биде финализиран до август 2021 година.
Договор за услуги - Воведување и имплементација на мерките за Заедничко уредување на пазарите во Република Македонија.	Договор за услуги Project Group Italy Srl. and consortium with EVOLUXER S.L. and Congress Service Centre	€ 896.000,00	Минималните стандарди за квалитет на производите ќе се спроведуваат за одредени пазари (овошје и зеленчук и житарки) во согласност со националното законодавство донесено според прописите на заедничкото уредување на пазарите на ЕУ. Проектот е започнат во декември 2018 и требаше да заврши во 2020, вкупно 20 месеци, но е продолжен до јули 2021 година.
Надградба на ИАКС системот во АФПЗРР - Прилагодување на интегриран систем за администрација и контрола (ИСАК)	Договор за услуги Consortium Agriconsulting Europe SA from Belgium	€ 1.634.000,00	Подобрување на интероперабилноста и ефективноста на ИАКС системот; Интегрираниот административен и контролен систем (ИАКС) содржи голем број на под-елементи (регистри, бази на податоци, итн) Целта на проектот е да се надгради ИАКС системот со ново софтверско решение за да се обезбеди интероперабилност. Проектот започна на 8 март 2019 година. Поради ситуацијата со КОВИД – 19 проектот е продолжен.
Договор за работи - Изградба, реконструкција и надградба на мали системи за наводнување	Договор за градба	€ 2.150.000,00	Целта на овој проект е да се воспостават мали системи за наводнување со ниски цени, еколошки за развој на земјоделството. Супервизија на изградба, рехабилитација и надградба на мали системи за наводнување - 2,15 милиони евра. Договорот е потпишан за 2 избрани места Чаушица и Славишко поле.
FWC SIEA 2018 - ЛОТ1: Одржливо управување со природните ресурси и флексибилност	Тип на договорот	Сума на договорот	Цел на проектите
Поддршка на реформите во шумарството / Подготовка на проектот за шумарство ИПА 2019	Рамковен договор за услуги Eurata Consortium – AESA HU	€ 120.000,00	Главната цел на проектот е да го олесни спроведувањето на стратегиите и политиките во секторот за шумарство во Република Северна Македонија, поврзани со политиките на ЕУ при што секторот за шумарство ќе се зајакне. Специфична цел на на овој договор е да се зголеми ефективноста и ефикасноста на ИПА фондовите со соодветно подготвување на ИПА Проектот за шумарство за 2019 година (1,3 мил € како грант) и со обезбедување помош на МЗШВ за напредок во реформите во шумарскиот сектор пред да започне примената на споменатиот проект. Започна во ноември 2019 година требаше да заврши во април 2020 година, времетраење од 6 месеци. Во врска со новата состојба со вирусот COVID -

			19, беше продолжен дополнително и заврши во јуни 2020 година. Проектот е реализиран

6.Меѓународна соработка

Билатерална и развојна соработка
Потпишана Спогодба помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Министерство за земјоделство и рурален развој на Република Албанија за фитосанитарна соработка на 7.10.2020 во Тирана.
Потпишана Спогодба помеѓу Министерството за земјоделство и рурален развој на Република Албанија и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија за заедничко одржливо управување со риболовот во Охридското и Преспанското Езеро на 2.12.2020 год. во Струга.

Реализирани и тековни проекти со поддршка на меѓународни донатори се:

(I) Проекти финансирани од Организацијата за храна и земјоделство на Обединетите нации (ФАО) - Food and Agriculture Organization of the United Nations

Областите се фокусирани на следните три приоритети:

1) Зголемување на конкурентноста на земјоделскиот сектор,

2) Подобрување на условите за живот во руралните средини преку одржлив рурален развој и

3) Подобрување на капацитетите за одржливо управување со природните ресурси и ублажување и адаптација кон климатските промени во земјоделството.

Соработката на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Организацијата за храна и земјоделство на Обединетите Нации (ФАО) е во рамки на Програмската рамка за периодот 2018 – 2020, што претставува стратешки документ во кој се утврдени приоритетните области за техничка поддршка за одржлив развој на земјоделството, рурален развој и безбедност на храна.
Процесот на подготовка на Програмската рамка започна во 2017 година, врз основа на утврдените приоритети во Националната стратегија за земјоделство и рурален развој 2014–2020, Законот за земјоделство и рурален развој, потсекторските стратегии и стратешки документи и врз основа на опширни консултации со секторите и управите на МЗШВ, како и со голем број засегнати страни, вклучително владини институции, невладин сектор, научни и образовни институции, меѓународни организации и земјоделски здруженија.
Програмската рамка ги содржи следните тековни проекти (национални и регионални):

1. Проект за консолидација на земјоделското земјиште финансиран од ЕУ преку ИПА, спроведуван од ФАО "Воведување на Национална Програма за Консолидација на Земјиште" - или MAINLAND. Буџетот изнесува 2,56 милиони евра (финансиран од Инструментот за претпристапна помош на ЕУ (2,5 милиони евра) и придонес на ФАО (460.000 УСД).
2. Проект за локален развој на општините во износ од 275.000 УСД, наменет за јакнење на капацитетите на избраните пилот подрачја, за ефикасно спроведување на програмите и плановите за рурален развој преку интегриран пристап на сите чинители во локалната заедница. Проектот е синхронизиран со активностите на консолидација и се одвива во 3 села во општина Зрновце (Кочанско) и три села во општина Битола.
3. Проект за стандарди за квалитет и безбедност на храна во млечната индустрија, во износ од 64.000 УСД преку кој ќе се зајакнува системот на мониторинг на стандардите за квалитет и безбедност и нивната примена.
4. Проект за зајакнување на капацитетот за програмирање и анализа на земјоделската политика, во износ од 93.000 УСД преку кој ќе се усогласува шемата за директни плаќања според регулативите на Заедничката земјоделска политика на ЕУ.

5. Проект за зголемување на отпорноста на земјоделскиот сектор преку промовирање на добри земјоделски практики за отпорност кон климатските промени во износ од 280.000 УСД. Во рамки на новиот проект, ФАО ќе му помогне на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да развие нова стратегија за наводнување. Дополнително, ќе се обезбеди техничка поддршка за унапредување на дел од активностите на Управата за хидрометеоролошки работи, подобрување на размената на климатски информации и нивната примена во земјоделството, како и поддршка за други политики како Методологија за штети и загуби во земјоделството како резултат на природни катастрофи. Она што е исто така важно е дека овој проект ќе пилотира нови, климатски паметни услуги (технологии) на терен со цел да ја приближи нивната примена до земјоделците и другите засегнати страни.

6. Проект за јакнење на националните структури за Codex Alimentarius, во износ од 95.100 УСД, со цел да се исполнат стандардите за безбедност на храна а преку тоа и да се гарантира заштита на јавното здравје. Преку примена на сет од стандарди и практики кај храната која е предмет на трговија а кои се во надлежност на Агенцијата за храна и ветеринарство, ќе се изградат/зајакнат националните структури за работа со Codex и со тоа ќе се заштити здравјето на потрошувачите.

7. Зелен климатски фонд (ЗКФ) – До сега се одобрени два подготвителни проекти за формирање структура во државата за користење на средствата од Зелениот климатски фонд, финансиски инструмент за финансирање проекти за адаптација кон климатските промени во приоритетните сектори. Двата подготвителни проекти (Readiness Projects) се во износ од 611.285 УСД.

Регионални проекти:

8. Проект за подобрување на контролата на штетници на растенија и системот за фито-санитарна сертификација во износ од 388.000 УСД ќе го помогне процесот на унапредување на фитосанитарниот систем на кој во последните неколку години, интензивно се работи на воспоставување систем за откривање на присуство односно отсуство на штетни организми на територијата на Република Северна Македонија.

9. Проект за итно справување со Африканска свинска чума на Балканот, во износ од 500.000 УСД, со цел навремено вклучување на Република Северна Македонија како дел од регионот каде се појави оваа сериозна болест. Агенцијата за храна и ветеринарство, како надлежна институција за ветеринарно здравство во Република Северна Македонија, ќе биде носител на Проектот а истиот има за цел да обезбеди механизми за подготвеност на националните служби и сите инволвирани страни во спречување на внес на болеста, односно да придонесе во унапредување на мерки за спречување на ширење на болеста.

10. Проект за подготовка на Стратегија за намалување на загуби и отпад од храна, во износ од 320.000 УСД се поклопува со еден од стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за решавање на ова горливо прашање, кое претставува еден од најголемите економски и социјални проблеми во нашата држава. Честопати Република Северна Македонија е ставена на листата на рекордери во загуби на храна и отпад од храна, а истовремено се соочува со проблем да обезбеди доволно храна за ранливите социјални категории. Бројките се многу загрижувачки и покажуваат дека 460.000 жители во нашата држава немаат постојан пристап до храна.

11. Проект во областа на рибарството и аквакултурата - "Подобрена методологија за собирање податоци за одржливо управување со рибни ресурси во Западен Балкан"во износ од 320.000 УСД. Со оглед на тоа, дека една од основните цели во областа на рибарството во Република Северна Македонија е овозможување на трајно користење на рибите преку одржлив развој, целта на овој проект е своевидна помош во креирањето на политиките во рибарството преку согледување на моменталните состојби, проценка на постоечките практики, нивна усогласеност со добрите меѓународни практики и нивен понатамошен развој.

7. Општи карактеристики на Република Северна Македонија со осврт на земјоделско-прехранбениот сектор

7.1 Географски карактеристики, клима и население

Република Северна Македонија е централна балканска држава во Југоисточна Европа, со површина од 25.713 км² и се граничи со четири држави: на исток со Бугарија, на север со Србија, на запад со Албанија и на југ со Грција. Должината на границите изнесува вкупно 850 km. Иако е копнена земја, Северна Македонија е на крстопат помеѓу два големи пан-европски транспортни коридори (број 8 и 10) кои ја поврзуваат централна Европа со Јадранското, Егејското и Црното море.

Карта на Република Северна Македонија



Релјефот на Република Северна Македонија е претежно ридско-планински со хетерогени природни услови и структура на земјиштето. Ридско-планинските делови опфаќаат 79% од вкупната територија, рамнинскиот дел 19%, а останатото се водни површини.

Република Северна Македонија е главно под влијание на три климатски типови: континентална, планинска и медитеранска клима. Климатските фактори допринесуваат земјата да се карактеризира со топли и суви лета и студени и влажни зими. Инсолацијата и температурите во земјата се покачуваат од север кон југ.

Средната годишна количина на врнежи во планините е околу 1.000-1.500 mm, а во котлините 600-700 мм. Климатските индикатори, меѓу кои - сушата, раните есенски и доцните пролетни мразеви се ограничувачки фактори на интензивното земјоделско производство.

Најголем регион по површина е пелагонискиот, со најмногу населени места, околу 343, и со мала густина на населеност од 50 жители на км², додека најмалиот регион, скопскиот има изразито густа населеност од 319 жители на км² и повеќе од една четвртина од вкупното население во Република Северна Македонија. Полошкиот и југозападниот регион се издвојуваат според високото учество на населението кое живее во руралните средини, додека во другите региони руралните населби се поретко населени.

Според проценката на населението (состојба 31.12.2020 година), во Република Северна Македонија има 2 068 808 жители, што е за 2 470 лица или за 0.1 % помалку во однос на 2015 година и 11 524 лица или 0.6 % повеќе во однос на 2010 година.

7.2 Макроекономска рамка

Според дефинитивните податоци на Државниот завод за статистика бруто-домашниот производ во 2019 година изнесува 692 683 милиони денари. Реалната стапка на раст на БДП во 2019, во однос на 2018 година, изнесува 3,9%. Бруто домашниот производ за земјоделство, шумарство и рибарство во 2019 година изнесува 56.331 милиони денари и учествува со 8,1% во вкупниот БДП, според производниот метод по тековни цени.

Според производниот метод по тековни цени (претходни проценети податоци од Државен Завод за Статистика) бруто-домашниот производ во 2020 година изнесува 664 010 милиони денари. Реалната стапка на раст на БДП во 2020, во однос на 2019 година, изнесува -4,1%. Бруто домашниот производ за земјоделство, шумарство и рибарство во 2020 година изнесува 60.381 милиони денари и учествува со 9,1% во вкупниот БДП.

Табела 12: Макроекономски показатели (2015-2020 година)

Показател	Единица	2015	2016	2017	2018	2019	2020[1]
Население	`000	2 071	2 073	2 075	2 077	2 076	2 068
БДП во тековни цени	мил.евра	9 072	9 657	10 038	10 744	11 262	10 832[1]
БДП во тековни цени	мил.денари	558 954	594 795	618 106	660 878	692 683	664 010[1]
БДП по глава на жител	евра	4 382	4 659	4 839	5 175	5 423	5 238[1]
Учество на земјоделски сектор во БДП	%	9.7	9.1	7.9	8.5	8,1	9,1[1]
Економски развој (стапка на реален раст на БДП)	%	3.9	2.8	1.1	2.9	3.9	-4,1[1]
Стапка на невработеност	%	28	26.1	22.4	20.7	17,3	16,4[1]

1 Бруто-домашен производ на Република Северна Македонија во 2020 година – претходни проценети податоци
Извор: ДЗС 2021 , НБРМ

Во 2019 година, во Република Северна Македонија се реализирани 145 756 милиони денари инвестиции во основни средства, што е за 10.1 % повеќе во однос на 2018 година.
Според податоци на Државниот завод за статистика, стапката на невработеност, како учество на бројот на невработените во вкупната работна сила за 2020 година изнесува 16,4%, а во 2019 година 17,3%.

7.3 Општи состојби во агрокомплексот

Според податоците од Државен завод за статистика, земјоделското земјиште (обработливи површини и пасиштата) во 2020 година зафаќа околу 1.261.687 хектари. Скоро една половина од земјоделското земјиште е обработливо (517 039 ха) или 41% од вкупно земјоделско земјиште, а другата половина се пасишта (743 911 ха). Најголем удел во површината под ораници и бавчи имаат житата засеани на вкупна површина од 159.059 ха хектари и во споредба со површините во 2019 година се намалени за 0,6% или се застапени на околу 30,8% од обработливите површини во 2020 година, додека пасиштата се на површина од 743. 911 ха и споредбено со 2019 година површините под пасиштата се намалени за 90 ха и зафаќаат околу 59% од вкупната земјоделска површина.
Површините под ораници и бавчи во 2020 година се намалени за 0,6%, лозовите насади се намалени за околу 492 ха, а површините под овоштарници се зголемени за околу 311 ха.

Табела 13: Земјоделски површини (во илјади хектари), 2014-2020 година

	Земјоделска површина	Вкупна обработлива површина	Ораници и бавчи	Овоштарници	Лозја	Ливади	Пасишта
2014	1 263 155	511 579	413 249	15 309	23 061	59 960	751 086
2015	1 264 408	513 564	415 004	15 856	23 240	59 464	750 359
2016	1 267 134	516 644	417 456	16 138	23 613	59 437	749 772
2017	1 266 008	516 870	416 709	16 546	23 703	59 912	748 413
2018	1 264 139	518 740	418 140	16 827	24 088	59 685	744 667
2019	1 264 578	519 848	418 823	16 784	24 468	59 773	743 991
2020	1 261 687	517 039	416 070	17 095	23 976	59 898	743 911

Разликата од земјоделската површина и збирот на обработливата површина и пасиштата претставува површина под трски, бари и рибници
Извор: ДЗС, 2020

7.4 Карактеризација на руралните средини

Економското, социјалното и демографското значење, како и значењето на животната средина во руралните средини во Република Северна Македонија за севкупниот развоен процес е многу големо.
Во руралните средини кои зафаќаат околу 87% од вкупната површина на државата, живее 45% од вкупното население. Земјоделството претставува најзначајна економска дејност во руралните средини која влијае на ублажување на сиромаштијата и невработеноста. Споредбата помеѓу исклучиво земјоделски домаќинства, мешани домаќинства каде барем еден член од семејството е вработен надвор од земјоделството и домаќинства без земјоделски активности, покажува дека мешаните домаќинства имаат најголеми приходи, после следат земјоделските домаќинства и како најсиромашни се неземјоделските селски домаќинства.
За периодот 2017-2019 година, во просек 45% од вкупниот број на вработени во државата (342.474) се вработени во руралните средини. Од нив 19% се самовработени, а 12% е неплатен семеен труд. Со учество од само 35%, диспаритетот на вработеноста на жените во однос на мажите во руралните средини останува значителен и е поголем од оној во урбаните средини каде учеството е поизбалансирано и изнесува 43%. Високиот процент на рурални жени кои не се активни на пазарот на труд произлегува од нивниот ангажман во домот, како што е грижа за деца, грижа за постари лица и други домашни обврски кои претставуваат неплатена работа. Дури и кога работниот труд на жената е платен, тие заработуваат само 33% од она што го заработуваат мажите во истиот сектор.
Пристапот до ресурси и можности за економско и социјално зајакнување помеѓу мажите и жените во руралните средини е ограничен, па така, бројот на жени-носители на стопанствата во рамките на вкупниот број земјоделци изнесува само 10,4%, а само 12,01% од жените се сопственици на земјиште со ниско учество во процесот на донесување одлуки релевантни за производствените активности. Поради неповолната позиција на жените како удел во работната сила и во однос на приходите во семејството, младите жени во руралните области најчесто не ја гледаат својата иднина во земјоделство и се подготвени да останат во руралните области само ако се во можност да добијат друг тип на вработување.
Освен откупувачите и преработувачи на овошје и зеленчук и винариите кои се извозно ориентирани, поголемиот дел од бизнисите во руралните региони се мали компании насочени кон задоволување на локалните или регионални пазари. Од покрупните капацитети во рурални области се наоѓа скоро целата индустрија за преработка на храна (со исклучок на преработката на месо и кланици). Генерално, развојот на индустријата во сите региони е ограничен од квалитетот на патната и деловната инфраструктура и сè повеќе од недостигот на квалификувана работна сила.
Во руралните средини постои добар потенцијал за развој на руралниот туризам, но тој сеуште е недоволно развиен (само 4% од вкупните сместувачки капацитети се наоѓаат во руралните области). Скоро половина од територијата на државата има потенцијал за развој на атрактивни туристички производи. Природното и културно наследство како потенцијал за развој на руралниот туризам се препознаени од страна на единиците на локална самоуправа кои истиот го имаат наведено како една од целите во нивните стратегии за локален економски развој. Занаетчиството е исто така идентификувано како сектор кој може да придонесе во создавање на приходи и работни места, особено во поизолираните рурални области кои не се привлечни за другите бизниси. Сепак, соочен со индустриското производство, овој сектор стагнира во последните години и постои тенденција на изумирање на голем број од традиционалните занаети.
Руралното население е лишено во однос на населението во урбаните области во многу аспекти. Така, 36% од оние кои живеат во рурални области се соочуваат со проблем на пристап до банкарски услуги, 24% пристап до поштенски услуги и 20% пристап до културни објекти. Основните услуги за транспорт не се достапни или се тешко достапни за 22% од населението во руралните области. Потребата од подобрување на патната мрежа во

руралните области е нагласена како висок приоритет како во низинските села (51%), така и во планинските села (54%).
Пристапот до образование за децата од руралните области е донекаде задоволителен што се однесува за основните училишта, додека во однос на средното образование растојанието до училиштата има негативно влијание. Телефонската мрежа (фиксна линија и GSM) ја покрива целата територија на државата, а огромен раст има пенетрацијата на интернетот кој од 1,5% достапност од домаќинствата во 2000 година, се искачи на 58,3% во 2012 година и 82% во 2019 година. Националните и локални телевизии, вклучувајќи кабелски и сателитски и радиа се широко достапни низ целата земја.
Квалитетот на физичката и социјалната инфраструктура во руралните области е влошен во текот на изминатите декади како резултат на недоволното инвестирање во развојот и одржувањето. И покрај тековните инвестиции на владата и општините во модернизација и проширување на патната инфраструктура, состојбата на патната мрежа е сѐуште незадоволителна во однос на поразвиените соседни земји и просекот на ЕУ. Малите и економски слаби рурални општини имаат значителни проблеми за одржување на квалитетот и пристапот до основните услуги, особено за населените места со помал број жители, што резултира со поголемо незадоволство од квалитетот на животот кај руралното население во однос на она кое живее во урбаните средини. Оттука, постои потреба за понатамошно подобрување на физичката инфраструктура и основните услуги во руралните области со цел да се подобри квалитетот на животот, а со тоа и нивната конкурентност и способност да ја задржат помладата и подобро образована популација и да привлечат инвестиции.
Како резултат на состојбите, во руралните средини се одвиваат интензивни и динамични миграциони процеси во различни насоки. Согласно „Стратегијата за рамномерен развој 2020-2030 година", во периодот од 2014 до 2019 година, 35,1% од внатрешните миграции биле на релација село - град, 21,6% се одвивале од град во село, миграциите помеѓу селата учествувале со 34,7%, а меѓуградските со само 8,6%. При тоа, 43,7% од вкупните доселувања биле кон Скопскиот плански регион кој во анализираниот период е единствениот регион со позитивно миграциско салдо. Во вкупните внатрешни преселби жените се најприсутни, поточно учествуваат со над 70% во сите региони.

7.1. Карактеристики на работната сила во земјоделството

Учеството на вкупното активно население анагажирано во земјоделството во 2019 година изнесува 13,9%. Од вкупно 111.033 луѓе кои се занимаваат со земјоделство, 35% (38.478) се неплатени семејни работници, 49% се самовработени и околу 15% се редовно вработени. Околу 17% (18.379) од вкупната ангажирана работна сила во земјоделството се ангажирани на одредено време или како сезонски работници. Повеќе од половина од вкупно вработените лица во земјоделството се ангажирани во растителното производство, а останатите се занимаваат со мешовито производство и одгледување на добиток. Пресметан преку еквивалентни годишни работни единици, ангажираниот труд во земјоделските стопанства во земјата е проценет на 151,5 илјади во 2018 година. Од нив 60% се платени еквиваленти, додека останатите труд на ангажирани членови на семејните земјоделски семејствата што повторно укажува на веќе констатираниот голем број на семејни земјоделски стопанства.
Еден од најголемите проблеми во земјоделскиот сектор во земјата е стареењето на работната сила. Според структурното истражување на ДЗС од 2016 година, само 4% од носителите на земјоделските стопанства се млади на возраст под 35 години (или 7.254), 34% имаат помеѓу 35 и 54 години (61.724) и најголемиот дел од 62% или 111.268 се постари од 55 години. Односот помеѓу бројот на млади носители на земјоделски стопанства (под 35 години) и бројот на земјоделци од 55 години или постари е многу неповолен и изнесува 0.07 (што е приближно на европскиот просек од 0,09). Според податоците од ЕРЗС, во 2020 година учеството на млади земјоделци со возраст до 40 години носители на евидентираните земјоделски стопанства во вкупниот број земјоделски стопанства изнесува само 14% (24.423 од вкупно 175.088). Пониските примања споредено со останатите алтернативи во националната економија и несоодветните услови за живот во руралните области делуваат дестимулативно младите да останат и започнат земјоделски бизниси. Поради миграциите веќе е евидентна состојбата за

недостаток на квалификувана работна сила во земјоделството, особено кај трудо-интензивното производство.
Покрај старосната структурна, неповолна е и образовната структура во земјоделството. Согласно структурното истражување од 2016 година, најголем дел од земјоделците имаат завршено или незавршено основно образование (44,5% или 80.269 лица) и средно образование (43,3% или 77.996 лица). Само 9.359 од нив, или 5,2% се со формално образование од земјоделските науки. Оттука произлегува дека на поголемиот дел од земјоделската работна сила и недостасува формално земјоделско образование, обуки и менаџерски и деловни вештини. Постојниот советодавен систем со помалку од 100 активни советници е недоволен во обем и квалитет на понудени услуги соодветно да одговори на потребите на учесниците во секторот за поддршка на процесот на нивна модернизација, реструктуирање и доследно почитување на барањата за вкрстена сообразност, промовирање на иновации и дигитализација.
Степенот на дигитализација на домаќинствата во рурални средини е минимално обезбеден преку паметните мобилни телефони застапени кај 88,6% од руралното население, но бројот на оние кои поседуваат персонален компјутер или лаптоп изнесува 37,1% за разлика од близу 60% во урбаните средини.
Генералната продуктивност на трудот во земјоделството во однос на создадената вредност (НДВ/ГРЕ) и ангажираното земјиште е ниска како резултат на малиот земјишен капацитет по стопанство, мешовитото производство и слабата ангажираност на технологија. Максималниот износ од 5.214 евра во 2018 година, кој е резултат на зголемувањето на остварената вредност сеуште е значително понизок од просекот на ЕУ27 од 13.000 евра. Продуктивноста на факторот земјиште има зголемувачки позитивни износи поради релативно фиксната големина на земјоделската површина, освен во 2017 кога е намалена за 13% како резултат на климатските влијанија на остварената вредност на производството.

8. Вредност на производството на земјоделскиот сектор

8.1 Економски сметки во земјоделството

Според податоците од Државниот завод за статистика, бруто додадената вредност во земјоделството во 2019 година изнесува 48.977 милиони денари и во однос на 2018 година бележи номинален пад од 8,26%. (53.389 милиони денари).
Разгледувано по тековни цени, вредноста на земјоделското производство во 2019 година изнесува 78.463 милиони денари, што претставува намалување од околу 5,2% во споредба со 2018 година. Растителното производство вообичаено зазема најголем дел од вредноста на земјоделското производство (77,6% учество) и во 2019 година изнесува 60.898 милиони денари, односно вредноста е намалена за 3,95% во споредба со 2018 година, додека кај добиточното производство со 10.193 милиони денари, вредноста е намалена за 2,90% во споредба со 2018 година. 417 милиони денари отпаѓа на услугите во земјоделството и истите се намалени за 2,1% во споредба со 2018 година (426 милиони денари).

Табела 14: Вредност на земјоделско производство, по тековни цени 2018-2019

	2018	2019
01 Жита	6 435	5 962
02 Индустриски растенија	5 159	5 432
03 Фуражни растенија	7 216	7 253
04 Градинарски производи	27 919	26 721
05 Компири	2 540	2 847
06 Овошје	10 013	8 423
07 Вино	4 119	4 260
10 Растително производство (01 до 07)	63 401	60 898
11 Добиток	8 485	6 956
12 Добиточни производи	10 498	10 193
13 Добиточно производство (11+12)	18 983	17 148

14 Производство на земјоделски производи (10+13)	82 384	78 046
15 Услуги во земјоделството	426	417
16 Земјоделско производство (14+15)	82 810	78 463
17 Неземјоделски секундарни дејности (неделиви)	1 659	1 470
18 Субвенции на производи	6 324	6 469
19 Производство на земјоделската „деловна гранка" (16+17+18)	90 793	86 402
20 Вкупна меѓуфазна потрошувачка	37 404	37 424
21 Бруто-додадена вредност по основни цени (19-20)	53 389	48 978

Извор: ДЗС

Вкупна меѓуфазната потрошувачка, во 2019 година, изнесува 37.424 милиони денари што е на приближно исто ниво како 2018 година. Во однос на вкупната меѓуфазна потрошувачка, во 2019 година најзначајно место заземаат трошоците за добиточна храна (29,5 %) и трошоците за енергија и мазива (25%). Значајно место во структурата на трошоците заземаат и трошоците за заштита на растенијата и пестициди (12%), одржување на материјали (9,3%), семе и посадочен материјал (3,4%), ѓубрива и средства за подобрување на земјиштето (4,3%).
Во 2020 година бројот на вработени во секторот земјоделство, шумарство и рибарство е намален за околу 14% во споредба со 2019 година.
Учеството на земјоделскиот сектор во вкупната вработеност има тренд на намалување од 18,5% во 2014; 13,9% во 2019 и 12% во 2020 година.

Табела 15: Учество на вработени во сектор земјоделство, шумарство и рибарство во вкупно вработени во период 2014-2020 година

година	2014	2015	2016	2017	2018	2019	2020
Вкупно	690 188	705 991	723 550	740 648	759 054	797 651	794 909
Земјоделство, шумарство и рибарство	127 438	126 126	120 303	120 311	119 337	111 033	95 545
Учество во %	18,5	17,9	16,6	16,2	15,7	13,9	12,0

Извор: ДЗС, 2021

Создавањето работни места претставува најголем приоритет во Република Северна Македонија, а понатамошната модернизација и развој на земјоделско-прехранбениот сектор може да генерира создавање работни места и економски раст. Големи рурални средини остануваат депопулирани и нивните ресурси се неискористени, со негативни економски, социјални и еколошки последици. Бројот на населението во руралните средини стагнираше во текот на последната деценија, земено како учество во бројот на вкупното население, со околу 42,3% во 2017 година. Можностите за вработување во руралните средини се ограничени и доминира единствено земјоделството како стопанска гранка. Сите овие фактори го ограничуваат отворањето работни места во руралните средини и економскиот раст.

Просечната исплатена месечна нето-плата во Република Северна Македонија во 2020 година изнесува 27.146,00 денари а во секторот земјоделство, шумарство и рибарство изнесува 21.850,00 денари што претставува за 20% пониска нето-плата од просечно исплатената во државата.

9. Земјоделско производство

9.1 Растително производство

Од вкупните обработливи површини во 2020 год. ораниците и бавчите зафаќаат 416 070 ха или 80,5%, ливадите 59 898 ха или 11,6%, лозјата на 23 976 ха или 4,6% и овоштарници на 17 095 ха или 3,3%. Во 2020 година засеани се вкупно 260 938 ха со поледелски култури, што претставува намалување за околу 1,4% во споредба со 2019 година (264 543 ха) што се должи на намалените површини со ориз, пченка, грав, краставици, добиточен грашок и луцерка.

Табела 16: Вкупно засеана површина со поледелски култури, 2020/2019 година

ха	2019	2020	2020/2019 во %
Засеана површина	264 543	260 938	-1,4

Извор, ДЗС, 2021

Во структурата на засеаната површина во 2020 година, 58% отпаѓа на житни култури, 19% на градинарски култури, 15% на фуражни култури и 8% на индустриските култури.
Согласно податоците на ДЗС зголемување на засеаните површини во споредба со засеани површини во 2019 година е забележано само кај индустриските култури за 55 ха (сончоглед за околу 4%) додека кај останатите посеви површините се намалени од 0,4% кај житата, 1,4% кај градинарски посеви или за 681 ха и кај фуражите за околу 2,2%.

9.2 Житни култури

Житните култури во 2020 година се застапени на 157 528 ха, што претставува намалување за 690 ха или за околу 0,4% во споредба со 2019 година. Истото се должи на намалените површини со овес (-4,4%), пченка (-6,2%) и ориз (10,6%). Наспроти тоа кај пченицата површината е зголемена за 1,4%, кај ржта 2,7% и кај јачменот за 2,1%.

Графикон 3: Учество на видови житни култури во вкупната житна површина, 2020



Извор: ДЗС, 2021

Пченицата е најзастапена култура, односно со пченица е засеана површина од 69 902 ха, или околу 44,4% од засеаните површини под житни култури (157 528 ха). Производството на пченично зрно во 2020 година изнесувало околу 246 031 тони, што претставува зголемување од околу 2,5% во споредба со 2019 година и приносот по кг/ха е зголемен за 1,2%, односно во 2020 година изнесуваше 3 527 кг/ха, а во 2019 година 3 485 кг/ха.
Втора по значење житна култура е јачменот кој во 2020 година е застапен на околу 45 011 ха, што претставува 28,6% од површините под житни култури. Засеаните површини со јачмен покажуваат зголемување од околу 913 ха во 2020 год., со истовремено зголемено производство-147 711 тони во 2020 година или за околу 6,7 % во споредба со 2019 година. Просечниот принос по хектар исто така е зголемен во 2020 година за 4,2% во споредба со просечниот принос во 2019 година (3 283 кг/ха во 2020 и 3 151 кг/ха во 2019).
Пченката како житна култура е застапена на 32 013 ха или 20,3% од површините под житни култури, и во споредба со 2019 година засеаните површини се намалени за 6,2% или за 2110 ха. И покрај тоа што површините се намалени, вкупното производство на пченка е на приближно исто ниво како ланското, со оглед на тоа што просечните приноси по хектар се зголемени за 7,3%.
Оризот како житна култура традиционално се одгледува во одредени производни региони во Република Северна Македонија и во 2020 година е застапен на 3 177 ха со намалување од

10,6% или за 378 ха во споредба со 2019 година (3 555 ха). Производството на ориз во 2020 год. изнесуваше 19 518 тони, што претставува намалување од 1 760 тони или 8,3% во споредба со 2019 година (21 227 тони).

Табела 17: Површини и производство на житни култури, 2014-2020 година

	година	2014	2015	2016	2017	2018	2019	2020
Пченица	Засеана површина во хектари	76 861	73 979	79 898	72 965	73 072	68 959	69 902
	Ожнеана површина во хектари	76 686	73 060	79 832	72 864	70 987	68 847	69 765
	производство во тони	287 954	201 218	306 433	200 112	241 106	239 916	246 031
	Кг по хектар	3 755	2 754	3 838	2 746	3 396	3 485	3 527
`Рж	Засеана површина во хектари	4 380	3 760	4 490	4 071	3 838	3 834	3 936
	Ожнеана површина во хектари	4 167	3 758	4 483	4 065	3 836	3 809	3 936
	производство во тони	11 402	7 747	10 210	8 416	9 379	8 628	9 481
	Кг по хектар	2 736	2 061	2 277	2 070	2 445	2 265	2 409
Јачмен	Засеана површина во хектари	41 202	41 763	41 339	43 973	44 772	44 098	45 011
	Ожнеана површина во хектари	41 157	41 160	41 297	43 816	42 331	43 941	44 995
	производство во тони	153 055	101 677	144 832	93 666	130 028	138 453	147 711
	Кг по хектар	3 719	2 470	3 507	2 138	3 072	3 151	3 283
Овес	Засеана површина во хектари	2 878	3 107	3 609	3 480	3 600	3 649	3 489
	Ожнеана површина во хектари	2 873	3 070	3 607	3 415	3 591	3 640	3 489
	производство во тони	6 033	5 652	7 612	5 421	7 338	6 715	6 341
	Кг по хектар	2 100	1 841	2 110	1 587	2 043	1 845	1 818
Пченка	Засеана површина во хектари	30 493	31 807	31 083	31 429	36 417	34 123	32 013
	Ожнеана површина во хектари	30 461	31 651	31 045	31 287	36 340	33 967	31 912
	производство во тони	136 930	133 771	143 823	120 156	187 676	145 278	146 434
	Кг по хектар	4 495	4 226	4 633	3 840	5 164	4 277	4 589
Ориз	Засеана површина во хектари	5 174	5 018	5 040	3 500	3 222	3 555	3 177
	Ожнеана површина во хектари	5 174	4 985	5 040	3 274	3 222	3 481	3 177
	производство во тони	30 500	30 527	24 792	17 080	19 732	21 278	19 518
	Кг по хектар	5 895	6 124	4 919	5 217	6 124	6 113	6 144

Извор: ДЗС, 2021

9.3 Индустриски култури

Индустриските култури во 2020 година се застапени на околу 21 451 ха, што претставува намалување за 55 ха во споредба со 2019 година.

Тутунот претставува главна индустриска култура која е застапена на 16 592 ха или на 77,3% од површините под индустриски култури во 2020 година. Површините под тутун бележат благо намалување за 127 ха во споредба со 2019 година. Производството на тутун изнесува 26 122 тони, што претставува благо намалување од околу 0,5% во споредба со 2019 година.

Сончогледот е застапен на 4 859 ха или 22,7% од површините под индустриски култури, со зголемување на површините за 182 ха или 3,9% во споредба со 2019 година. Производството на сончогледово зрно во 2020 година изнесувало 6 073 тони што претставува намалување за околу 7,1% во споредба со 2019 година поради намалениот просечен принос за 6,2% или за 88 кг/ха.

Табела 18: Површини и производство на индустриски култури, 2014 - 2020 година

	Година	2014	2015	2016	2017	2018	2019	2020
Тутун	Засеана површина во хектари	17 757	16 128	16 379	15 961	16 582	16 719	16 592
	Ожнеана површина во хектари	17 756	16 128	16 376	15 959	16 582	16 679	16 591
	Вкупно производство во тони	27 578	24 237	25 443	22 885	25 547	26 234	26 112
	Кг по хектар	1 553	1 503	1 554	1 434	1 541	1 573	1 574
Сончоглед	Засеана површина во хектари	5 122	5 562	3 974	4 073	2 386	4 677	4 859
	Ожнеана површина во хектари	5 112	5 542	3 896	4 022	2 346	4 605	4 559
	Вкупно производство во тони	9 268	8 499	6 266	6 178	3 379	6 539	6 073
	Кг по хектар	1 813	1 534	1 608	1 536	1 440	1 420	1 332

Извор: ДЗС, 2021 година

Производство и откуп на тутун во РСМ, 2014-2020 реколта

Според податоците од ИСЕТ-Информативен систем за евиденција на тутун кој го води МЗШВ, во периодот од 2014 до 2020 година евидентирани се следните површини и број на тутунопроизводители.

Табела 19: Површини и производители на тутун, 2014-2020 реколта

Реколта	Засадена Површина во ха	Број на производители	Просечна површина по производител, ха
2014	13 615	32 643	0,42
2015	14 171	24 234	0,58
2016	13 958	23 438	0,60
2017	14 412	23 373	0,62
2018	14 505	23 426	0,62
2019	13 342	20 997	0,64
2020	12 114	19 702	0,61

Извор: МЗШВ

Од изнесените податоци се забележува дека просечна површина по производител на ниво на РСМ изнесува 0,61 ха. Во периодот 2014- 2020 година се забележува тренд на зголемување на просечната површина, од 0,42 ха/производител до 0,61 ха/производител.

Според податоците доставени од регистрираните откупувачи на тутун за производство и откуп на тутун за период од 2014 -2020 година е даден во Табела 20.

Табела 20. Откупена количина и просечна откупна цена на тутун, 2014-2020 година

Реколта	Откупена количина во тони	Просечна откупна цена во ден./кг.
2014	24 858	117,20
2015	18 910	184,50
2016	25 168	196,80

2017	23 544	217,60
2018	25 230	214,20
2019	26 296	219,90
2020	26.953	158,80

Извор: МЗШВ

Просечната откупна цена за реколта 2020 година изнесува 158,80 ден./кгр. или за 61,10 денари или за околу 27,8% помалку во однос на просечната откупна цена од реколта 2019 година (219,90 ден./кгр.). Пониската откупна цена на тутунот од реколта 2020 година е одраз на понискиот квалитет на тутунот во однос на реколта 2019 година, што може да се види според учеството на класите во вкупниот откуп.

Табела 21. Откупени количини на тутун од реколта 2020 споредено со реколтите од 2018 и 2019 година, по класи, во кгр.

КЛАСА	реколта 2018	% учество на класата	реколта 2019	% учество на класата	реколта 2020	% учество на класата
I	7.533.666	29,9	7.719.486	29,4	788.818	2,9
II	13.310.187	52,8	16.040.064	61,0	8.648.386	32,1
III	3.976.266	15,8	2.486.803	9,5	12.889.197	47,8
IV	407.981	1,6	47.903	0,2	4.259.992	15,8
Вкупно ароматичен тутун во кгр.	25.228.099		26.294.256		26.586.341	
I	399	0,0	149	0,0	203.997	0,8
II	96	0,0	81	0,0	136.546	0,5
Мувлив во кгр.	1.075	0,0	1.038	0,0	25.883	0,1
СЕ ВКУПНО	25.229.669	100%	26.295.524	100%	26.952.820	100%

Извор: МЗШВ

Според процентот на учество на класите во 2020 година необработениот тутун најмногу се откупувал во III класа и тоа 47,8% од вкупно откупената количина, потоа во II класа околу 32%, а во IV класа 15,8%. Откупот на тутун во I класа од реколта 2020 година изнесува 2,9% што претставува намалување за околу 27% во однос на реколтите од 2018 и 2019 година.
Производството на ферментиран тутун во 2020 година беше 17.048 тони што претставува за -32,8% помало производство од 2019 година. Производството цигари од тутун во 2020 година изнесуваше 2.098 тони или за -35,7% помало производство од 2019 година.

Година	2019	2020	2020/2019 во %
Цигари од тутун /тони	3.264	2.098	-35.7
Ферментиран тутун/тони	25.381	17.048	-32.8

Извор: ДЗС

Афионот е ценета индустриска култура како маслодајно и лековито растение од која се добиваат два производа семе и чушки. Семето се користи за добивање масло, а чушките за добивање морфиум и други лековити алкалоиди. Афионовото семе е богато со масло и содржи 50-60%. Две третини од ова масло се користи како првокласно масло за јадење, а една третина служи како полусушливо масло за изработка на бои, лекови, сапуни и др. Афионовото ќуспе служи како одлична храна за млечниот и гоениот добиток. Афионовото семе со темносина боја се користи во слаткарството. Сувите чушки служат како суровина од која се екстрахираат алкалоидите морфиум, кодеин, нарцеин, тебаин, папаверин и други кои

се употребуваат во фармацевтската индустрија. Морфиумот и другите алкалоиди се добиваат по пат на екстракција од млечниот сок на растенијата, со засекување на афионовите чушки од опиумскиот афион. Стеблото на афионот се користи за горење.
Според податоци од Алкалоид АД Скопје, единствениот регистриран откупувач на афион, во производната 2020 година афионот е засаден на површина од 24 ха, односно за 9 ха поголема површина во однос на 2019 година. Откупени се вкупно 8.705 кгр. афионови шишарки, што претставува зголемување од околу 5.170 кгр. За тоа производство склучени се вкупно 65 договори за производство и откуп или за 26 договори повеќе од 2019 година.

Табела 22: Договорена површина и откуп на афион, 2017-2020 година

Година	Договорена површина во ха	Број на склучени договори	Откуп на афионови шишарки во кгр.
2017	59	113	6.260
2018	41	75	5.398
2019	15	39	3.536
2020	24	65	8.705

Извор: Алкалоид АД Скопје

9.4 Фуражни култури

Фуражните посеви во 2020 година се засеани на вкупна површина од 35.247 ха. Во споредба со засеаните површини во 2019 година (36.037 ха) има намалување на засеаните површини од 2,2% или околу 790 ха во споредба со 2019 година. Најзастапени површини со засеаните фуражни култури се во сточарско-развиените подрачја. Недостатокот од фуражни култури и добиточна храна е еден од главните ограничувачки фактори за развој на сточарството што негативно се одразува на трошковната структура на производството на месо и млеко.
Најголем удел во засеаната површина под фуражни култури бележи луцерката на засеана површина од 19.096 ха или со 54,2%, детелината на површина од 4.015 ха или со 11,4% и крмна пченка засеана на површина од 8.216 со 23,3 % учество. Најмало учество во засеаните фуражни култури завземаат граорот со 5,6%, добиточен грашок 4,3% и 1,3% добиточната репка.

Графикон 4: Структура на површините под фуражни култури, 2020 година

Извор: ДЗС, 2021

Производството на фуражни култури во 2020 година е на приближно исто ниво како минатата година, со исклучок на добиточната репка каде има намалено производство за околу 9,7% во

однос на 2019 година. Кај добиточниот грашок производството во 2020 година е зголемено за околу 13% во однос на 2019 година.

Табела 23: Површини и производство со фуражни култури, 2014-2020 година

Вид на фуражна култура	Година	2014	2015	2016	2017	2018	2019	2020	2020/ 2019
Детелина	Засеана површина во хектари	3 593	3 544	3 727	3 716	3 707	3 927	4 015	102.2
	Ожнеана површина во хектари	3 583	3 544	3 725	3 716	3 685	3 922	4 012	102.3
	производство во тони	17 203	15 781	17 720	14 829	20 314	20 501	20 297	99.0
	Кг по хектар	4 801	4 453	4 757	3 991	5 513	5 227	5 059	96.8
Луцерка	Засеана површина во хектари	19 739	19 405	19 628	19 511	19 738	19 710	19 096	96.9
	Ожнеана површина во хектари	19 678	19 301	19 579	19 487	19 698	19 455	19 076	98.1
	производство во тони	130 768	111 143	111 731	98 083	115 975	107 048	104 065	97.2
	Кг по хектар	6 645	5 758	5 707	5 033	5 888	5 502	5 455	99.1
Граор	Засеана површина во хектари	2 201	2 034	1 922	2 180	2 065	2 018	1 960	97.1
	Ожнеана површина во хектари	2 201	2 034	1 922	2 180	2 065	2 018	1 960	97.1
	производство во тони	7 488	7 010	7 052	6 633	7 856	6 464	6 659	103.0
	Кг по хектар	3 402	3 447	3 669	3 043	3 804	3 203	3 397	106.1
Добиточен грашок	Засеана површина во хектари	1 432	1 484	1 269	1 675	1 647	1 646	1 499	91.1
	Ожнеана површина во хектари	1 406	1 472	1 253	1 640	1 428	1 639	1 499	91.5
	производство во тони	5 582	4 193	4 210	5 557	4 976	4 684	5 315	113.5
	Кг по хектар	3 970	2 849	3 360	3 389	3 484	2 858	3 546	124.1
Крмна пченка	Засеана површина во хектари	3 561	5 136	6 385	6 388	6 245	8 261	8 216	99.5
	Ожнеана површина во хектари	3 554	5 125	6 378	6 384	6 196	8 231	8 216	99.8
	производство во тони	90 392	119 985	193 708	137 186	176 656	187 246	189 439	101.2
	Кг по хектар	25 434	23 412	30 371	21 489	28 511	22 749	23 057	101.4
Добиточна репка	Засеана површина во хектари	378	386	387	383	376	475	461	97.1
	Ожнеана површина во хектари	378	386	387	382	376	475	461	97.1
	производство во тони	3649	3 051	3 596	3 468	3 481	4 151	3 750	90.3
	Кг по хектар	9654	7 905	9 293	9 079	9 257	8 739	8 134	93.1

Извор: ДЗС, 2021

9.5 Градинарски култури

Градинарството на отворено е еден од најзначаните подсектори на земјоделското производство, со голем извозен потенцијал и претставува основа за работа на преработувачката индустрија на зеленчук, која во голем дел е извозно ориентирана. Во структурата на градинарските површини во 2020 година најзастапен е компирот на околу 12 627 ха или 26,2% од вкупно засадените површини под градинарски култури, пиперките со 19,2%, доматите со удел од 11,4%, бостанот со 10,7%, зелката со 9,4%, гравот со 9,2%,

кромидот со 7,5% и краствиците и ликот со по 2% учество. Во споредба со 2019 година вкупно засеаната површина со градинарски култури е намалена за 1,4% или за 680 ха.

Графикон 5: Структура на градинарските површини во %, 2020 година



Извор: ДЗС, 2021

Графикон 6: Градинарско производство, 2014-2020 година



Извор: ДЗС, 2021

Производството на компир е 191 775 тони, што претставува зголемување од околу 1,5% во споредба со 2019 година. Следи производството на пиперки со вкупно производство од 204 919 тони или зголемување на производство за 10,5%, кромид со производство од 63447 тони, со зголемување од 7,0% и доматите со обем на производство од 155 131 тони, што претставува зголемување од 1,8% во споредба со 2019 година.

Значајна улога во вкупно производство на градинарски култури завзема и производството на зелка како чист посев (126 547 тони) што е за околу 1,5% помало производство од 2019 година.

Табела 24. Површини и производство на градинарски култури (меѓупосев) на отворено

	Година	2014	2015	2016	2017	2018	2019	2020
Грав-	Ожнеана површина во хектари	8 781	8 795	8 663	8 472	8 545	8 511	8 175

меѓупосев	Вкупно производство во тони	7 185	7 789	6 709	5 095	7 256	5 933	5 149
	Кг по хектар	818	886	774	601	849	697	630
Компир-меѓупосев	Ожнеана површина во хектари	192	224	281	248	288	330	293
	Вкупно производство во тони	708	998	1 391	1 230	1 507	1 504	1 651
	Кг по хектар	3 688	4 456	4 950	4 960	5 233	4 558	5 635
Зелка-меѓупосев	Ожнеана површина во хектари	1 504	1 300	1 199	1 239	1 237	1 275	1 188
	Вкупно производство во тони	48 502	48 865	45 354	48 518	45 285	45 138	41 913
	Кг по хектар	32 249	37 588	37 826	39 159	36 608	35 402	35 281

Извор: ДЗС 2021

Во 2020 година вкупната површина под градинарски меѓупосеви е намалена за околу 4,5% во споредба со 2019 година и тоа кај следните култури: компирот за 11,2%, кај зелка-меѓупосев за 6,8% и кај грав-меѓупосев за 4,0%. Производството на грав е 5 149 тони или за 13,2% помало производство од 2019 година. Производството на компир-меѓупосев е зголемено за околу 147 тони, а производството на зелка е намалено за околу 7%.

9.6 Градинарско производство во заштитени простори без загревање – пластеници

Согласно податоците на МЗШВ, во 2020 година ранаградинарското производство во заштитени простори без загревање (пластеници) беше застапено на површина од околу 5.142 ха или за 319 ха поголема површина во споредба со 2019 година, што се должи на зголемената површина под зелка (за +206 ха), под благ пипер (за +103 ха), лут пипер (за +7 ха) и кај доматот (за +2 ха). Вкупно оствареното производство од околу 217.417 тони на градинарски култури претставува зголемување во однос на 2019 година за 4,3%. Истото се должи на зголеменото производство на благ пипер за 5% и кај зелката за околу 9%.
Најзастапена култура во производството во пластеници е зелката која е засадена на 2.448 ха со остварено производство од околу 85.401 тони. Следува благиот пипер кој е засаден на површина од околу 1.354 ха со остварено производство од 50.066 тони. Трета најзначајна култура во овој вид на производство е доматот кој е засаден на 1.165 ха со остварено производство од околу 77.952 тони. Пластеничкото производство на млад кромид се одвива на површина од 22 ха со остварено производство од 364 тони, а на млад лук на површина од 13 ха со годишно производство од 218 тони. Компирот е застапен на 107 ха со годишно производство од 2.420 тони.

Табела 25: Градинарско производство во заштитени простори
без загревање – пластеници, 2019 -2020 година

Извор: МЗШВ, 2021

9.7 Градинарско производство во оранжерии

Градинарското производство во оранжерии во производната 2020 година беше застапено на вкупно 120 ха или за 6 хектари поголема површина во однос на 2019 година, што се должи на зголемената површина под зелка за +5 ха, на краставица за +4 ха и благ пипер за +3 ха. Само

култура	Расадена површина во ха		Остварено производство во тони	
	2019	2020	2019	2020
Домат	68	62	6.090	6.137
Краставица	19	23	1.743	2.214
Благ Пипер	8	11	72	610
Зелка	10	15	323	550
Кратка краставица	9	9	500	598
Вкупно	114	120	8.728	10.109

кај оранжерискиот домат површината во 2020 година е намалена за -6 ха во однос на 2019 година.

Вкупно оствареното производство во 2020 година од 8.728 тони на рано градинарски производи. Најзначаен рано градинарски производ е доматот кој е застапен на површина од 62 ха со остварено производство од околу 6.137 тони.

Втора по значење култура е оранжериската краставица која е засадена на површина од 23 ха со остварено производство од околу 2.214 тони или за +27% поголемо производство во однос на 2019 година.

Табела 26: Површина и производство на градинарски култури во оранжерии, 2019-2020

Извор: МЗШВ, 2021

култура	Расадена површина во ха		Остварено производство во тони	
	2019	2020	2019	2020
Домат	1.163	1.165	78.336	77.952
Компир	107	107	2.631	2.420
Благ Пипер	1.251	1.354	47.657	50.066
Лут пипер	24	31	988	950
Млад лук	14	13	218	218
Млад кромид	22	22	365	364
Зелка	2.242	2.448	78.274	85.401
Останати култури	0	2	0	46
Вкупно	4.823	5.142	208.469	217.417

Производството на зелка исто така бележи зголемување за +70% во однос на 2019 година.

9.8 Овоштарство

Површините под овошни насади опфаќаат околу 3,3% од вкупната обработлива површина односно 17095 ха. Споредено со минатата година забележан е пораст на вкупните површини под овошни насади за 311 ха.

Производството на јаболки е главна гранка од овоштарскиот сектор во Република Северна Македонија и зафаќа околу 56% од вкупното производство на овошје. Јаболковите насади се застапени на околу 5 900 ха, што претставува речиси една третина од површините под овошни култури. Најзначајни реони за производство на јаболка се езерските (Ресенско-Охридски), каде се произведува околу 75% од вкупните количества на јаболка. Производството на јаболки во 2020 година изнесува околу 105 794 тони, што претставува зголемување од околу 19,3% во споредба со минатата година, што се должи на зголеменото производство по родно дрвце од околу 3 кг. Околу 25% од вкупното производство на јаболки се пласира на домашен пазар додека останатите 75% се преработува или извезува.

Производството на сливи е второ по значење во овој потсектор и се карактеризира со производство во 2020 година од околу 34 983 тони, односно зголемено производство во споредба со 2019 година за 2 680 тони, пред се како резултат на зголемениот број на родни стебла за околу 2,8%.

Следува производството на вишна со 9 892 тони или за 13,8% зголемено производство во споредба со 2019 година, како резултат на зголемениот број на родни стебла за околу 7%. Вкупното производство на череша во 2020 година изнесува 6 258 тони, што претставува зголемување од 3,5% во споредба со 2019 година, како резултат на зголемениот принос по стебло од 4,0%.

Праската како овошен вид е од локално економско значење за Повардарскиот регион особено за Тиквешијата. Како култура, праската во 2020 година продуцирала род од 24 кг од стебло, што претставува зголемување од 2 кг по стебло, како резултат на што вкупните приноси на ниво на држава изнесуваат 12 765 тони што претставува зголемување од 6,3% во споредба со минатата година.

Табела 27: Вкупен број на стебла, родни стебла и производство на овошје во тони, 2016-2020 година

Година			2016	2017	2018	2019	2020
Број на стебла	Вкупно	Круши	446 603	456 053	493 346	496 937	491 746
	Родни		408 930	415 451	453 775	461 341	467 445
Производство	Вкупно (тони)		7 206	5 052	8 055	8 048	8 790
	kg/стебло		18	12	18	17	19
Број на стебла	Вкупно	Череши	244 054	236 663	256 710	258 082	259 591
	Родни		200 636	216 022	231 943	237 519	242 360
Производство	Вкупно (тони)		5 574	4 061	5 824	6 045	6 258
	kg/стебло		28	19	25	25	26
Број на стебла	Вкупно	Кајсии	210 050	208 705	218 646	215 714	217 670
	Родни		194 812	198 468	201 508	209 910	207 004
Производство	Вкупно (тони)		3 471	3 992	9 904	6 087	3 434
	kg/стебло		18	20	19	29	17
Број на стебла	Вкупно	Јаболки	4 165 561	4 498 383	4 875 902	4 892 546	4 896 536
	Родни		3 855 682	4 345 129	4 724 399	4 788 670	4 804 837
Производство	Вкупно (тони)		101 087	43 366	140 296	88 701	105 794
	kg/стебло		26	10	30	19	22
Број на стебла	Вкупно	Сливи	1 772 493	1 733 364	1 732 823	1 745 253	1 779 911

	Родни		1 656 808	1 659 261	1 670 820	1 672 609	1 718 622
Производство	Вкупно (тони)		33 684	17 880	37 719	32 303	34 983
	kg/стебло		20	11	23	19	20
Број на стебла	Вкупно	Вишни	1 092 387	1 153 260	1 206 349	1 102 404	1 111 068
	Родни		892 172	952 974	1 017 412	981 836	1 054 895
Производство	Вкупно (тони)		8 072	4 408	10 538	8 695	9 892
	kg/стебло		9	4	10	9	9
Број на стебла	Вкупно	Праски	618 100	657 288	588 724	600 562	564 299
	Родни		574 825	617 050	553 450	555 448	537 507
Производство	Вкупно (тони)		12 108	11 509	13 128	12 003	12 765
	kg/стебло		21	19	24	22	24
Број на стебла	Вкупно	Ореви	203 868	201 116	206 766	210 633	236 198
	Родни		172 473	167 761	171 808	172 926	187 736
Производство	Вкупно (тони)		5 146	2 341	4 826	5 014	5 387
	kg/стебло		30	14	28	29	29
Број на стебла	Вкупно	Дуњи	58 311	60 061	67 252	69 710	76 351
	Родни		54 716	57 721	63 868	65 374	68 692
Производство	Вкупно (тони)		1 279	1 068	1 573	1 422	1 617
	kg/стебло		23	19	25	22	24
Број на стебла	Вкупно	Бадеми	55 160	49 675	43 227	100 918	109 742
	Родни		50 375	47 320	39 394	90 461	89 164
Производство	Вкупно (тони)		672	533	574	568	801
	kg/стебло		13	11	15	6	9

Извор: ДЗС, 2021

9.9 Лозарство и винарска индустрија

Лозарството заедно со производството на вино допринесува со околу 17%-20% од земјоделскиот БДП. Виното, после тутунот, е вториот најважен производ во однос на извозната вредност на земјоделските производи.

Лозовите насади во Република Северна Македонија се со неповолна старосна структура. Причини за оваа состојба има повеќе, како што се:

- фрагментирани парцели кои се резултат на долгогодишното „ситнење" на обработливите површини,
- обичаите за наследство,
- традицијата за неформалните релации на пазарот на земјиште и
- долгиот временски период на слабо инвестирање.

Повеќе од 60% од лозовите насади се постари од 15 години кои треба да бидат цел на инвестиција за нивно обновување (копачење/пресадување) за да се одржи производствениот (квантитативен и квалитативен) потенцијал.

Вардарскиот и Југоисточниот регион имаат најголем удел во родните лозови површини. По своите климатски карактеристики, Република Северна Македонија е класифицирана како една географска област – реон за производство на регионално вино (трпезно вино со географска ознака), па поради тоа, сите трпезни вина со географска ознака произведени во земјата носат иста географска ознака „реон Македонија". Географските области на потекло погодни за производство на вина со контролирано потекло (ВКП) се виногорјата кои ги има вкупно 16, и тоа: Скопско, Велешко, Тиквешко, Гевгелиско-Валандовско, Струмичко-Радовишко, Овчеполско, Кочанско-Виничко, Кумановско, Кратовско, Пијанечко, Прилепско, Битолско, Преспанско, Охридско, Кичевско и Тетовско виногорје.

Вина со географски назив се: регионални вина (или трпезни вина со географска ознака – ВГО), вина со контролирано потекло (ВКП) и вина со контролирано потекло и гарантирано потекло (ВКГП) .Заради заштита на географското потекло на виното областите погодни за производство на вино со географски назив се делат на: реони, виногорја, локалитети, месности и ограничени единици.
Лозовите насади учествуваат со околу 4% од вкупното обработливо земјиште. Во последните години се забележува благ пораст на површините под лозови насади, но во 2020 година се забележува намалување од 2% во споредба со 2019 година.
Производството на грозје во последните неколку години е релативно стабилно, со просечно производство од околу 270 илјади тони на годишно ниво.
Во површините под лозови насади, винските сорти грозје учествуваат со 70%, од што бели сорти се 40%, а обоени 60%. Најзастапени обоени вински сорти се: Вранец, Мерло, Каберне Совињон, Мускат Хамбург, а од белите сорти: Смедеревка, Ризлинг, Шардоне, Ркацители и др. Од трпезните сорти на грозје доминираат: Афус-Али, Кардинал, Мускат Италија, Мускат Хамбург, Бело Зимско, Викторија, Мишел Палиери, Рибиер и др. Во лозарството вклучени се околу 25 000 фарми, од кои околу 70% се индивидуални стопанства, а 30% се земјоделски фирми.
Трпезното грозје најмногу се произведува во вардарскиот регион. По него следат југоисточниот и североисточниот регион. Специфичните климатски услови во Република Северна Македонија овозможуваат одгледување на трпезни сорти со различен период на созревање и тоа од многу рани, рани, средно доцни, доцни до многу доцни како и безсемени сорти.

Табела 28: Преглед на површини под лозови насади и производство на грозје, 2014-2020 година (винско и трпезно грозје)

Година	2014	2015	2016	2017	2018	2019	2020
Површина (хектари)	22 726	22 918	23 192	23 398	24 088	24 468	23 976
Производство на грозје (тони)	195 888	324 769	333 319	180 349	294 497	258 960	317 550

Извор: Државен завод за статитстика

Поради поволната клима македонското трпезно грозје има висок квалитет и значителен извозен потенцијал. Најзначаен пазар за извоз на трпезно грозје во 2020 година е Босна и Херцеговина, Албанија, Бугарија, Република Србија, Руска Федерација, Косово и др. Во 2020 година остварен е вкупен извоз на грозје во количина од 26 796 280 килограми.

Откупот на грозјето во 2020 година се движеше во рамките на просечните годишни откупени количини. Согласно доставените податоци за исплатени финансиски обврски за откупено грозје, од страна на винарските визби откупени се вкупно 107 370 тони грозје.

Табела 29: Откуп на винско грозје од домашни винарски визби (2014-2020 година)

Година	2014	2015	2016	2017	2018	2019	2020
Откуп (во тони)	83 750	155 503	125 268	55 258	111 588	96 795	107 370

Извор: МЗШВ

9.10 Регистар на лозови насади при МЗШВ
Регистарот на лозови насади, како дел од регистрите на постојани насади (лозов, овошен и регистар на насади под маслинки) е интегриран во рамките на СИЗП, вклучувајќи ги и специфичните податоци кои се однесуваат на површини, сорти, година на подигнување, растојание помеѓу редовите, систем на одгледување, систем за наводнување и подлога.
Во Република Северна Македонија под лозови насади се евидентирани вкупно 29 095 ха, Доколку се земе во предвид дека најмалку 50% од дополнителните недефинирани долгогодишни насади, ќе припаднат на лозови насади (приближно 3.500 ха), вкупните површини под лозови насади би достигнале околу 33.400 ха. Доколку се има во предвид дека

од вкупните лозови насади 30% отпаѓаат на трпезно грозје, вкупните површини под лозови насади со винско грозје се околу 23 500 хектари.

9.11 Производство на вино

Во 2020 година вкупниот број на регистрирани винарски визби изнесуваше 98, со вкупен капацитет од над два милиони хектолитри. Вкупниот капацитет за преработка на грозје во вино е речиси два пати поголем од годишното производство на вино.
Како и да е, севкупниот тренд на зголемување на бројот на винарски визби се уште е присутен, имајќи во предвид дека во 2003 година имаше само 28 регистрирани винарски визби.
Во споредба со 2019 година, каде што беа регистрирани 75 винарски визби, во 2020 година забележан е најголем тренд на зголемување на бројот на винарски визби во последниве години, односно за 29 %.
Зголемувањето е забележано кај регистрираните мали/семејни винарии и физички лица (или вкупно 21), особено во тиквешкиот регион, кој е познат како најголем лозаро-винарски регион во државата. Зголемувањето се должи поради олеснетите услови за нивно запишување во Регистарот на производители на вина со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за вино („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 235/19). Со овие измени се овозможија низа поволности со кои се олеснија условите за производство на вино на малите семејни винарии и на физичките лица производители на вино, што е тековен тренд во светски рамки, особено во сегментот на продажба на вино од фарма во насока на диверзификација на понудата на пазарот и развој на винскиот и руралниот туризам.

Табела 30: Производство на вино, 2014-2020 година

Година	2014	2015	2016	2017	2018	2019	2020
Вкупно производство на вино (илјади литри)	78 982	109 569	105 330	65 723	102 633	90 624	93.589

Извор: Државен завод за статистика

Во 2020 година производството на вино е зголемено за 2 965 000 литри или за 3,3% во споредба со 2019 година.

10. Сточарско производство

Во Република Северна Македонија сточарството во најголема мерка е застапено во ридско-планинските предели во периметар на северната, западната и источната граница со широчина на појасот од 10-80 км. Овие региони се граничат со регионите за производство на поледелски култури со што се зголемува интеракцијата од аспект на искористувањето на нус производите од поледелството во исхраната на добитокот.
Нашата земја во голема мерка зависи од увезената добиточна храна како: пченка, протеини и растителни масти (соја и сончоглед, пченкарен глутен), како и комплетни мешавини или додатоци (комбинација од протеини или протеини, минерали и витамини). Северна Македонија е нето увозник на сурово месо, колбаси и слични производи од месо и млечни производи, додека е нето извозник само на јагнешко месо, а во одредени години и на јајца.
Според податоци од Агенцијата за храна и ветеринарство во 2020 година вкупниот број на говеда е намален за -7,3% или за вкупно 12 026 грла во споредба со 2019 година.
Бројот на свињите во 2020 година, во споредба со 2019 година, е зголемен за +6,5% или за вкупно 8 167 грла. Намалување на бројот на овците во 2020 година е околу 3.048 грла или за -0,46% во однос на 2019 година, бројот на козите кај земјоделските стопанства е намален за 5 412 грла или за -7,4%.

Табела 31: Бројна состојба на добиток и пчелни семејства, 2014-2020 година

Година	Говеда	Овци	Кози	Свињи	Пчелни семејства
2014	213 578	689 938	74 128	168 581	184 189
2015	226 251	697 481	81 609	100 863	212 897
2016	228 812	744 396	88 964	109 845	239 216
2017	215 296	733 291	86 479	109 976	233 835
2018	190 455	708 509	83 611	110 886	243 492
2019	164 840	656 459	73 323	125 230	253 489
2020	152 814	653 411	67 911	133 397	309 264

Извор: Агенција за Храна и Ветеринарство-АХВ, 2021

Според податоците од АХВ бројот на пчелни семејства во 2020 година бележи зголемување за +55.775 пчелни семејства или за +22% во споредба со 2019 година.

Табела 32: Заклан добиток по видови и категории и добиено месо во 2020 година во РСМ

Видови и категории добиток	Број на заклани грла	Количина на добиено месо во килограми
Говедо постаро од 12 месеци	4.817	835.982
Говедо од 8 до 12 месеци	2.063	206.956
младо говедо до 8 месеци (вклучително и теле до 6 месеци)	933	75.789
Говеда ВКУПНО	**7.813**	**1.118.727**
Свињи	213.658	13.852.176
Прасе	6.380	81.170
Свињи ВКУПНО	**220.038**	**13.933.346**
Овци над 12 месеци	2.814	43.027
Овци до 12 месеци	2.800	30.729
Јагњиња (до 5 месеци)	198.811	2.230.151
Кози над 12 месеци	504	7.437
Кози до 12 месеци	62	746
Јарињa (до 5 месеци)	1.168	9.649
Овци и кози ВКУПНО	**206.159**	**2.321.740**
Кокошки	600.492	660.541
Бројлери	232.671	268.095
Живина ВКУПНО	**833.163**	**928.636**

Извор: АХВ

Според податоци од Агенцијата за храна и ветеринарство во 2020 година се заклани вкупно 7.813 грла говеда. Вкупно свињи се заклани 220.038 грла од кои прасиња 6.380 грла. Вкупно овци и кози се заклани 206.159 грла од кои само овци 204.425 грла и кози вкупно 1.734 грла. Вкупно живина се заклани 833.163 грла од кои 600.492 грла кокошки и 232.671 грло бројлери.
Според истиот извор количината на добиено месо кај говедата изнесува вкупно 1.118.727 килограми, вкупно 13.933.346 килограми свињско месо, вкупно 2.303.907 овчо месо, вкупно 17.832 килограми козјо млеко и вкупно 928.636 живинско месо.

10. 1 Говедарство

Говедарството е сегмент од интегрираниот синџир од нива до трпеза. Тоа е врска помеѓу растителното производство од една страна, и преработувачката индустрија, од друга страна. Покрај искористувањето на фуражните култури од ораниците, ливадите и пасиштата, говедата користат многу нус-производи од шеќерната, маслодајната, скробната, пивската и други индустрии, кои ги преработува во високовредни анимални производи. Од друга страна, дава производи за потребите на преработувачката индустрија (млечна, месна, фармацевтска, кожна и други). Затоа развојот на говедарството во една земја е објективен индикатор за развојот на вкупното стопанство и животниот стандард во една држава.

Говедарството во Република Северна Македонија е најзастапено во ридско-планинските региони по должината на северната, западната и источната граница на земјата. Националната расна структура вклучува претежно млечни раси на говеда, но застапени се и комбинираните раси за месо и млеко. Традиционални фармери, кои одгледуваат нископродуктивни 1-3 крави со ниско годишно производство на млеко од 2-3 илјади литри/крава. Ниската продуктивност се јавува поради несоодветните услови на одгледување, како и слабиот квалитет на добиточна храна. Овој тип на производители не претставува солидна основа за идното пазарно производство. Семејни фарми, кои имаат 5-20 крави со годишно производство на млеко од 4-5 илјади литри/крава просечен принос. Најчесто тие се мешани фарми кои треба да претставуваат идна основа за развој на говедарството. Специјализирани фарми, со повеќе од 20 крави со висока продуктивност и годишно производство на млеко од над 5 илјади литри/крава. Бројот на ваквите типови на фарми е мал (само 3% од фармите). Фарми со повеќе од 50 грла се само 1% од вкупниот број. Тие треба да бидат носители на производство на квалитетен генетски материјал за преостанатите фарми (репродуктивни центри).

Табела 33: Производство на кравјо млеко, 2014-2020 година

Година	молзни крави	просечна млечност по крава (литри)	производство на кравјо млеко (илјада литри)
2014	126 779	3 053	387 009
2015	127 663	2 828	361 072
2016	132 332	3 046	403 044
2017	137 461	2 867	394 140
2018	131 372	3 077	404 230
2019	113 709	3 438	390 903
2020	111 083	3 648	405 217

Извор: ДЗС, 2021

Во 2020 година намален е бројот на молзни крави за 2,3% или за 2626 грла. Производството на кравјо млеко е зголемено во споредба со 2019 година за 3,7% или за 14.314 илјада литри и просечната млечност по крава е зголемена за 210 литри или за 6,1%.

Табела 34: Одгледувалишта на говеда според капацитетот, 2020

Го-дина	со 1-5 говеда	Вк. грла	со 6-20 гове-да	Вк. грла	со 21-50 гове-да	Вк. грла	со 51-100 гове да	Вк. грла	со 101-300 гове да	Вк. грла	со над 300 гове да	Вк. грла	Вкупно одгле-дували шта за говеда	Вкупно говеда во одгледувал ишта за говеда
2014	19 263	51 495	10 316	75 940	1 550	47 340	348	23 465	69	9 750	7	5 588	28 935	213 578
2015	18 572	50 160	8 125	80 762	1 695	51 927	404	27 223	80	11 029	7	5 150	28 883	226 251
2016	17 243	45 718	7 861	79 205	1 790	55 046	421	28 504	103	14 380	8	5 959	27 426	228 812
2017	16 676	44 042	7 281	73 585	1 723	52 702	375	25 502	92	13 288	7	6 177	26 154	215 296
2018	14 243	35 702	6 027	61 560	1 514	46 589	418	28 195	101	13 418	5	4 991	22 308	190 455
2019	10 923	27 890	4 941	51 454	1 362	42 081	382	26 161	95	12 352	5	4 902	17 708	164 840
2020	10 010	25 430	4 791	50390	1 341	41 849	389	26 409	109	14 197	5	4 409	16 645	162 684

Во %	15.63		30.97		25.72		16.23		8.73		2.71		100.00

Извор: АХВ

Табела 35: Расов состав на говеда во РС Македонија, 2020

Раси на говеда/година	2020	2019	2018	2017	2016	2015	2014
Браунвиех	280	321	355	433	454	500	539
Биволи	55	51	42	54	73	69	55
Буша	4 399	4 719	7 030	8 906	9 870	10 868	11 165
Др.или мешавина од разл.раси	84 386	84 466	96 905	105 224	111 974	107 749	99 088
Лимузин	43	1	1	1	1	0	1
Монтафонско	3 213	3 402	4 146	5 197	5 818	6 011	5 938
Оберинталско	68	72	112	163	190	205	234
Сименталско	6958	6 658	7 880	9 083	9 851	9 849	9 448
Товни раси говеда	12	16	22	21	24	24	22
Холштајнизирано фризиско	62 847	64 761	73 572	85 890	90 225	90 656	86 769
Херефорд	407	373	390	324	332	320	319
Шароле	16	0	0	0	0	0	0
Вкупен број говеда	164 704	166 859	192 473	217 313	230 828	228 266	215 592

Извор: АХВ

Според горенаведената табела, во 2020 година најмногу доминираат мелезите со 51,23%, па холштајн-фризиските (црно-бели) говеда со 38,16%, гојните раси говеда заземаат вкупно 0,29%, комбинираните раси заземаат 6,39%, а домашната раса буша зазема 2,67%.

10. 2 Овчарство

Овчарството во Република Северна Македонија во голема мерка се базира на мали индивидуални и семејни фарми со големина на стадо од 20 до 200 овци, а поретко со над 300 со комбинирана производна насока (млеко, месо и волна).
Расната структура на популацијата на овци во Република Северна Македонија воглавно се состои од расата оплеменета „праменка", застапена со „овчеполски сој" и „шарпланински сој". Во последно време се зголемува бројноста на мелезите од расите „виртемберг" (за производство на месо) и „аваси" (за производство на млеко). Со оглед на доминантната можност за извоз на јагнешко месо, традиционално не постои јасно дефинирана производствена ориентација (месо–волна наспроти млеко-месо).

Табела 36: Производство на млеко и волна, 2014-2020 год.

Година	2014	2015	2016	2017	2018	2019	2020
Производство на овчо млеко (во илјади литри)	35 661	40 748	41 066	35 364	36 559	35 088	26 925
Просечна млечност по молзна овца (во литри)	74	77	78	69	68	68	60
Производство на волна во тони)	829	955	851	1 359	990	844	768,8
Просек по стрижена овца (во килограми)	1,6	1,6	2,0	2,0	2,0	1,5	2,0

Извор: ДЗС, 2021

Вкупното производство на овчо млеко во 2020 година изнесува 26 925 000 литри и претставува намалување од околу 23,34% во однос на претходната година. Најголем дел од овчото млеко се преработува во бело овчо сирење кое се продава на домашниот пазар. Други домашни млечни производи се овчи кашкавал, кисело млеко и сурутка. Млечните овчи производи имаат добар извозен потенцијал поради ниските производствени трошоци и високиот квалитет.
Во 2020 година вкупното производство на волна изнесува 768,8 тони, со просечно производство од 2,0 кг по овца, што претставува намалување на вкупното производство на волна од 8,9%, што произлегува од намалениот број на стрижени овци за околу 10% во однос на 2019 година.

10.3 Козарство

Козарството како сточарска гранка најзастапено е кај индивидуалните земјоделски стопанства додека само мал процент се одгледуваат кај деловните субјекти. Расниот состав на козите главно е од типот на балканска коза со изразено присуство на мелези од санската раса, но има и козарски фарми кои располагаат со подобрен расен состав од расата на алпина.

Табела 37: Производство на козјо млеко 2014-2020 година

Година	Просек по молзна коза, литри	Производство на козјо млеко, '000 литри
2014	253	13 587
2015	243	15 568
2016	276	19 336
2017	251	19 250
2018	263	22 846
2019	275	16 865
2020	222	15 567

Извор:ДЗС, 2021

Вкупното производство на козјо млеко во 2020 година изнесува 15 567 000 литри што претставува намалено производство на млеко во споредба со 2019 година за 1 298 000 литри или за 7,7%.
Во 2020 година просечниот принос на млеко кај козите е 222 литри по молзна коза, односно забележана е намалена млечност по коза за 53 л или за 19,3% во споредба со 2019 година. Поради релативно високите цени на преработките од козјо млеко, сé повеќе фармери се опремуваат со објекти за преработка на ниво на фарма со цел производство на специјални видови на козјо или мешано сирење.

10.4 Свињарство

Согласно податоците на Агенција за храна и ветеринарство во 2020 година регистрирани се 5 категории свињи со бројна состојба како што е прикажано во табела 38.

Табела 38: Бројна состојба на свињи по категории 2018-2020 година

Категорија	**2018**	**2019**	**2020**
Прасиња до 20 kg	49 222	53 681	52 309
Свињи за тов	54 291	53 558	63 616
Назимки и спрасни назимки	2 942	2 828	2 715
Маторици	10 746	14 555	14 083

Нерези	492	608	662

Извор: АХВ, 2021

Зголемување на бројот на свињите во 2020 година во споредба со 2018 година е забележан кај следните категории на свињи: кај прасињата до 20 кг за 6,3% (3 087 грла), кај свињите за гоење од 51 кг и преку 110 кг за 17,2%, кај нерезите за 34,6% (170 грла), и кај матриците за 31% или за 3 337 грла.
Намалување во 2020 година е забележано кај категорија назимки и спрасни назимки за околу 7,7% (-227 грла), во споредба со 2018 година.

10.5 Живинарство

Вкупниот број на живина во 2020 година изнесува 1 643 462 броја, од кој на кокошки несилки отпаѓа 1 188 239 броја или 72,3%. Бројот на живината во 2020 година, во споредба со претходната година, е зголемен за 5.2%.
Околу 87% од живината е застапена кај индивидуалниот сектор, додека само мал дел од 13% отпаѓа на одгледување во деловните субјекти.

Табела 39: Број на живина и производство на јајца, 2016-2020

Показател	2016	2017	2018	2019	2020
Број на живина	1 865 769	1 840 173	1 828 287	1 562 089	1 643 462
Кокошки несилки	1 352 762	1 466 028	1 375 778	1 024 877	1 188 239
Производство на јајца (во илјада парчиња)	177 521	224 596	181 783	141 284	183 152
Просек по кокошка (во парчиња)	131	153	132	138	134

Извор: ДЗС, 2021

Бројот на несилки во 2020 година е зголемен за 163 362 броја или за околу 16% во споредба со 2019 година. Исто така производството на јајца е зголемено за 41 868 000 или за околу 30%, додека просек по кокошка е намален за 4 парчиња или за околу -3%.

10.5 Пчеларство

Според податоци од Агенцијата за храна и ветеринарство бројот на пчелни семејства во 2020 година е 308 981 и бројот на пчелари е 6 681 што претставува зголемување за +55.732 пчелни семејства или за +22% во споредба со 2019 година. Бројот на одгледувачи на пчели во 2020 година исто така е зголемен за 1 692 пчелари или за околу 34% во споредба со 2019 година.

Табела 40. Број на пчелни семејства и број на одгледувачи-пчелари, 2017-2020 година

Опис/година	2017	2018	2019	2020
Број на пчелни семејства	233 568	243 281	253 249	308 981
Број на одгледувачи пчелари	4 494	4 673	4 989	6 681

Извор: АХВ, состојба 31.10.2021 година

Табела 41. Откуп на мед, вредност и количина во период 2014-2019 година

Опис/година	2014	2015	2016	2017	2018	2019
Вредност на вкупниот откуп, во 000 денари	5 485	3 807	7 659	10 912	10 171	10 156
Откупена количина во тони	26	17	32	47	42	42

Откупна цена во ден/кгр.	210,96	223,94	239,34	232,17	242,17	242,17

Извор: ДЗС

Според податоци од Државниот Завод за Статистика откупот на мед во период 2014-2019 има нагорен тренд. Вкупната вредност на медот во 2019 година е зголемена за 85% во однос на 2014 година што се должи на зголемените откупени количини, како и откупната цена за 14,8%.

Трендот на зголемување на цената на медот продолжи и во 2020 година, па така просечната најзастапена цена на медот на пазарите на мало изнесуваше 453,20 денари за килограм. Споредбено со 2019 година кога цената достигна 447,10 ден./кг имаме зголемување на цената за 1,4%. Цената на килограм органски мед достигна 500,00 ден/кг. Цената на пчелниот восок во просек изнесуваше 550,00 ден/кг а прополисот достигна просечна најзастапена цена од 2.933,40 ден/кг. Поленот се продаваше од 1.200,00 до 1.500,00 ден/кг или во просек по 1.233,33 ден/кг.

11. Органско земјоделско производство

Развојот на органското земјоделско производство во Република Северна Македонија продолжува и се одржува согласно мерките утврдени во политиките за поддршка утврдени во Националната програма за земјоделство и рурален развој 2018–2022 година и Националниот план за органско производство 2013-2020 година.

Во последните три години се забележува тренд на пораст на бројот на органските оператори (субјекти) во органското производство.

Графикон 8: Број на органски оператори, 2018-2020 година

Извор: МЗШВ

Табела 42. Органско производство во 2020 година

Растително органско производство во 2020 година			
вид/култура/животно	во преод	органско	вкупно/ха/број
житни	506,96	962,97	1. 469,94
фуражни	200,06	515,19	715,25
индустриски	12,98	58,47	71,45
маслодајни	1,02	3,26	4,28
ароматични/лековити	6,74	141,86	148,60
овошни	375,24	413,82	789,07
лозови	129,35	17,58	146,94
градинарски	62,86	67,03	129,90
ВКУПНО:	1.295,21	2.180,18	3.475,43
угар/зелено ѓубрење	326,02	156,28	482,30
Сточарско органско производство во 2020 година			
говеда	2.580	5.816	8.396
овци	50.738	71.933	122.671
кози	1.750	3.656	5.406

живина/кокошки		60	60
Пчеларско органско производство во 2020 година			
пчелни семејства	3.792	6.034	9.826

Извор: МЗШВ

Според состојбата на вкупното обработливо земјиште во 2020 година, под растително органско земјоделско производство евидентирани се вкупно 3.957 ха. Најголемо учество во растителното органско производство имаат житните култури со 42,3%, овошни насади со 22,7%, фуражните култури со 20,6%, лозови насади со 4,2%, ароматичните/лековити растенија со 4,3%, градинарските култури со 3,7% и индустриските култури со 2%. Во сточарското органско производство водечка гранка е овчарството со 90% од вкупното органско сточарско производство. Говедарството учествува со 6,1% и козарството со 3,9% во вкупното сточарство. Во пчеларското органско производство вкупниот број на пчелни семејства во периодот од 2018 година има тренд на зголемување од 8.193 семејства во 2018 година на 9.826 пчелни семејства во 2020 година.

Графикон 9: Број на пчелни семејства, 2018-2020, извор МЗШВ

Согласно Националната програма за земјоделство и рурален развој 2018 – 2022 година, финансиската поддршка на органското производство продолжи и во 2020 година. Поддршката за органското поризводство во 2020 година е повисока за 30% за фуражни култури во однос на висината на дирекните плаќања за конвенционалното производство, за 50% за поледелски култури, сточарско и пчеларско производство, за 70% за овоштарство и лозарство и за 100% за градинарско производство, како и покривање на 50% од трошоците за сертификација на органското производство.

12. Рибарство

Рибите од риболовните води за вршење стопански и организирање рекреативен риболов (освен од водите за кои постојат посебни акти за забрана) се даваат на користење за вршење стопански риболов и организирање рекреативен риболов, по пат на концесија за период од 6 години согласно одредбите од Законот за рибарство и аквакултура.
Вкупното производство на риба во Република Северна Македонија се однесува на аквакултурното производство и уловот од стопанскиот риболов на отворените риболовни води.

Според евиденциите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство производството на поважните видови риби добиени од регистрираните субјекти во аквакултурата и од реализираниот улов од стопанскиот риболов на концесионерите за периодот 2018, 2019 и 2020 година изнесува:

Вид риба	2018*	2019*	2020*
	Вкупно/кг.	Вкупно/кг.	Вкупно/кг.
Пастрмка	1.155.532	1.132.020	919.561
Крап	613.791	524.343	520.282
Сом	5.989	1.849	9.622
Јагула	407	352	-
Други	97.910	47.215	38.445
Вкупно	1.873.629	1.705.779	1.487.920

*Извор Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Во аквакултурното производство, најзначајно е производството на пастрмка и крап. Покрај овие видови, во рибничките капацитети се произведуваат и сом, амур и толстолобик. Со вршење стопански риболов покрај пастрмката и крапот како позначајни економски видови се изловуваат и јагулата, сомот, црвеноперката, белвицата, кострешот, линишот и други.

13. Агенција за храна и ветеринарство

Агенцијата за храна и ветеринарство како носител на политиките од областа на безбедност на храната и ветеринарната политика во Република Северна Македонија, во рамките на своите надлежности врши активности поврзани со следење и транспонирање на соодветното европско законодавство во националното законодавство. Во рамките на оваа активност, следење на промените во европското законодавство во врска со објавувањето на нови ЕУ мерки, нивна измена, дополнувања и исправки на постоечките ЕУ мерки од областа на безбедноста на храната и ветеринарната политика се врши на дневна основа, се изготвуваат месечни, квартални и збирни годишни извештаи за објавените ЕУ мерки во 2020 година, при што се обезбедува сеопфатен увид во последните промени во европското законодавство, а со цел негово соодветно и навремено транспонирање во националното законодавство. Кварталните и збирниот извештај за објавените ЕУ мерки се користат и при подготовка на ревизијата на НПАА за 2020 година – Поглавје 12.

13.1.Меѓународна соработка

Во делот на меѓународна соработка и комуникација за 2020 година спроведени се активности во следните области:
1. Европска агенција за безбедност на храна (EFSA)
Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија, во улога на национална контакт точка за EFSA во Република Северна Македонија, во текот на 2020 година активно учествуваше во активностите на индивидуалните тематски работни групи организирани од страна на Европската агенција за безбедност на храна.
Дополнително, Агенцијата за храна и ветеринарство преку своите номинирани претставници активно се вклучи во работата на работните тела и мрежите на EFSA за проценка на ризик за што на ниво на EFSA се формирани работни групи од различни тематски области.
Во 2020 година, Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија продолжи со активностите за собирање податоци од спроведените програми за контрола и мониторинг и нивно доставување во EFSA.
Во текот на 2020 година продолжија и активностите во рамки на проектот „Поддршка за национални истражувања во исхраната во сообразност со методологијата на ЕУ Мени (шеста поддршка) – Истражувања кај деца".

2. Соработка со Codex Alimentarius

Агенцијата за храна и ветеринарство, како контакт точка за Кодекс Алиментариус аплицираше на отворениот повик за поддршка од FAO/WHO Codex Trust Fund (Round 2). Апликацијата беше верификувана од повеќе институции вклучени во во Кодекс алиментариоус од областа на безбедност на храната, помеѓу кои и Институт за Јавно здравје на Р. Северна Македонија, Канцеларијата на СЗО во Р. Северна Македонија, претставникот на FAO за Р. Северна Македонија.

Поради ситуацијата со COVID 19 одложени се повеќе активности и експертски мисии кои вклучуваат присуство на твининг експерти.

3. Соработка со земјите од CEFTA

Агенцијата за храна и ветеринарство, како активен член во процесот на трговија помеѓу земјите членки на CEFTA , во 2020 година спроведе повеќе активности.

АХВ учествуваше во подготовка на одреден број документи и прашалници во однос на работа на гранични премини и контрола на гранични премини, со цел олеснување на трговија во земјите на CEFTA, деклрација за LEADERS за зелена агенда на Западен Балкан.

Претставници на Агенцијта земаа активно учество на повеќе настани поврзани со CEFTA.

13. 2 Сектор за безбедност на храна од неживотинско потекло

Реализација на Програмата за мониторинг на безбедноста на храната во Република Северна Македонија за 2020 година („Службен Весник на РСМ" бр. 298/20) и евалуација на добиените анализи. Програмата е составена од десет под програми во кои е предвидено земање на мостри за лабораториски анализа на 897 мостри.

Табела 43. Преглед на десетте подпрограми со планиран број на мостри согласно програмата и конечен реализиран број на земени и лабораториски испитани мостри

	Планиран број согласно програмата	Реализиран број
1. Микробиолошки критериуми	185	185
2. Резидуи од пестициди (овошје и зеленчук)	197	197
3. Резидуи од пестициди или метаболити на пестициди за преработена храна на житна основа и детска храна за доенчиња и мали деца и за почетна формула за доенчиња и во последователна формула за доенчиња- млечна храна за доенчиња	36	33
4. Тешки метали	110	110
5. Нитрати	60	60
6. Микотоксини	140	140
7. Материјали кои доаѓаат во контакт со храната	54	52
8. Мониторинг на ГМО храна	40	40
9. Мониторинг на органски производи	35	27
10. Мониторинг на храна третирана со јонизирачко зрачење	40	40
Вкупно:	897	884

Во 2020 година во Научната мрежа на хемискиот мониторинг за прибирање на податоци на ЕФСА, поднесени се вкупно 914 извештаи од лабораториски испитувања извршени во 2019 година.

13.3 Сектор за ветеринарно јавно здравство

Мониторингот над одгледувањето на животните и примарното производство на храна од животинско потекло се врши заради откривање на присуство на резидуи од ветеринарно-медицински препарати и контаминенти и недозволени супстанции во живи животни и храна од животинско потекло, нивните производи и суровини, и суровини и храната за животни како и нивната животна средина, за заштита на здравјето на луѓето и обезбедување на услови за непречен промет со производи од животинско потекло.

Мониторингот се спроведува на фарми, кланици, млекарници, објекти за одгледување на животни и преработка на производи и храна од животинско потекло и други оператори со храна од животинско потекло. Мониторингот на резидуи, контаминенти и недозволени супстанции се спроведува согласно Годишниот план за мониторинг на резидуи и недозволени супстанции кај живи животни, производи и суровини од животинско потекло за 2019 година предвидени се вкупно 1.548 мостри. Од страна на официјалните ветеринари од Секторот за инспекциски надзор вкупно се земени 1.475 мостри или 96,54%.

14.Фитосанитарна политика

1. Здравје на растенијата

Фитосанитарна Управа (ФУ) во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ во соработка со другите надлежни служби (Државна фитосанитарна лабораторија - ДФЛ, Државен инспекторат за земјоделство - ДИЗ) од фитосанитарниот систем редовно ги спроведуве активностите во однос на здравјето на растенијата и одржливата употреба на производи за заштита на растенијата.

Активностите на Фитосанитарната Управа во поглед на здравје на растенијата се следниве:
-Усвоен е Правилникот за листи на штетни организми, растенија, растителни производи и други објекти и предмети и листи со штетни организми, растенија, растителни производи и предмети (СЛужбен весник 91/21) со цел заштита на земјата од нови опасности од увоз во согласност со новата Регулатива (ЕУ) 2019/2072.
-Реализирана е Програмата за фитосанитарен мониторинг за 2020 година, врз основа на кој редовно ажурита статусот за здравје на растенијата
-Програмата за фитосанитарна политика за 2021 година, ја опфаќа програмата за фитосанитарен мониторинг за здравјето на стратешките земјоделски култури: семенски и меркантилен компир, шумски видови, овошје, винова лоза, градинарски култури на отворено и затворено и тутунски растенија, вклучува дополнителни 5 (пет) приоритетни карантински штетни организми.
-Редовно се ажурира здравствениот статус на растенијата за да се утврди присуство/отсуство или преваленца на регулирани штетни организми врз основа на достапните податоци од Програмите за мониторинг, официјалните контроли, издадените пасоши за растенија и др.
-Направена е проценка на ризик од штетни организми (PRA) и утврдени се превентивни мерки за ширење на штетни организми. Проценка на ризик од штетни организми
-Развиена е брза PRA за регулирани штетни организми; Беше подготвена онлајн обука и PRA за Aromia bungii и Potato spindle tuber viroid
-Потпишан е договор за фитосанитарна соработка со Албанија и во завршна фаза на подготовка е договорот со Украина.
Во однос на посебните контролни мерки, изготвено е следното законодавство:
-Правилник за демаркација на одредена регулирана област, мерки за идентификација, спречување на ширење и искоренување на штетен организам Xylella fastidiosa(Wells et al.), престанок на преземените мерки и известување засновано на итните мерки за контрола на ЕУ за Xylella fastidiosa;
-Наредба за преземање на мерки за спречување на појава и ширење на штетниот организам пченкин коренов црв (diabrotica virgifera virgifera le conte) и мерки за негово сузбивање.(Службен Весник на РМ бр, 250/200. Документот беше дистрибуиран до производителите на пченка, фитосанитарните инспектори и други чинители.
-Донесена е одлука за преземање мерки за спречување и ширење на штетните организми за различни штетници и мерки за искоренување.
-Спроведени се фитосанитарни мерки за искоренување;
-Подготвени се истражувања за конкретни штетни организми на Erwinia Amylovora, вклучително и постапки за инспекции и земање примероци за лабораториско тестирање, како основа за подготовка на планот за итни мерки за Erwinia Amylovora . Подготвени се

истражувања за конкретни штетни организми на Plum Pox Poytyvirus, вклучувајќи процедури за инспекции и земање примероци за лабораториско тестирање.

2. Производи за заштита на растенија

Законот за фитофармација во кој е транспонирана на Регулативата (ЕЗ) 1107/2009 и Директивата 2009/128 (ЕЗ) е донесен во средината на декември 2020 година (Службен весник 302/20).

Според НПАА, подзаконските акти што произлегуваат од горенаведениот закон ќе се донесат во следните 4 (четири) години.

Во рамките на ЦЕФТА, се спроведува Одлуката на Заедничкиот комитет на Централно европската спогодба за слободна трговија 2006 за олеснување на трговијата со овошје и зеленчук, со цел да се олесни трговијата помеѓу членките на ЦЕФТА.

3. Фитосанитарен информативен систем - ФИС

Во однос на идејното решение, развојот и спроведувањето на фитосанитарниот информативен систем (ФИС), развиени се сите предвидени модули и речиси е завршена обуката на корисниците. Покрај тоа, се развива нов модул за официјални контроли и за мапирање од областа на здравјето на растенијата. Како дел од ФИС, е и официјална веб-страница што ќе бидеа рамка за споделување информации.

4. Фитосанитарна политика

И покрај тоа што ситуацијата Covid-19 ги оневозможи и ги одложуваше настаните на терен и собирањето на различни засегнати страни, во 2020 година беа реализирани голем број активности и обуки, работилници, конференции (ЕФСА, проект ИПА, ФАО, состаноци на ЦЕФТА итн.) преку виртуелните онлајн платформи.

Активностите во фитосанитарниот сектор беа со техничка помош во рамките на проектот ИПА 2015 Подобрено спроведување на законодавството за здравјето на животните, безбедноста на храната и фитосанитарното законодавство и соодветните информациски системи. Проектот ја поддржува политиката на ФУ во врска со новото aquis за здравје на растенијата и пестицидите.

Државна фитосанитарна лабораторија

Државна фитосанитарна лабораторија како орган во состав на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство ги оствари следните резултати во 2020 година, по сектори:

-Сектор за аналитичка хемија и анализа на ѓубрија

Бр.	Вид на анализа	Вкупно
1	Анализа на ПЗР	64
2	Анализа на пестицидни резидуи	860
3	Анализа на макро и микро елементи и елементи во трага	53
Вкупно		977

-Сектор за растителни болести и штетни организми

Во 2020 година во Сектор за растителни болести и штетни организми од страна на Државниот инспекторат за земјоделство во рамките на мониторинг програмата и од страна на приватните субјекти донесени се 1.215 примероци од растително потекло, врз кои се извршени 1.456 анализи за растителни болести и штетни организми.

-Во Сектор за испитување на семе, саден материјал и сортна чистота во текот на 2020 година донесени се од страна на приватни субјекти вкупно 409 примероци за анализа и врз нив се извршени 409 анализи.

15.Управа за семе и саден материјал

Управата за семе и саден материјал во 2020 година согласно Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија го реализира следново:

- Издадени се 88 решенија за запишување на снабдувачи во Регистарот на снабдувачи на семенски и саден материјал за производство, подготовка за пазар, трговија, увоз и извоз.
- Запишана е автохтона сорта од афион – Алкалоид 1 во Национална сортна листа и објавена во Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/20).
- Пријавени се 5 сорти од земјоделски растенија за испитување, потоа следи постапка за нивно испитување во овластени правни лица и запишување во Национална сортна листа и
- Издадено решение за доделување на селекционерско право за земјоделски вид – круша.

Во производната 2020 година организирана е сертификација на семенски и саден материјал од земјоделски растенија ставен во трговија и тоа:
- Издадени се околу 430.000 официјални етикети за сертифициран семенски и саден материјал ставен во трговија.
- Произведен е сертификациран семенски материјал од пченица 4.696.950 кг., јачмен 2.345.405 кг., тритикале 154.000 кг. и сточен грашок 163.000 кг.
- Издадени се 45 Сертификати за конечно сертифициран саден материјал од винова лоза за произведени 815.000 броја, калем гранки 5.880.000 број и ожилени калеми 99.000 броја;
- Издадени се 46 Сертификати за конечно сертифициран саден материјал од овошни растенија за произведени овошни садници 650.977 броја, вегетативни подлоги 96.800 броја, изданоци и избојници 646.000 броја, резници 2500, семеници 17.300, семе 556 кг. калем гранки 57.550 броја, окуланти 7.060 броја и матични растенија 1.102 броја.

Во 2020 година организирана е постконтрола на семенски материјал во овластени правни лица и земени се 76 мостри – сорти од снабдувачи на семенски материјал за испитување од партии семе ставени во трговија и 37 контролни мостри за споредба, вкупно се поставени 113 мостри за постконтрола.

16. Државен инспекторат за земјоделство

Државниот инспекторат за земјоделство во 2020 година ги реализираше своите поставени работни задачи и цели согласно „Годишниот план за работа на инспекциската служба за 2020 година". Активностите и динамика беа во насока на доследно спроведување на одредбите од законите и подзаконските акти кои се делокруг на работата на инспекторатот, преку вршење на инспекциски надзори и превземање на инспекциски мерки, кај правни и физички лица, кои работаат во овие области, но секогаш навремено постапуваше и по добиени сознанија, доставени информации, пријави и преставки за одредени неправилности и злоупотреби на терен, кога не се почитуваат одредбите од законите и подзаконските акти.
Државниот инспекторат за земјоделство во текот 2020 година има планирано 2.416 редовни, 704 контролни и 29.040 вонредни, или вкупно 32.160 инспекциски надзори. Во текот на годината извршени се 2.097 редовни, 379 контролни и 42.415 вонредни инспекциски надзори или вкупно 44.891 надзори. Во текот на годината, дојде до намалување на планираните редовни и контролни инспекциски надзори, а за сметка на тоа се укажа потреба за зголемување на бројот од вонредните инспекциски надзори, со тоа дојде до надминување на степенот на реализација на годишниот план 2020 година на 139,58% или по вид на надзор степенот на реализација е 86,79 % (редовени надзори), 146,057% (вонредни надзори) и 53,83 % (контролни надзори).
Државниот инспекторат за земјоделство, во извештајниот период, внимаваше да не се наруши редовното и нормалното функционирање на институцијата и динамиката на вршење на инспекциските надзори ја прилагоди на состојбата според ресурсите, почитувајќи ги превентивните мерки за заштита, кои ги носеше Владата на Република Северна Македонија за спречување на ширењето на вирусот КОВИД 19, а се со цел да се одговори на работните задачи и доследно и навремено спроведување на обврските на инспекторатот во врска со законите кои се во негова надлежност.

За 2020 година, беа предвидени 1043 како минимален број на квантитативни цели (планирани откривања на неправилности по ризични области), иако од досегашното искуство се покажа

дека нивното планирање е неефикасно и во конкретниот случај тоа се докажа како такво и реализацијата на инспекциски мерки (555) е 53,21 %, и со тоа сметаме дека пред се делува субјективно при изборот на областа на која ќе се акцентира инспекциската мерка и во најголем број на случаеви предвидените откривања и претпоставените инспекциски мерки не се реализираат по дадениот план, односно најголем број на преземени инспекциски мерки произлегуваат од реализираните вонредните инспекциски надзори. За констатираните неправилности донесени се 247 решенија за отстранување на неправилности, спроведени се 48 едукации, издадени се 148 прекршочни платни налози. Заради неплатени прекршочни платни налози, Државните инспектори имаат поднесени 90 барања за поведување на прекршочна постапка пред надлежен орган и 22 кривични пријави.
Од страна на Државните фитосанитарни инспектори на 11-единаесет гранични премини и 9-деветте места на утовар извршени се вкупно 68.365 инспекциски контроли на производи, од кои 34.192 производи при увоз, на 24.476 производи при извоз, на 6.088 производи при провоз (транзит) и на 3.609 производи при реекспорт. Во 2020 година извршени се фитосанитарни прегледи на 53.647 пратки од земјоделски и шумски производи, дрвен материјал, семе и саден материјал при увоз, извоз, провоз (транзит) и реекспорт.
Согласно Програмата за фитосанитарна политика за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.277/19), а постапувајќи согласно Законот за здравјето на растенијата од планираните 1667 штетни организми, испитано е присуство на 1181 штетни организми со реализација на 70,8%, а согласно Програмата за спроведување на мониторинг во областа на производство, преработка, складирање, дистрибуција, употреба и сообразност на производите за заштита на растенијата и резидуи од производи за заштита на растенијата во производи од примарно земјоделско производство за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 277/19), а постапувајќи по Законот за производи за заштита на растенијата од предвидениот број на примероци од 309 земени се вкупно 176 примероци со реализација од 56,9%. Целта на земање на вакви мостри е утврдување присуството или отсуството на штетни организми, заради веројатноста од можни ризици од штетни организми и тоа: кај семенски и меркантилен компир, градинарски култури, полјоделски култури, украсни и шумски растенија, овошни видови, винова лоза и тутун, како и при спроведување на мониторинг во областа на производство, преработка, складирање, дистрибуција, употреба и сообразност на производите за заштита на растенијата и резидуи од производи за заштита на растенијата во производи од примарно земјоделско производство.

17. Шумарство – Сектор за шумарство и ловство

17.1 Општи карактеристики на шумарскиот сектор

Согласно Уставот на Република Северна Македонија, шумите се прогласени за добро од општ интерес при што уживаат и посебна заштита. Шумите како природно богатство, покрај економската, имаат и значајна социјална и општокорисна функција. Сите активности на стопанисување со шумите (одгледување, користење и заштита) се регулирани со Законот за шумите („Службен весник на РМ", бр.64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13 , 43/14, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15, 7/16 и 39/16).

На шуми и шумско земјиште во Република Северна Македонија отпаѓаат 1.159.600 ха (45% од целокупната територија), од кои вкупната површина под шума изнесува 804.380 ха (39% од целокупната територија). Од 1970 година до денес површината е зголемена за повеќе од 140.000 ха преку пошумување на голини и ерозивни земјишта воглавно заради заштитна функција.

Според потеклото, шумите се класифицирани како:
-високостеблени, кои зафаќаат помалку од 30% од вкупната површина под шуми (254.725 ха) и учествуваат со 61,6% во вкупната дрвна резерва,

-нискостеблени, кои зафаќаат 70% од вкупната површина под шуми (548.425 ха) и учествуваат со 38,4% во вкупната дрвна резерва и
-средностеблени на површина од 1.230 ха.
По состав, шумите се 82% лисјарски, 12% четинарски и мешани 6%. Вкупната дрвна маса изнесува 82.948.018 м3, а вкупниот годишен прираст 1.567.289 м3 со просечен годишен прираст од 1,94 м3 по хектар. Планираниот годишен сечив етат (планирана годишна дрвна маса за сеча) изнесува околу 1.200.000 м3.
Согласно податоците од Посебните планови за стопанисување со шумите од декември 2020 година, идентификувани се и определени 2.298 ха шуми со заштитна намена, со цел да се заштитат изворите на вода, земјиштето од ерозија, хидроакумулациите и друго.

Според сопственоста, шумите во РСМ се во државна и приватна сопственост.
Шумите во државна сопственост зафаќаат 89 % од вкупната површина под шуми, а по дрвна резерва нивното учество е 92,2%. Шумите во приватна сопственост зафаќаат 11 % од вкупната површина под шуми и учествуваат со 7,8% во вкупната дрвна резерва. Стопанисувањето со шумите во државна сопственост го вршат ЈП „Национални шуми", (во чиј состав се наоѓаат 30 подружници - шумски стопанства) и други правни лица кои вршат одгледување и заштита на шумите за посебна намена.

17.2 Управување и стопанисување со шумските ресурси

Преку Програмата за проширена репродукција на шумите се обезбедуваат финансиски средства од Буџетот на РСМ за реализација на следниве мерки: пошумување на голини и ерозивни земјишта, нега на шумски култури со прореди, мелиорација на деградирани шуми, санирање на опожарени шумски површини, обезбедување шумски саден материјал за пошумување на земјиште во приватна сопственост, превентивна заштита на шумите и шумските култури и друго.
Во Република Северна Македонија има 46 расадници за производство на шумски саден материјал наменет за пошумување и за хортикултурно уредување и озеленување, од кои 12 расадници се на ЈП „Национални шуми". Годишно во расадниците на ЈП "Национални шуми" со произведуваат околу 8.000.000 садници со семе од издвоени семенски состоини. Производството на посадочниот материјал се извршува по класична и контејнерска метода.
Дрвните видови кои се произведуваат се од автохтони и алохтони дрвни видови кои се од посебен интерес за шумарството, а помала количина се декоративни дрвни видови и грмушки кои својата примена ја наоѓаат во пејсажната архитектура.
Дел од видовата структура од шумски саден материјал е следнава: црн бор, бел бор, приморски бор, молика, смрча, ела, дуглазија, аризонски чемпрес, ариш, јасен, јавор, даб, багрем и други.

17.3 Заштита на шумите

Во 2020 година, согласно податоците од ЈП „Национални шуми", настанати се вкупно 102 пожари, при што е опожарена површина од 1.233,92 ха и изгорена е дрвна маса во количина од 8.138,20 м3.
Сите овие шумски пожари беа резултат на човечки активности, т.е. палење на стрништа во земјоделството, незаконско проширување на површините под пасишта за штета на шумите, невнимателно ракување со оган од несовесни граѓани и што е најкритично - случаи со намерно подметнување на пожар со познати /непознат сторител итн.
Центарот за управување со кризи во меѓувреме, согласно нејзините законски надлежности во делот на пожарите, преку апликација до JICA – Јапонската агенција за меѓународна соработка имплементира проект во својство на национален координатор со наслов „РАЗВОЈ НА ИНТЕГРИРАН СИСТЕМ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И РАНО ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ ОД ШУМСКИ ПОЖАРИ".
Генерална цел е подобрување на Системот за управување со кризи и механизмите на Националната платформа за намалување на ризици од несреќи и катастрофи, преку

зајакнување на техничките и оперативните капацитети на клучните субјекти кои се инволвирани во мерките и активностите на превенција, рано предупредување и справување со шумски пожари и пожари на отворен простор.
На веб базираната апликација од MKFFIS (Macedonian Forest Fire Information System) развиена од страна на проектот може да се пристапи од страна на јавноста на следниот линк http://mkffis.cuk.gov.mk
Следејќи ги појавите кои се јавуваат во природните и новоподигнатите шумски насади од аспект на заштита на шумите и шумските култури, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, организира известувачко-дијагнозно прогнозна служба во шумарството (ИДП Служба) на Република Северна Македонија. За подобро функционирање на ИДП Службата, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство го има определено Шумарскиот факултет во Скопје - Катедра за заштита на шумите и дрвото, како центар на службата.
На крајот на секоја година, врз основа на податоците добиени од терен од сите субјекти кои стопанисуваат со шумите (без оглед на намената), сопствените согледувања од терен и резултатите од лабораториските анализи и испитувања, Центарот за ИДП Службата на крајот на годината изготвува детален извештај за присуството на штетни инсекти, растителни болести и други причинители на оштетувања во природните и новоподигнатите шумски насади за тековната година.
Согласно деталниот извештај, во текот на 2020 година здравствената состојба на шумите е на задоволително ниво, со некои исклучоци.
Во иглолисните шуми (природни и новоподигнати), закана за нормалниот развиток на црнборовите култури е боровиот четник од генерацијата 2020/2021 година на поедини локалитети во Битолскиот, Прилепскиот, Кумановскиот, Кривопаланечкиот, Скопскиот, Велешкиот, Неготинскиот, Кавадарешкиот, Светиниколскиот, Штипскиот, Кочанскиот, Виничкиот, Делчевскиот, Беровскиот и Пехчевскиот регион, заради високата бројност на неговите популации, на вкупна површина од околу 9.000 ха.
Од поткорници, најзагрозени се новоподигнатите насади од црн и бел бор, кои се евидентно присутни во 2020 година и тоа во регионите на Штип, Кочани, Македонска Каменица, Делчево, Виница, Велес, Неготино и Крива Паланка.
Загрижувачка е и појавата на голобрст од црвеникавата борова оса во црнборовите култури во Кумановскиот, Скопскиот, Светиниколскиот, Неготинскиот, Струмичкиот и Тетовскиот регион, каде во наредниот период треба да се преземат мерки за контрола
Во листопадните шуми состојбата е добра заради малата популациона застапеност на жолтомешката (Euproctis chrysorrhoea) и губарот (Lymantria dispar L.).
Останатите дефолијатори, како што се големиот и малиот мразовец (Erramis defoliaria и Operophtera brumata) и зелениот дабов свиткувач (Tortrix viridana), благодарение на природните непријатели кои извршија голема редукција на абуденцата на популациите на овие штетни дефолијатори се во рамките на нормалните граници.
Растителните болести се присутни со мал и среден интензитет и се едни од факторите за сушење на дабот, на питомиот костен (рак по кората), на боровите, за појавата на црвенило и опаѓање на игличите и гранките на боровите, сушење на елата и дивата фоја. Секако се врши мониторинг и на паразитските и полупаразитските растенија, со цел да се контролира нивната состојба на терен.
Според досега изнесеното се наметнува потребата ИДП Службата внимателно да ја следи состојбата на потенцијалните економски штетени инсекти и растителни болести во наредната 2021 година, кои се закануваат да ги загрозат природните и новоподигнатите шумски насади кај нас, за навремено преземање на мерки за превентивна заштита на шумите во Република Северна Македонија.

17.4 Ловство и ловен туризам

Република Северна Македонија го зафаќа централното подрачје на Балканскиот полуостров кое е испреплетено со речни долини, котлини и високи планини, кои достигнуваат до 2.800

м.н.в. и сето тоа овозможува услови за развивање и негување на ловот и ловниот туризам како профитабилна стопанска дејност. Покрај организациониот, човечкиот и физичкиот потенцијал, најзначајниот ресурс на ловниот туризам е приодниот потенцијал, односно ловниот дивеч (ситен, прелетен и крупен) и ловиштата (отворени и оградени).
Во Република Северна Македонија востановени се вкупно 266 ловишта, од кои 122 се за крупен и 144 за ситен дивеч. Од нив четири се државни ловишта за крупен дивеч: „Јасен", „Јасен I" – Скопје, „Лешница"-Тетово и „Полаки"-Кочани и две ловишта за ситен дивеч „Фазанерија" – Скопје и „Трубарево" – Скопје, кое е наменето за наставно - научни цели.
Што се однесува до сегашната понуда и побарувачка на дивечот во ловниот туризам може да се каже дека ловиштата во државава претставуваат одлична дестинација за поголем број странски гости, како за лов на ситен дивеч (еребица и миграторни видови), така и за лов на крупен дивеч (дивокоза, волк, погонски лов на диви свињи во отворени или во оградени ловишта), а посебно за лов на алохтони видови дивеч кои што во овој дел од Европа можат да се најдат само во ловиштата во Република Северна Македонија. Поради овој факт, постои голем интерес кај странските ловци-туристи за отстрел на критскиот козорог, други видови на диви кози и овци, елен аксис, сика елен и други алохтони видови.
Ловната туристичка понуда во ловиштата во Република Северна Македонија е единствена, зашто на ловците-туристи им нуди лов на десетина различни видови крупен дивеч на едно место, што постојат само кај нас. Понуда за отстрел на овие видови не постои во Европа во ниту една ловно-туристичка дестинација што на едно место може да понуди толкав број крупен и трофеен дивеч, како што го нудат ловиштата во Република Северна Македонија. Од видови на крупен, проретчен и редок дивеч низ целиот свет, во нашите ловишта покрај дивокозата, срната и дивата свиња, можат да се ловат и обичниот елен, еленот лопатар, муфлонот и ретките видови: сика елен, елен аксис, берберска овца-аудад, рацка овца, хималајски тар, критски козорог, фор хорн, фералд коза и други мошне атрактивни видови.
Освен тоа, ловиштата во Република Северна Македонија нудат и отстрел на ситен дивеч, вклучувајќи ги и миграторните видови, а нудат и отстрел на мошне атрактивните полски еребици, како редок дивеч во Европа, кој што исчезнал во другите автохтони хабитати. За врвните птичари во Европа, ловиштата во Република Северна Македонија што се уште имаат солидни популации на полска еребица, нудат одлични услови за обучување кучиња во пролет и на есен со т.н. „продажба на мирис". За овој вид туризам се заинтересирани одгледувачите на кучиња од Италија, Грција, Данска и многу други развиени кинолошки центри.

18. Управа за водостопанство

18.1 Закон за водостопанство

Со донесувањето на новиот Закон за водостопанство („Службен весник на РСМ" 51/2015) престанаа да важат Законот за водостопанствата и Законот за водните заедници. Со новиот Закон за водостопанство се централизира управувањето со системите за наводнување и одводнување преку формирање на АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост и подружници, односно постоечките водостопанства прераснаа во подружници. Со укинувањето на Законот за водни заедници, истите престанаа да постојат.

18.2 Хидромелиоративни системи за наводнување и одводнување

Системи за наводнување

Со Водостопанската основа е оценето дека од обработливата земјоделска површина од околу 577.000 ха, со изградените хидромелиоративни системи и доколку се изградат нови хидромелиоративни системи, реално може да се обезбеди наводнување на околу 400.000 ха, односно 69% од вкупната обработлива земјоделска површина.

Според техничката документација, врз основа на која се градени системите, беше предвидено да се обезбеди наводнување на 163.693 ха плодно земјиште, но изградените основни објекти (брани, акумулации, пумпни станици, магистрални канали и др.) во средно сушна година можат да обезбедат наводнување на 144. 894 ха земјоделско земјиште.

Според времето, динамиката, изворите на финансирање и другите услови за изградба, карактеристични се три периоди во изградбата на хидромелиоративните системи за наводнување и тоа: до 1958 година; од 1958 до 1975 и од 1975 година до денес. Со овие системи се обезбеди наводнување на 40.918 ха.

Во текот на сезоната за наводнување 2020 година, согласно податоците од АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост, Јавните претпријатија Стрежево, Лисиче и Злетовица, наводнувани се вкупно 23.020 ха земјоделски површини во рамки на системите за наводнување.

Табела 44. Преглед на наводнувани површини 2018-2020 година АД Водостопанство и Јавните претпријатија Стрежево, Лисиче и Злетовица

Региони/година	Подружница Тиквеш	Подружници Брегалница и Свети Николе	Подружница Прилепско Поле	Подружница Кумановско Липковско Поле	ЈВП Лисиче	ЈП Стрежево	Подружница Радовишко Поле	Подружница Јужен Вардар	Подружница Струмичко Поле	Подружница Скопско Поле	Подружници Полог, Тетово и гостивар	Подружница Црн Дрим	Подружница Берово	ЈПХС Злетовица	Вкупно во хектари
2018	5,669.8	6,168.9	750.0	261.7	122.2	3,981.3	372.6	511.7	1,130.1	160.0	209.9	228.9	4.7	262.5	19,834.3
2019	6,714.9	6,845.8	497.6	450.9	115.7	5,510.8	687.2	457.3	1,975.7	155.0	313.6	205.9	19.0	353.0	24,302.5
2020	5,980.2	7,238.8	558.8	524.8	110.6	5,319.0	570.8	225.1	1,526.5	0.0	373.4	207.6	15.0	370.0	23,020.6

Извор: Управа за водостопанство, 2021

Табела 45. Структура на наводнувани култури, 2018-2020

година /култура	Ориз	Луцерка	Тутун	Сончоглед	Пченка	Градинарски	Лозовинасади	Овошнинасади	Житарици	Фуражни	Други индустриски	Останати	Вкупно
2020	3,697.7	2,016.0	1,209.0	72.9	3,931.1	1,597.4	5,443.5	2,468.3	157.0	2,241.5	14.9	171.5	23,020.6
2019	3,727.5	1,823.0	1,004.8	21.0	3,841.0	1,799.4	6,441.3	2,717.0	57.3	2,817.8	10.8	41.3	24,302.5
2018	3,594.8	1,610.8	958.7	18.8	2,087.7	1,536.8	5,041.9	2,197.6	39.9	2,293.1	354.4	99.9	19,834.3

Извор: Управа за водостопанство, 2021

График 10

Извор: Управа за водостопанство, 2021 година

График 11



МЗШВ: Управа за водостопанство, 2021 година

Системи за одводнување

Во Република Северна Македонија хидромелиоративните системи за одводнување се градени заради заштита и одводнување на земјоделски, комунални и други земјишта и заради уредување на режимот на водите, заштита на населби, сообраќајници и друго.
Со системите за одводнување се опфатени 82.195 ха. Изградбата на овие системи е во два периода. Во првиот период до 1958 година изградени се 1.052 ха системи за одводнување, а во вториот период од 1958 година до денес изградени се 81.143 ха или вкупно 82.195 ха. Во "Скопско Поле" со системите за одводнување се одводнуваат 6.600 ха, во "Пелагонија" 30.000 ха, во "Струшко Поле" 2.680 ха, во "Струмичко Поле" 9.000 ха, во "Кочанско Поле" 6.000 ха, во "Овче Поле" 1.700 ха и во "Преспанско Поле" 1.800 ха.

18.3. Тековни капитални проекти во водостопанството

Согласно Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 307/20) донесена е Програмата за водостопанство за 2021 година (Службен Весник на Република Северна Македонија бр.17/2021, 68/2021 и 102/21). Со Програмата за водостопанство за 2021 година се утврдуваат намените за користење на средствата за реализирани работи во 2021 година, односно средствата се наменет за изградба, реконструкција, експропријација и пренамена на земјиште, набавка и одржување на основните водостопански објекти за наводнување и одводнување и надзор над изведбата, изготвување на елаборати, студии и техничка документација за реконструкција и рехабилитација на инфраструктурата во системите за наводнување и одводнување, обврски по започнати и недовршени работи по веќе склучени договори од претходни години за изградба и надзор над изградбата на Брана Конско, Брана Речани со придружни објекти и Главен довод од ХС Равен – Речица и обврски за експропријација и пренамена на земјиште опфатено со изградба на Брана Конско, Брана Речани со придружни објекти и Главен довод од ХС Равен – Речица, како и обврската за приклучување на дистрибутивна мрежа за електрична енергија на пумпна станица Градец, пумпна станица Удово, пумпна станица Пирава 1, пумпна станица Пирава 2 и пумпна станица Јосифово, опфатени согласно Проектот за наводнување на јужната долина на Река Вардар – втора фаза систем за наводнување Валандово.

Корисник на средствата од Програмата за водостопанство за 2021 година се Управата за водостопанство и АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост.

Капитални проекти:

ХС "Лисиче" Со изградбата на брана Лисиче се реши водоснабдувањето на населението во градот Велес и на околните села што гравитираат на системот, како и снабдувањето на индустријата со технолошка вода. Втората фаза од овој проект подразбира изградба на систем за наводнување на 4,100 ха, а во тек се активности за подготовка на техничка документација.

ХС "Злетовица". Со реализација на првата фаза од проектот, односно со изградбата на брана Кнежево се реши проблемот со водоснабдување на преку 100.000 жители кои живеат во општините Пробиштип, Штип, Свети Николе, Кратово, Карбинци и Лозово, како и со водоснабдувањето на индустријата во тие општини.

Наводнување на Јужната долина на Вардар. Со реализација на првата фаза од овој Проект се изградија системи за наводнување со вкупна површина од 2,932 ха во регионите на Гевгелија, Валандово и Богданци, односно во с.Миравци со површина од 570 ха, с.Удово со површина од 605 ха, с.Негорци со површина од 630 ха и с.Пољурци со површина од 1,127 ха. Во завршна фаза е реализацијата на активностите од втората фаза на Пректот која опфаќа изградба на системот за наводнување Валандово во рамки на атарите на селата Удово, Јосифово и Пирава и ќе покрива територија од 2,050 хектари.

Брана Конско. Водата во акумулацијата Конско ќе се користи за водоснабдување на населението на градот Гевгелија и околните населби, наводнување на земјоделски површини во гевгелиско – валандовско - богданскиот регион од околу 4,200 ха систем за наводнување капка по капка, производство на електрична енергија и обезбедување на дополнителни количини на вода за хидро системот "Спас на Дојранско езеро", кои се претходно усогласени со можностите на системот. Изградбата на браната е во тек и активностите се реализираат со предвидената динамика.

Брана на Оризарска река. Со изградба на брана на река Оризарска, водата од акумулацијата се предвидува да се користи за водоснабдување на населението преку регионалните водоснабдителни системи на Кочани и Виница, за наводнување на земјоделски површини во Кочанско Поле од околу 1.500 ха како и за производство на електрична енергија преку изградба на две хидроцентрали. Изградбата на браната е во тек и активностите се реализираат со предвидената динамика.

ХМС Равен – Речица, Полог. Со изградбата на ХМС Равен – Речица во регионот на Полог – Гостивар ќе се овозможи наводнување на околу 6.000 ха земјоделски површини кои до сега

немале можност да бидат наводнувани или се наводнувале делумно. Со проектот се гради зафат на реката Вардар кај село Равен, возводно од Гостивар, а водата ќе се доведува преку главен доводен канал со должина од 26 км и мрежа за наводнување. Изградбата на системот е во тек и активностите се реализираат со предвидената динамика.
Брана на река Слупчанска. Со изградба на брана на река Слупчанска се планира да се обезбедат дополнителни количини на вода во вкупниот хидро систем систем Глажња - Липково за водоснабдување на населението во општините Куманово и Липково, наводнување на постојните околу 6.500 ха земјоделски површини и обезбедување на вода за нови околу 1.300 ха. Во текот на оваа година се заврши со изработка на техничката документација за изградба на брана на Река Слупчанска.
Програма за наводнување на Република Северна Македонија. Целта на оваа програма е одржливо зголемување на земјоделското производство и продуктивност преку подобрена достапност и ефикасно користење на водните ресурси во рамки на четири системи за наводнување во кои ќе се интервенира (ХС Конско, ХС Пепелиште, ХС Лисиче и ХС Јужен Вардар – трета фаза). Се очекува имплементацијата на програмата да биде во рамки на 72 месеци во периодот од 2021 – 2025 година.

19. Управа за хидрометеоролошки работи

19.1 Климатски подрачја во Република Северна Македонија

Поаѓајки од искуствата на повеќето климатски класификации и адекватниот пристап за територијата на Република Северна Македонија ги разликуваме следните похомогени климатски подрачја [3]

- Субмедитеранско подрачје (50 – 500 м)
- Умерено – континентално – субмедитеранско подрачје (до 600 м)
- Топло континентално подрачје (600 – 900 м)
- Ладно континентално подрачје (900 – 1100 м)
- Подгорско – континентално – планинско подрачје (1100 – 1300)
- Горско – континентално планинско подрачје (1300 – 1650 м)
- Субалпско планинско подрачје (1650 – 2250 м)
- Алпско планинско подрачје (под 2250 м)

Субмедитеранското подрачје зафаќа мали површини кои се целосно земјоделски. Ограничено е на најјужниот дел на Вардарската Долина (Гевгелиско – Валандовскиот регион до Демир Капија), потоа во Дојранско и југозападниот дел на Струмичко, а се карактеризира со најблагопријатни климатски и педолошки услови за производство на раноградинарски култури, производство на винова лоза, овошни култури и др.
Континенталното – субмедитеранското подрачје. Заедно со првата зона, континенталното – субмедитеранското подрачје зафаќа површина од 897.000 ха или 34,9 % од територијата на Република Северна Македонија. Се простира во деловите покрај Повардарието, од Демир Капија се до северната граница (Демиркаписко, дел од Тиквеш, Велешка и Скопска котлина), помали делови околу реката Пчиња, деловите околу долното и средното течение на Црна река, Брегалница и нејзините притоки. Се карактеризира со студени и влажни зими и топли, сушни лета каде што постојат поволни климатски и почвени услови за земјоделско производство.
Топлото коонтиненталното подрачје зафаќа површина од околу 704.000 ха или 27,4 % од површината од нашата земја. Се простира на деловите од Полошката, Кичевската, Дебарската, Струшката, Охридската и Преспанската котлина како и Пелагонија. Претставува преоден регион меѓу медитеранската и континенталната клима, односно подрачје каде доминира топлата континентална клима со слабо влијаните на медитеранот (што се манифестира преку медитеранскиот плувиометриски режим). Тоа се подрачја каде што се застапени житните култури, овошките и виновата лоза.

Ладното континентално подрачје зафаќа површина од 342.000 ха или 13,3 % од површината на државата, и тоа во суштина е понискиот дел од планините, каде рељефот е планински со геолошки супстрат од компактни карпи. Според климатските показатели ова подрачје е постудено и повлажно од предходното во кое доминира студената континентална клима со извесно влијание на планинската клима.
Подгорско континенталното планинско подрачје зафаќа површина од 250.000 ха или 9,7 %. Ова е подрачје на климазоналната заедница на буковата шума.
Горско континентално планинско подрачје зафаќа површина од 10,4 % или 269.000 ха. Тоа е подрачје на горска букова шума, распространета на целата површина од Република Северна Македонија, каде релјефот е исклучително планиски.
Субалпско планинско подрачје со површина од 97.000 ха или 3,8 % од површината на земјата со широка распространетост на неколку шумски заедници и тоа претежно четинари (ела, смрча, молика и кривуљ).
Алпско планинско подрачје се протега на височини над 2.250 м. и има површина од 13.000 ха или 0,5%, и овде нема шумски растителни заедници. Тоа е подрачје на високопланински тревни заедници и тоа на планините: Кожуф, Ниџе, Баба, Дешат, Кораб, Шар планина и Јакупица. Врнежите од дожд во овие региони варираат меѓу 500 и 800 мм.

19.2 Агрометеоролошка анализа на временските услови во Република Северна Македонија во периодот јануари-декември 2020 година

Анализата на влијанието на временската состојба врз земјоделските култури во производната 2020 година, е направена врз основа на податоци од оригиналната документација на Управата за хидрометеоролошки работи. Во агрометеоролошката анализа се опфатени 8 станици, распоредени во различни климатолошки региони во Републиката, при што се опфатени подрачја со медитеранска и изменето медитеранска клима (Гевгелија, Струмица, Демир Капија и Скопје), како и подрачја со континентална клима (Прилеп, Битола и Штип) и изменето планинска клима, реонот на Берово.
Производната 2020 година започна со снежна покривка само на повисоките планини и со минимални температури на воздухот вообичаени за овој период од годината, при што насекаде во јануари месец имавме средномесечна минимална температура со негативни вредности,
Малите количества на врнежи во текот на месец јануари и ноември, и пониските вредности во некои од останатите месеци, допринесуваат и за негативни вредности на крајните годишни суми, односно помалку врнежи во однос на просечните 30-годишни вредности, особено во Гевгелија и Берово.
Ваквите временски услови без снежна покривка во пониските делови, особено, земјоделските површини се одржуваат се до третата декада од март месец, кога се забележани невообичаено, врнежи од снег, но и од дожд на повеќето места каде истите беа надпросечни и во голема мера ја подобрија влагата во почвата но и на вкупната годишна сума на врнежи.
Слични или исти снежни врнежи се јавуваат и во почетокот на април месец, што дополнително ја влошува состојбата со земјоделските култури, кои, особено овошките кои се наоѓаа во понапредни фази од развојот, како што е и заметнат плод, па така дел од овие површини беа зафатени со касни пролетни мразеви кои го редуцираа приносот, особено кај раните сорти и видови на коскести овошки.
Надпросечните врнежи во април и мај ја отежнаа проелтната сеидба поради големото количество на влага во почвата, но и на расадувањето на тутунот и на градинарските култури, актуелни за овој период од годината.
Годишните суми на врнежи покажуваат надпросечни вредности на сите места земени во анализата, со исклучок на Гевгелија и Берово каде истите се помали за 149 л/м^2, односно 81 л/м^2. Просечни, или многу блиски до просечните се забележани во Струмица каде отстапувањата се само 8 л/м^2.

Позитивните отстапувања се движат од 17 до 99 л/м², што покажува дека сепак се работи за влажна година, но со нерамномерен распоред на врнежите, каде почетокот на годината е сушен период, но изразит по сушата е и месец ноември во времето на сеидба на есенските житни култури, каде процесите на сеидба и поникнување се вршеше во сушни услови, каде поникнувањето беше отежнато.

Средномесечните температури на воздухот сумирани на годишно ниво и споредени со многугодишниот просек се повисоки најчесто за околу 1 °C, што не претставува ништо, и не е некој показател дека во оваа производна година се случувало нешто невообичаено во однос на температурите, споредени со предходните години.

Слична е состојбата и кај средномесечните максимални температури каде овие отстапувања се движат од 1,3 до 2,4 °C, повисоки во однос на просечните, што е состојба која последниве години е вообичаена, а тоа покажува и е показател на постепено загревање.

Доколку го земем во предвид и зголеменото ниво на минималните температури, но со помали вредности, оваа слика се надополнува.

Зголемените средномесечни температури и максималните температури на воздухот доведуваат и до намалување на релативната влажност на воздухот на годишно ниво од 1 до 5 %, со исклучок на Демир Капија каде вредностите се исти со просечните.

Врнежите од дожд во втората половина од мај месец и оние во текот на јуну месец, се чини дека ја спасија есенската сеидба, која беше во крајно лоша состојба, па така за краток период и во вистинско време врнежите допринесоа за развој на посевите кои резултираа со добри приноси.

Стабилизацијата на времето во текот на третата декада од јуни и скоро цел јули месец допринесе за успешно изведување на жетвата, иако со закаснување, сепак приносите беа на нивото, што скептицизмот на земјоделските производители го стави во втор план.

Исклучително врнежливиот август месец ги надополни резервите на вода во почвата изгубени во изминатиот период, така што скоро на сите мерни места имавме вкупни месечни суми над 100 л/м², со исклучок на Гевгелија каде беа 82 л/м², што беше и како надополнување на причината за помалите вкупни врнежи на годишно ниво во тој регион.

Периодите без врнежи во текот на октомври месец и оние во текот на ноември месец допринесоа за успешно изведување на сеидбата за следната производна реколта, а врнежите од дожд кон крајот на декември месец, иако закаснето, сепак допринесоа за поникнување на покасно посеаните површини, за навлегување во зимата во услови за презимување во такви понапредни фази.

Временските услови, погледнати на годишно ниво во двете последователни години, а тоа се 2019 и 2020 се многу слични, со сушни зими, без врнежи од снег и со задоцнета зима во пролет, со касни пролетни мразеви, што наведува на податокот дека сепак нешто се случува со климата над нашето поднебје, што треба, но и предизвикува внимание кај стручните лица и кај агрометеоролозите посебно.

Генералната оценка за 2020 година сепак е позитивна, со добри приноси кај житните култури, проретчени но просечни приноси кај овошките и виновата лоза, квалитетн род на грозјето што треба и резултира со квалитетни вина.

Во продолжение даден е табеларниот приказ на параметрите кои се земени во анализата за секоја метеоролошка станица посебно.

Табела 1: Средномесечна температура на воздухот (°C)

Период: 2020 година

Метеоролошка станица	I	II	III	IV	V	VI	VII	VIII	IX	X	XI	XII	просек	1981/2010	отстап.
Гевгелија	5.4	8.2	9.9	13.2	19.6	23.7	27.1	25.9	23.2	16.8	9.8	8.6	16.0	14.8	1.2
Битола	0.9	4.4	7.6	10.9	16.6	20.6	22.7	22.0	19.3	13.4	5.9	5.8	12.5	11.4	1.1
Демир Капија	2.6	7.0	9.5	13.0	18.5	22.5	25.9	24.3	22.1	15.3	7.2	7.9	14.6	13.8	0.8
Струмица	1.9	6.0	8.5	12.7	17.9	22.1	25.4	23.9	21.3	14.3	6.4	7.5	14.0	12.9	1.1
Прилеп	1.1	4.7	7.0	10.7	16.2	19.6	22.7	21.9	19.1	13.1	6.8	5.6	12.4	11.5	0.9
Скопје	2.0	6.0	8.6	12.6	17.4	21.3	24.8	23.7	21.4	14.0	7.4	5.8	13.8	12.8	1.0

Берово	1.8	6.2	8.4	12.7	17.8	21.5	25.1	23.9	21.8	14.8	7.1	7.4	14.0	13.0	1.0
Штип	-0.8	2.2	4.8	8.1	13.4	16.6	19.8	19.0	15.9	10.3	3.5	5.0	9.8	8.5	1.3

Табела 2: Средномесечна максимална температура на воздухот (°C)

Период: 2020 година

Метеоролошка станица	I	II	III	IV	V	VI	VII	VIII	IX	X	XI	XII	просек	1981/2010	отстап.
Гевгелија	12.0	16.1	16.9	21.1	27.1	30.9	34.7	33.6	31.6	25.1	18.6	13.2	23.4	21.2	2.2
Битола	6.7	12.0	13.9	17.6	24.1	27.4	30.2	29.8	27.5	21.8	14.5	9.1	19.6	17.4	2.2
Демир Капија	7.7	14.1	15.8	20.2	25.6	29.7	33.8	31.9	29.6	22.2	14.6	11.2	21.3	19.9	1.4
Струмица	8.3	14.6	15.8	20.3	25.4	28.9	32.8	31.8	29.8	23.0	15.8	11.5	21.5	19.4	2.1
Прилеп	6.0	11.3	12.9	16.6	22.9	26.4	29.7	28.6	26.1	20.5	13.8	8.8	18.6	17.3	1.3
Скопје	7.2	13.0	14.8	19.6	24.5	28.4	32.6	31.4	29.4	21.2	13.5	9.2	20.4	18.5	1.9
Берово	6.6	13.2	14.4	18.9	24.1	28.0	32.1	30.8	28.6	21.2	14.2	10.5	20.2	18.9	1.3
Штип	7.3	10.5	12.2	16.0	21.2	23.1	27.8	27.4	25.5	19.2	13.5	9.7	17.8	15.4	2.4

Табела 3: Средномесечна минимална температура на воздухот (°C)

Период: 2020 година

Метеоролошка станица	I	II	III	IV	V	VI	VII	VIII	IX	X	XI	XII	просек	1981/2010	отстап.
Гевгелија	0.6	2.1	4.3	5.8	12.5	16.3	19.8	19.4	16.4	10.9	3.9	4.8	9.7	9.0	0.7
Битола	-3.3	-1.5	2.6	3.9	8.8	12.6	15.0	15.2	12.3	6.9	-0.1	2.9	6.3	5.3	1.0
Демир Капија	-1.9	0.6	3.8	5.3	11.6	14.8	18.0	17.6	14.7	9.1	1.3	4.5	8.3	7.8	0.5
Струмица	-2.7	-0.8	2.6	4.7	9.6	14.2	16.7	16.9	13.4	7.3	-0.3	3.5	7.1	6.6	0.5
Прилеп	-2.9	-0.5	2.4	4.8	9.6	12.7	15.8	16.0	13.1	7.3	1.7	2.7	6.9	6.2	0.7
Скопје	-1.9	0.6	3.7	6.0	11.4	14.9	18.0	17.6	15.2	8.9	2.7	2.9	8.3	7.5	0.8
Берово	-2.8	0.2	3.3	5.2	10.9	15.2	17.3	17.3	14.7	8.8	1.3	3.7	7.9	7.5	0.4
Штип	-6.7	-3.8	-0.5	0.5	6.0	9.6	11.4	11.8	7.7	3.6	-3.3	1.2	3.1	2.5	0.6

Табела 4: Месечна сума на врнежи (mm)

Период: 2020 година

Метеоролошка станица	I	II	III	IV	V	VI	VII	VIII	IX	X	XI	XII	∑	1981/2010	отстап.
Гевгелија	3.2	15.9	106.7	91.9	26.3	43.3	21.8	82.0	22.3	16.9	0.5	98.5	529.3	678.6	-149.3
Битола	11.0	52.2	79.9	99.3	40.4	18.5	108.3	117.0	23.8	42.5	2.1	54.7	649.7	619.9	29.8
Демир Капија	9.3	51.9	110.1	113.8	20.5	40.4	18.0	185.4	9.7	20.2	2.1	72.8	654.2	554.8	99.4
Струмица	11.6	27.8	115.5	82.6	28.2	27.5	19.1	147.8	43.2	24.4	2.0	42.4	572.1	564.4	7.7
Прилеп	13.1	44.2	81.0	79.0	19.6	9.7	33.4	174.2	22.8	39.6	2.0	48.8	567.4	510.1	57.3
Скопје	18.3	26.4	67.7	76.7	24.8	45.3	26.5	117.5	24.5	43.4	0.9	30.6	502.6	478.6	24.0
Берово	8.6	21.6	80.8	74.0	12.1	21.7	32.4	121.9	18.2	29.2	2.2	47.6	470.3	551.1	-80.8
Штип	18.6	43.7	108.1	77.2	37.5	59.3	18.1	101.8	29.9	36.8	4.1	68.5	603.6	586.3	17.3

Табела 5: Средномесечна релативна влажност на воздухот (%)

Период: 2020година

Метеоролошка станица	I	II	III	IV	V	VI	VII	VIII	IX	X	XI	XII	просек	1981/2010	отстап.
Гевгелија	56	58	68	63	53	54	50	58	56	65	66	82	61	66	-5
Битола	76	69	69	62	59	55	59	66	61	69	76	85	67	68	-1
Демир Капија	72	65	68	63	58	58	52	66	61	70	76	80	66	66	0
Струмица	74	67	73	62	60	58	54	66	63	71	76	83	67	72	-5
Прилеп	74	68	70	59	55	55	53	62	61	68	73	83	65	68	-3
Скопје	71	64	65	57	60	59	53	65	58	73	74	82	65	67	-2
Берово	72	66	69	59	58	58	53	63	57	69	73	81	65	67	-2
Штип	75	74	78	69	70	73	66	73	69	75	77	83	73	74	-1

20.Образование, наука и трансфер на знаење

20.1 Земјоделски средни училишта

Земјоделските, ветеринарните, прехранбените, шумарските и дрво преработувачките насоки се присутни во државните средни училишта. Најголемиот број на ученици кои посетуваат настава во средните земјоделски училишта се од руралните средини.

20.2 Високо образование во земјоделството

Македонскиот систем за земјоделско високо образование вклучува неколку образовни институции: Факултет за земјоделски науки и храна-Скопје, Факултет за ветеринарна медицина-Скопје, Шумарски факултет -Скопје (сите во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје); Факултет за биотехнички науки – Битола (во состав на Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола); Земјоделски Факултет (во состав на Универзитетот „Гоце Делчев" од Штип) и Факултетот за прехранбена технологија и исхрана (во состав на Тетовскиот државен универзитет).

Системот на развој вклучува соработка со образовни институции од аспект на зајакнување на студиската програма, размена на студенти, стипендирање на домашни студенти за понатамошно образование во странство, итн.

Образовните активности на факултетите, главно се финансирани преку Министерството за образование и наука и делумно од сопствени приходи. Овие промени треба да го обезбедат потребниот број на нови специјализирани професионалци, потребни во активностите на индивидуалните фарми, малите и средните претпријатија од индустријата за храна, како и за научно-истражувачка работа во специјализирани институции.

Најголем дел од запишаните студенти, студираат на државниот универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а потоа на Земјоделски факултет во Штип и Универзитетите во Битола.

20.3 Наука и истражување

Согласно општествените и економските промени, ставен е приоритет на развој на производствен модел за подобрување на количеството и квалитетот на земјоделското производство.

Покрај научно-истражувачката работа во рамките на факултетите, институции за истражување и развој, кои исто така спроведуваат истражувања за поддршка на развојот на земјоделството и шумарството, се следниве: Земјоделски институт, Институт за сточарство (интегриран со Факултетот за ветеринарна медицина) во Скопје, Институт за тутун во Прилеп и Хидро биолошкиот Институт во Охрид.

Сите јавни истражувачки активности, вклучувајќи и земјоделство, се финансираат преку Министерството за образование и наука, при што покрај платите на лицата со научни титули, по пат на јавен конкурс се финансираат и програмите за научно-истражувачка дејност.

Земјоделскиот институт главно, остварува четири дејности: научно-истражувачка, образовна, издавачка и апликативна дејност. Научно-истражувачката работа е насочена кон изнаоѓање техничко-технолошки решенија и кон нивна апликација во производството. Добиените сознанија за генетската варијабилност на домашните популации и интродуираните сорти од поважните поледелски, градинарски, лозови и овошни видови, овозможуваат научно-истражувачката работа да биде насочена кон создавање нови повисокоприносни и поквалитетни генотипови од целокупното земјоделско растително производство.

Институтот за сточарство има развиено електронско означување и систем на следливост и за да се прошири оваа активност даден е предлог да се формира централна канцеларија со комјутери и оператори на бази на податоци за да ги внесуваат деталите на редовна неделна основа за секоја фарма.

Ветеринарен институт и Факултет за ветеринарна медицина- ветеринарни лаборатории - согласно Законот за ветеринарно здравство, лабораториите кои му припаѓаат на Факултетот за ветеринарна медицина (ФВМ) работат како национална назначена лабораторија за спроведување лабораториски анализи од службени контроли на Управата за ветеринарство.. Анализите се вршат во следните лаборатории: Институт за храна - (Лабораторија за

микробиологија на храна, Лабораторија за квалитет за храна, Лабораторија за резидуи и контаминенти, лабораторија за контрола на квалитет на млеко) и Ветеринарен Институт (лабораторија за серологија, лабораторија за ТСЕ) од страна на соодветно обучен персонал. Лабораториите целосно се реконструирани и добро опремени со калибрирана опрема и контролирана средина. Бројот на вработени што ги вршат испитувањата според акредитираните методи во досегашните услови е доволен. Во иднина, според потребите нивниот број ќе биде зголемен. Континуитетот на системот за квалитет е обезбеден преку регуларна внатрешна и надворешна ревизија. Имплементацијата на стандардот МКС ISO/IEC 17025:2006 и акредитацијата на ФВМС претставува гаранција за клиентите дека резултатите од испитувањата се веродостојни и според последните национални и интернационални стандарди и прописи.

Научен Институт за тутун - Прилеп, како еден од најстарите институти на Балканот (87 години постоење) преку својата научно-истражувачка и апликативна дејност во сите сегменти на производството, преработката и одржување на сортноста и квалитетот на ситнолисниот ароматичен тутун од ориентален тип, допринесува тутунот да биде водечки земјоделски производ во извозот на Република Северна Македонија. Институтот располага со сопствено опитно поле за производство на сортно семе, оранжерија, комплетна лабораторија, метеоролошка станица и библиотека.

20.4 Советодавни и консултативни услуги

За разлика од порано кога советодавните услуги во земјоделскиот сектор беа главно во надлежност на институциите од јавниот сектор, како што е Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството (АПРЗ) и научно-истражувачките институции, моментно различни категории на обезбедувачи на совети во земјоделството го заземаат своето место во советодавните услуги во земјата. Во услови на ограничени буџетски средства кај јавните институции, субјектите од индивидуалните стопанства, здруженијата на земјоделци и меѓународните донаторски организации, иако сè уште со ограничен обем на понуда на услуги, недоволно диверзифицирани методи и целни групи и лимитирани ефекти во задоволувањето на потребата за совети, сè повеќе се наметнуваат како значаен фактор во советодавната дејност.

21. Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството (АПРЗ)

Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, како национален советодавен сервис, има широк спектар на услуги кои преку разновидни активности обезбедува неопходни информации, совети, обуки, консултации, поддршка и помош потребни за земјоделските производители и останатите чинители во руралните средини, со цел олеснување и развој на нивните технички, организациски и управувачки вештини и практики за подобрување на нивната економија и животен стандард.

21.1 Реализација на Програми

АПРЗ преку системот на давање на советодавни услуги на ЗС, овозможува трансфер на знаења и информации, како и нивна примена во насока на подобрување на квалитетот и квантитетот на земјоделското производство со економска оправданост, конкурентност на пазарите.

Вкупно дадени советодавни услуги (совет/информации/административна поддршка) на 14.445 ЗС од кои:

- мажи: 12.553 земјоделски стопанства (87%)
- жени: 1.892 земјоделски стопанства (13%)
- При теренски активности биле реализирани вкупно 89.053 км.
- Месечен просек 7.421 км.
- Просечно 86 км советодавец/месечно

Потпрограма 1: Подобрени знаења и вештини на земјоделците за растително и сточарско производство

Активностите за реализација на оваа потпрограма особено се насочени кон зголемување на конкурентната и продуктивноста на земјоделските стопанства преку обезбедување квалитетни советодавни услуги за зголемен принос и квалитет на земјоделските производи, како и заштита на животната средина преку правилна примена на добри земјоделски практики.
Совети по специјалност добиле 3.496 земјоделски стопанства од кои:

- Совети од растително производство добиле 2.783 земјоделски стопанства од 56 советодавци, од кои:
  - информации на 105 земјоделски стопанства и
  - совети на 2.678 земјоделски стопанства.

- Совети од сточарско производство добиле 713 земјоделски стопанства од 26 советодавци, од кои:
  - информации на 65 земјоделски стопанства и
  - совети на 648 земјоделски стопанства.

Потпрограма 2: Воведување и спроведување на вкрстената сообразност во земјоделските активности кај земјоделски стопанства во руралните средини

Земјоделските производители кои користат средства од мерките согласно Програмата за финансиска поддршка во земјоделството, при своите земјоделски активности треба да исполнат посебни минимални услови за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина. За таа цел АПРЗ обезбедува советување и информирање на земјоделски стопанства за вкрстена сообразност.

- Советодавни услуги за вкрстена сообразност добиле 929 земјоделски стопанства од 86 советодавци, од кои:
  - информации на 285 земјоделски стопанства и
  - совети на 644 земјоделски стопанства.

Согласно доставен список од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој за неисполнување на условите за Добра земјоделска пракса и Заштита на животна средина извршена едукација на 195 земјоделски стопанства.

Потпрограма 3: Имплементација на систем за е-советодавни услуги и информирање
Системот за електронско советување и информирање е исто така значаен сегмент со кој АПРЗ своите услуги ги обезбедува виртуелно и на далечина.
Информирање по пат на СМС пораки е една од алатките која АПРЗ ја користи за пренесување на значајни информации до земјоделците кои се пријавиле во системот за добивање на ваква услуга. Секоја година во системот за добивање на СМС пораки се евидентира бројот на корисници кои добиваат навремени информации од нивни интерес. Најчесто информациите се однесуваат за објавените јавни повици за користење на финансиска поддршка, одржување на разни едукативни средби и трибини, крајни рокови, исполнување на услови, дополнување на документи и други корисни информации.
ВЕБ страната www.agencija.gov.mk, овозможува слободен пристап до пишани и видео материјали за едукација и информирање на земјоделците за технологијата на производство (подготовка на земјата, примена на агротехнички мерки, заштита на производството), активности кои се спроведуваат по бербата, маркетинг и пласман на земјоделски производи. Покрај агро-технички совети, страницата обезбедува и информации за цените на земјоделските производи, најнови вести, временска прогноза и други корисни содржини.

- Евидентирани 500 нови земјоделски стопанства во базата на податоци.
- На веб страната објавени се 27 информации и 1 советодавен материјал.
- Посетеноста на веб страната е зголемена за 10%.

Потпрограма 4: Поддршка во реализација на ЕУ и владините програми (ИПАРД, Програма за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој)
АПРЗ дава целосна консултантска и административна услуга во подготовка на апликативни барања за користење на финансиска поддршка за мерките од Програмата за финансиска поддршка во руралниот развој, ИПАРД програмата, јавните повици за закуп на државно земјоделско земјиште, како и сите останати јавни повици кои се објавуваат од страна на МЗШВ и АФПЗРР.
Вкупно обезбедени советодавни услуги за поддршка во мерките за финансиска поддршка на 9.648 корисници од кои:

- Обезбедени советодавни услуги за Програмата за рурален развој на 2.675 корисници од кои:
  - Информирани 2.288 корисници,
  - Обезбедена техничко-административна поддршка на 387 корисници.

- Обезбедени советодавни услуги за ИПАРД на 4.173 корисници:
  - Информирани 3.141 корисници,
  - Обезбедена техничко-административна поддршка на 1.032 корисници.

- Обезбедени советодавни услуги за други јавни повици на 2.800 корисници:
  - Информирани 1.599 корисници,
  - Обезбедена техничко-административна поддршка на 1.201 корисници.

Потпрограма 5: Поголема застапеност на родовата рамноправност на жените во руралните средини

- Реализирани 7 информативни средби со опфат на 13 жени.
- Реализирани 2 обуки за едукација на групи жени.

Програма: ФАДН (Мрежа на сметководствени податоци од земјоделски стопанства)

Оваа програма се реализира во функција на овозможување на спроведување на годишно истражување за структурата, производството, приходите и расходите кај земјоделските стопанства согласно Законот за воспоставување мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства.

Потпрограма 1: Обезбедување на соодветни информации за економските параметри од земјоделските стопанства

Согласно Закон, редовно се врши систематско следење и вреднување на производните, економските и финансиските резултати кај земјоделските стопанства, при што се прибираат соодветните податоци.

- Прибрани се податоци од 774 земјоделски стопанства, кој број е утврден согласно Годишниот договор со МЗШВ.

Потпрограма 2: Обработка на информациите за економските параметри од земјоделските стопанства
Во понатамошната обработка на податоците се врши утврдување и анализа на економските параметри и висината на приходот на земјоделските стопанства и истите се внесуваат во соодветен софтвер.

- На почетокот на 2020 година внесени се податоците прибрани во 2019 година од 715 земјоделски стопанства.